РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

ISSN-1857-9779

БИЛТЕН

НА

УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

Број 1222

Скопје, 15 септември 2020 година

Издание на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

Бул. „Гоце Делчев“ бр. 9, 1000 Скопје

ПРВИОТ БРОЈ НА БИЛТЕНОТ Е ОБЈАВЕН ВО МАЈ 1957 ГОДИНА

Уредник на издавачката дејност на УКИМ:
проф. д-р Никола ЈАНКУЛОВСКИ, ректор

Уредник на Билтенот:
Илија Богоевски

Лектор:
Весна Илиевска-Цветановска

Бр. _____
5.8.2013
Скопје

Предмет*: Материјали за Билтенот за објавување на интернет страницата на УКиМ*

Согласно член 132, став 5 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ” бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011 и 123/2012), на интернет страницата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, од бројот 1059 од 15 август 2013 година, ќе се објавуваат:

- рефератите за избор во наставно-научни, научни и соработнички звања;
- рецензиите за подобност на темата и оспособеноста на кандидатот за вршење научна работа;
- прегледите на одобрените докторски дисертации, прифатените магистерски и специјалистички теми;
- рецензиите на учебници и учебни помагала, како и
- рефератите за доделување на звањето почесен професор и титулата почесен доктор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“.

По објавување на материјалите на интернет страницата, факултетите и институтите за своите потреби, истите треба да ги отпечатат во материјална форма за да можат да ги достават на членовите на наставно-научниот, односно научниот совет. Поради тоа, потребно е сите материјали што се предвидени за објавување во Билтенот на Универзитетот, благовремено да ги доставувате во електронска форма. Поради усогласеност и униформност на текстовите потребно е материјалите за објавување да се доставуваат како Microsoft Word 2003 документи во кои исклучиво ќе се користи системскиот фонт Georgia. Овој фонт содржи богато множество на кирилични (македонски, српски, руски), латинични (со различни видови на надредени знаци), грчки и други знаци. Варијанта на овој фонт со коригирани знаци во италик формата за македонските букви ‘д’, ‘п’, ‘т’, ‘г’ може да се најде интернет страницата на УКиМ, во делот **Документи** -> **Билтен на Универзитетот**. Исто така, таму може да се најде софтверско решение со кое може да се испрограмира тастатурата на персонален сметач при притискање на копчето ‘’’ и копчињата ‘е’ и ‘и’ во македонска поддршка да се добијат знаците ‘ѐ’, и ‘ѝ’ соодветно.

Поради запазување на роковите за објавување на материјалите во Билтенот, но и на интернет страницата, ве молиме, рефератите, откако ќе бидат лекторирани, да ги доставите во оригинална верзија (лекторирана со потписите), а електронската верзија со внесените корекции да ја доставите на е-адресата: ***bilten@ukim.edu.mk***.

Неблаговремено доставените материјали и оние кои нема да бидат напишани согласно упатството нема да бидат објавени во тој број,туку ќе бидат поместени за објавување во наредниот број од Билтенот, односно откако ќе биде добиена бараната верзија.

Ви благодариме за соработката.

Со почит,

УКИМ - Ректорат

Изготвил:Т.Б.
Одобрил:К.М.

СОДРЖИНА НА БИЛТЕН БРОЈ 1222 ОД 15.9.2020 ГОДИНА

АРХИТЕКТОНСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања по групата предмети од областа архитектонско проектирање и дизајн на Институтот за архитектонско проектирање при Архитектонскиот факултет во Скопје (**доц. д-р Горан Мицковски**).....6-17

ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Ерсин Тахир, Анета Насева, Филип Пеовски, Магдалена Џаганоска, Ристо Џаганоски, Емилија Накова, Марија Несторoска, Александра Тодорчева**).....18-19

МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Рецензија за оцена на докторската дисертација „**Реверзибилната логистика како еден од клучните двигатели на циркуларната економија**“ од **м-р Дејан Крстев**, пријавена на Машинскиот факултет во Скопје.....20-32

МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Реферат за избор на едно лице во сите научни звања во научните области: историја на медицината, здравствени кадри и едукација, економика на здравството, здравствено осигурување, квалитет на здравствено осигурување, здравствено воспитание и промоција на здравството, здравствени индикатори (индикатори на здравствена состојба на населението) на Медицинскиот факултет во Скопје (**д-р Данче Гудева Никовска**).....33-45
2. Рецензија за оцена на докторската дисертација „**Влијанието на умерената хипотензија врз мозочната оксигенација кај пациенти во општа анестезија при риносептопластики**“ од **Силвана Кралева**, пријавена на Медицинскиот факултет во Скопје.....46-53
3. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Одредени предиктори за неонатален морталитет на УГАК-Скопје** (**1.5.2019–31.1.2020 година**) од **д-р Габриела Бушиноска Иванова**, пријавена на Медицинскиот факултет во Скопје.....54-64
4. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Проценка на поврзаноста помеѓу миопијата и глаукомот** од **д-р Ирина Богданова**, пријавена на Медицинскиот факултет во Скопје.....65-75

ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) методики на јазик и општа и компаративна литература на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје (**проф. д-р Лулзим Алиу**).....76-88

ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“

1. Рецензија за оцена на докторската дисертација „**Системот на осигурување и реосигурување во регулативата на Европската Унија и во системот на Република Македонија, со посебен осврт на осигурувањето и реосигурувањето на стоки во поморскиот транспорт**“ од **м-р Елена Костовска-Василевска**, пријавена на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.....89-95
2. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Стојан Ристов, Мирјана Јовчевска, Катерина Јовановска, Ивана Спасиќ, Емил Крстановски, Ивана Тошевска, Марко Јовановиќ, Маја Апостоловска, Елена Крстовска, Наташа Васевска, Ристе Спасовски, Лејла Тутиќ, Бојан Балабан, Александар Вујиќ,**

Павлина Павлоска, Бојан Велковски, Емилија Јанкулова, Сања Димитриеска).....96-98
3. Преглед на одобрена тема за изработка на докторска дисертација (**м-р Валдета Касапи**).....99

ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ
1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања по група предмети од наставно-научните области сеизмологија и физика на земјината внатрешност на Природно-математичкиот факултет во Скопје (**виш науч. сор. д-р Драгана Черних-Анастасовска**).....100-123
2. Рецензија на ракописот Вовед во фикологија од авторот **проф. д-р Светислав Крстиќ**.....124-129
3. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Интегративната функција на географските услови при формирањето на социјалниот, економскиот, културниот и политичкиот идентитет на Балканскиот Полуостров** од **м-р Горан Китевски**, пријавена на Природно-математичкиот факултет во Скопје.....130-135

СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ
1. Реферат за избор на две лица во сите научни звања во научната област детска и превентивна стоматологија на Стоматолошкиот факултет во Скопје (**науч. сор. Весна Амбаркова, науч. сор. Ефка Жабокова-Билбилова**).....136-190

ФАКУЛТЕТ ЗА ДИЗАЈН И ТЕХНОЛОГИИ НА МЕБЕЛ И ЕНТЕРИЕР
1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Виктор Милошев**).....191

ФАКУЛТЕТ ЗА ЛИКОВНИ УМЕТНОСТИ
1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања по предметите **Вајање и Вајарски техники** на Катедрата за вајарство на Факултетот за ликовни уметности во Скопје (**доц. д-р Валентина Стевановска**).....192-204

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) етика на Филозофскиот факултет во Скопје (**вонр. проф. д-р Ристо Солунчев**).....205-216

ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ
1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Мирче Гигов, Мартин Милошески, Трајче Трајанов**).....217

ЈНУ ИНСТИТУТ ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК „КРСТЕ МИСИРКОВ“
1. Реферат за избор на научен советник во областа македонска ономастика во Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ во Скопје (**виш. науч. сор. д-р Весна Миовска**).....218-222
2. Реферат за избор на виш научен соработник/вонреден професор во областа историја на македонскиот јазик во Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ во Скопје (**науч. сор. д-р Борче Арсов**).....223-228

Р Е Ф Е Р А Т
ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ПО ГРУПАТА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА АРХИТЕКТОНСКО ПРОЕКТИРАЊЕ И ДИЗАЈН НА ИНСТИТУТОТ ЗА АРХИТЕКТОНСКО ПРОЕКТИРАЊЕ ПРИ АРХИТЕКТОНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Архитектонски факултет – Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ од 15.8.2020 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања по група предмети од областа архитектонско проектирање и дизајн – 20100 на Институтот за архитектонско проектирање при Архитектонскиот факултет, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 08-6/173, донесена на 54. седница одржана на 31.8.2020 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Јован Ивановски, вонреден професор на Архитектонскиот факултет - претседател, д-р Александар Радевски, вонреден професор на Архитектонскиот факултет – член и д-р Јасмина Силјаноска, редовен професор на Архитектонскиот факултет - член.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања по група предмети од наставно-научната област архитектонско проектирање и дизајн – 20100 при Институтот за архитектонско проектирање на Архитектонскиот факултет, во предвидениот рок се пријави кандидатот д-р Горан Мицковски, доцент на Архитектонскиот факултет во Скопје.

1. Биографски податоци и образование

Кандидатот доц. д-р Горан Мицковски е роден на 3.10.1974, во Скопје. Средно образование завршил во гимназијата „Никола Карев“ во Скопје, во 1993 година. Со високо образование се стекнал на Архитектонскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Дипломирал на 28.2.2000 година, со просечен успех 8,32.

Кандидатот активно се служи со англискиот јазик.

Докторски академски студии запишал во април 2008 година на Архитектонскиот факултет при Универзитетот во Белград. Студиите ги завршил во јуни 2013 со просечен успех 9,17. Докторска дисертација пријавил на 17.10.2013 година на Архитектонскиот факултет при Универзитетот во Белград. Дисертацијата на тема: *Трансформација на индустрискиот простор во услови на постсоцијалистичка транзиција на град Скопје* ја одбранил на 12.10.2015 година, пред Комисија во состав: д-р Владан Џокиќ, редовен професор, ментор, Зоран Лазовиќ, редовен професор, член и д-р Минас Бакалчев, редовен професор, член. Со тоа се стекнал со научниот степен доктор на науки од научната област архитектура и урбанизам.

На 4.2.2016 година е избран во звањето *доцент* на група предмети од областа на архитектонското проектирање во Институтот за архитектонско проектирање при Архитектонскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Во моментот работи како доцент на Институтот за архитектонско проектирање на Архитектонскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Последниот реферат за избор е објавен во Билтенот бр. 1115 од 15.1.2016 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на својата професионална дејност, објавени во претходните билтени на Универзитетот, како и од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

2. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на Архитектонскиот факултет при УКИМ, кандидатот д-р Горан Мицковски од 2016 до 2020 година изведува настава на интегрираните петгодишни студии од прв и втор циклус по архитектура. Од изборот за доцент, тој ја водел наставата по предметите: *Интегративно студио (*X сем.*)* и *Селектирани теми од индустриски објекти (*VII, IX и X). Кандидатот учествувал и во реализацијата на наставата по предметите, Архитектонско студио 1 (I сем.), Архитектонско студио 2 (II сем.), Архитектонско студио 3 (III сем.), Архитектонско студио 4 (IV сем.), Архитектонско студио 7/3 (VII сем.) и Архитектонско студио 8/3 (VIII сем.) при Институтот за архитектонско проектирање на Архитектонскиот факултет во Скопје.

Кандидатот д-р Горан Мицковски учествувал на две сесии на меѓународната Летна школа за архитектура, која секоја година во месец јули се одржува во селото Лазарополе и е во организација на Архитектонскиот факултет во Скопје. Во 2018 година учествувал во својство на секретар на сесијата и ментор, додека во 2019 година бил раководител на сесијата на тема „Конфигурација“, блиско соработувајќи со гостите тутори од Република Ирска – архитектите Дугал Шеридан и Диардри Мек-Менамин од бирото „Лид архитекти“.

Од последниот избор до денес, кандидатот подготвил наставна програма за два предмета од вториот циклус на интегрираните петгодишни студии по архитектура, и тоа: Селектирани теми од индустриски објекти и Противпожарна заштита на објекти.

Кандидатот учествувал како член во комисија за одбрана на 72 магистерски трудови.

Во Образецот 2, кој е составен дел од овој Реферат, детално се наведени сите активности на кандидатот од областа на наставно-образовната дејност, со датуми и други релевантни податоци.

Научноистражувачка дејност

Кандидатот д-р Горан Мицковски, од својот последен избор до денес, има објавено вкупно 5 научни трудови од областа на неговиот потесен научен интерес – трансформацијата на индустрискиот простор во периодот на транзицијата, од кои еден научен труд бил објавен како дел од книга, а четири научни труда биле објавени во зборници на трудови од репрезентативни научни/стручни собири со меѓународен уредувачки одбор.

Кандидатот д-р Горан Мицковски бил учесник во еден национален научноистражувачки проект, насловен: „Загрозен модернизам“, работен заедно со тим колеги од Архитектонскиот факултет во Скопје и финансиран од средствата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје за 2017/2018 год. Исто така, заедно со повеќе колеги од Архитектонскиот факултет, почнувајќи од 2017 година, кандидатот д-р Горан Мицковски учествува во значаен меѓународен истражувачки проект, насловен: „Regeneration and optimization of Cultural heritage in creative and knowledge cities“, финансиран од Европската Унија во рамки на програмата „Хоризонт 2020“ и каде што како проектен лидер се јавува реномираниот Универзитет во Болоња.

Во периодот од последниот избор до денес, кандидатот д-р Горан Мицковски бил ментор на 23 магистерски трудови, работени на повеќе теми кои го обработуваат проблемот на трансформацијата на напуштените индустриски капацитети и нивниот потенцијал за развој на современиот посттранзициски град.

Во Образецот 2, кој е составен дел од овој Реферат, детално се наведени сите активности на кандидатот од областа на научноистражувачката дејност, со датуми и други релевантни податоци.

Стручно-применувачка дејност и дејност од поширок интерес

Д-р Горан Мицковски активно е вклучен во стручно-применувачката работа од областа на неговата потесна специјализација. Во периодот од 2016 до 2020 година, тој се јавува како автор или коавтор на 9 архитектонски проекти, од кои реализирани се 5 и 1 изложбена поставка. Во овој контекст, вредно е да се истакне дека кандидатот д-р Горан Мицковски, преку својот активен проектантски ангажман, несебично се вложил во санирањето на последиците од пожарот во зградата на Архитектонскиот факултет, како и во повеќе архитектонски проекти кои имале за цел подобрување на стандардот на наставниот простор на Факултетот.

Во периодот од последниот избор до денес, кандидатот д-р Горан Мицковски учествувал во изработката на една стручна ревизија на наставни програми и бил член на една национална жири-комисија за меѓународен конкурс.

Особено треба да се истакне активноста која кандидатот ја покажува во дејностите од поширок интерес. Во изборниот период, кандидатот е член на Советот на Летната школа за архитектура на Архитектонскиот факултет во Скопје, а, исто така, тој е активно вклучен и во работата на повеќе стручни комисии и работни групи на Архитектонскиот факултет.

Во изборниот период, д-р Горан Мицковски учествувал во изготвување и пријавување на два меѓународни научно/образовни проекта.

Кандидатот бил раководител на Комисија за инвестиционо и техничко одржување на објекти и опрема од културата во државна сопственост за 2018 година, при Министерството за култура на Република Македонија, како и член на Комисија за евалуација на понуди за надзор за Проект за реконструкција на простории на Основното јавно обвинителство, при Министерството за економија на Република Македонија.

Во Образецот 2, кој е составен дел од овој Реферат, детално се наведени сите активности на кандидатот од областа на стручно-применувачката дејност и дејноста од поширок интерес, со датуми и други релевантни податоци.

Оценка од самоевалуација

Кандидатот д-р Горан Мицковски, во континуитет, добива позитивни оценки од анонимно спроведените анкети на студентите на Архитектонскиот факултет.

3. Заклучок и предлог

Врз основа на целокупната доставена документација, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и високо ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-применувачката дејност, како и дејноста од поширок интерес на кандидатот д-р Горан Мицковски.

Во рамки на наставно-образовната дејност, Комисијата го препознава д-р Горан Мицковски како наставник кој е силно посветен на својата педагошка работа, што во квантитативна смисла може да се согледа преку обемот на неговото учество во работата на архитектонските студија во прв, втор, трет, четврти, седми, осми и деветти семестар, како и преку менторството на значителен број магистерски трудови. Тој повеќепати учествувал во работата на меѓународната Летна школа за архитектура, а во 2019 година бил и раководител на 28. сесија. Во квалитативна смисла, неговата наставно-образовна работа ја одредува неговиот позитивен пристап, оптимизмот и искрената посветеност на унапредувањето и разработувањето на студентските замисли, како и непосредната и отворена комуникација со студентите, која тие ја препознаваат и високо ја вреднуваат.

Рецензентската комисија го истакнува научноистражувачкиот ангажман на д-р Горан Мицковски, кој несомнено укажува на неговата посветена и континуирана работа во истражувањето на трансформациите на индустрискиот и постиндустрискиот простор, мапирајќи го, проучувајќи го и разбирајќи го и како специфичен тип на урбано и архитектонско наследство и како значаен економски и просторен потенцијал за развојот на современиот постсоцијалистички град.

Преку неговиот континуиран професионален ангажман во делот на стручно-применувачката дејност, особено во периодот на изминатите три години кога како одговорен проектант несебично се вложил во санирањето на последиците од пожарот во зградата на Архитектонскиот факултет и во изработката на повеќе архитектонски проекти кои имале за цел подобрување на стандардот на наставниот простор, д-р Горан Мицковски континуирано го гради својот професионален творечки интегритет и со тоа – своето важно место во нашиот архитектонски колектив.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Горан Мицковски поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето вонреден професор во научната област архитектонско проектирање и дизајн – 20100.

Според гореизнесеното, Комисијата со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет во Скопје, д-р Горан Мицковски да биде избран во звањето вонреден професор по група предмети во научната област архитектонско проектирање и дизајн – 20100, при Институтот за архитектонско проектирање на Архитектонскиот факултет во Скопје.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Вонр. проф. д-р Јован Ивановски, претседател, с.р.
Вонр. проф. д-р Александар Радевски, член, с.р.
Проф. д-р Јасмина Сиљаноска, член, с.р.

ОБРАЗЕЦ 1
ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: Горан Димитар Мицковски

Институција: Архитектонски факултет – Скопје,
Институт за архитектонско проектирање

Научна област: архитектонско проектирање и дизајн – 20100

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР/НАУЧНО ЗВАЊЕ – ВИШ НАУЧЕН СОРАБОТНИК

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
1	Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус * Просечниот успех на прв циклус изнесува: _____ Просечниот успех на втор циклус изнесува: _____ Просечниот успех изнесува _____за интегрираните студии.	да
2	Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира Назив на научната област: 20100 – архитектонско проектирање и дизајн; поле: архитектура, урбанизам и планирање; подрачје: техничко-технолошки науки.	да
3	Објавени најмалку пет рецензирани научни труда во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор	да
3.1	Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование 1. Назив на научното списание: _____ 2. Назив на електронската база на списанија:_____ Наслов на трудот: _____ Година на објава: _____	/
3.2	Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки	/

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
	одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови 1.Назив на научното списание: _____ 2.Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): _____ 3. Наслов на трудот: _____ 4. Година на објава: _____	
3.3	Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е објавено во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД 1.Назив на научното списание: _____ 2.Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД_____ 3. Наслов на трудот: _____ 4. Година на објава: _____	/
3.4	Книга или дел од книга рецензирана и објавена во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД 1. Наслов на книгата: Handbook of Research on Urban-Rural Synergy Development Through Housing, Landscape, and Tourism Chapter 5 Changing Territories and the “Edge Effect” of the ReHabited Industrial Structures (94-114) 2. Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД: Соединети Американски Држави 3. Издавач, година и место на издавање/објавување: IGI Global, 2020, Hershey, PA	да
3.5	Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји 1.Назив на зборникот: Inclusive/Exclusive cities – Book od Proceedings, International Scientific Conference 2.Назив на меѓународниот собир: Inclusive/Exclusive cities 3.Имиња на земјите: Р. Македонија, Италија , Хрватска итн. 4. Наслов на трудот: “Transformation of Industrial Space in the Context of Post-Socialist Transition of the City of Skopje” 5. Година на објава: 2016	да
3.5	Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји 1. Назив на зборникот: Inclusive/Exclusive cities – Book od Proceedings, International Scientific Conference 2. Назив на меѓународниот собир: Inclusive/Exclusive cities 3.Имиња на земјите: Р Македонија, Италија, Хрватска итн. 4. Наслов на трудот: “Accesibility as Exclusivity”	да

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
	5. Година на објава: 2016	
3.5	Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји 1. Назив на зборникот: PROCEEDINGS - Challenges in Architecture, Urban Design and Art 2. Назив на меѓународниот собир: Challenges in Architecture, Urban Design and Art 3. Имиња на земјите: Шпанија, Грција, Италија, Србија итн. 4. Наслов на трудот: “Old Locations for New Economies” 5. Година на објава: 2019	да
3.5	Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји 1. Назив на зборникот: PROCEEDINGS - Challenges in Architecture, Urban Design and Art 2. Назив на меѓународниот собир: Challenges in Architecture, Urban Design and Art 3. Имиња на земјите: Шпанија, Грција, Италија, Србија итн. 4. Наслов на трудот: “Domesticating Gardens – Excavating New Patterns of Growth for the City” 5. Година на објава: 2019	да
3.6	Преводи на капитални дела во области кои ги утврдува Националниот совет за високо образование и научноистражувачка дејност 1. Наслов на преведеното капитално дело: _____ 2. Година на објава _____ 3. Издавач, место на издавање и година _____	/
4	Претходен избор во наставно-научно звање – доцент, датум и број на Билтен: *15.1.2016, број 1115*	да
5	Има способност за изведување на високообразовна дејност	да

* На лицата кои имаат заснован работен однос на Универзитетот или на некој од универзитетите во Република Македонија во моментот на стапување во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр.82/2018), нема да се применуваат одредбите од Законот кои се однесуваат на просекот, односно дека лицата треба да имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус. Во овој случај, полето под реден број 1 не се пополнува.

** За кандидатот/ите кој има повеќе од 5 (пет) научни труда во референтна научна публикација, рецензентската комисија научните труда ќе ги наведе, ќе ги оцени и ќе ги вреднува во Образец 2.

ОБРАЗЕЦ 2
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: Горан Димитар Мицковски
Институција: Архитектонски факултет, УКИМ – Скопје
Институт за архитектонско проектирање
Научна област: архитектонско проектирање и дизајн – 20100

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Р.Б.	НАЗИВ НА АКТИВНОСТА:	ПОЕНИ
	Одржување настава во прв циклус студии	
1.	Архитектонско студио 2, летен сем. (II) 2015/16, вежби: 6 часа * 15 нед. * 0,03 = 2,7 Архитектонско студио 4, летен сем. (IV) 2015/16, вежби: 6 часа * 15 нед. * 0,03 = 2,7	5,4
2.	Архитектонско студио 1, зимски сем. (I) 2016/17, вежби: 6 часа * 15 нед. * 0,03 = 2,7 Архитектонско студио 3, зимски сем. (III) 2016/17, вежби: 6 часа * 15 нед. * 0,03 = 2,7	5,4
3.	Архитектонско студио 2, летен сем. (II) 2016/17, вежби: 6 часа * 15 нед. * 0,03 = 2,7 Архитектонско студио 4, летен сем. (IV) 2016/17, вежби: 6 часа * 15 нед. * 0,03 = 2,7	5,4
4.	Архитектонско студио 1, зимски сем. (I) 2017/18, вежби: 6 часа * 15 нед. * 0,03 = 2,7 Архитектонско студио 3, зимски сем. (III) 2017/18, вежби: 6 часа * 15 нед. * 0,03 = 2,7	5,4
5.	Архитектонско студио 2, летен сем. (II) 2017/18, вежби: 6 часа * 15 нед. * 0,03 = 2,7 Архитектонско студио 4, летен сем. (IV) 2017/18, вежби: 6 часа * 15 нед. * 0,03 = 2,7	5,4
6.	Архитектонско студио 3, зимски сем. (III) 2018/19, вежби: 6 часа * 15 нед. * 0,03 = 2,7	2,7
7.	Архитектонско студио 4, летен сем. (IV) 2018/19, вежби: 6 часа * 15 нед. * 0,03 = 2,7	2,7
8.	Архитектонско студио 3, зимски сем. (III) 2019/20, вежби: 6 часа * 15 нед. * 0,03 = 2,7	2,7
9.	Архитектонско студио 4, летен сем. (IV) 2019/20, вежби: 6 часа * 15 нед. * 0,03 = 2,7	2,7
	Вкупно настава во прв циклус студии	**37,8**
	Одржување настава во втор циклус студии	
10.	Архитектонско студио 8/3, летен сем. (VIII) 2015/16, вежби: 6 часа * 15 нед. * 0,03 = 2,7	2,7
11.	Архитектонско студио 7/3, зимски сем. (VII) 2016/17, вежби: 6 часа * 15 нед. * 0,03 = 2,7 Интегративно студио, зимски сем. (IX) 2016/17, вежби: 8 часа * 15 нед. * 0,03 = 3,6 Селектирани теми од индустриски објекти, зимски сем. (IX) 2016/17, предавања: 1 час * 15 нед. * 0,05 = 0,75	7,05
12.	Архитектонско студио 8/3, летен сем. (VIII) 2016/17,	3,45

	вежби: 6 часа * 15 нед. * 0,03 = 2,7 Селектирани теми од индустриски објекти, летен сем. (X) 2016/17, предавања: 1 час * 15 нед. * 0,05 = 0,75	
13.	Архитектонско студио 7/3, зимски сем. (VII) 2017/18, вежби: 6 часа * 15 нед. * 0,03 = 2,7 Интегративно студио, зимски сем. (IX) 2017/18, вежби: 8 часа * 15 нед. * 0,03 = 3,6 Селектирани теми од индустриски објекти, зимски сем. (IX) 2017/18, предавања: 1 час * 15 нед. * 0,05 = 0,75	7,05
14.	Архитектонско студио 8/3, летен сем. (VIII) 2017/18, вежби: 6 часа * 15 нед. * 0,03 = 2,7 Селектирани теми од индустриски објекти, летен сем. (X) 2017/18, предавања: 1 час * 15 нед. * 0,05 = 0,75	3,45
15.	Архитектонско студио 7/3, зимски сем. (VII) 2018/19, вежби: 6 часа * 15 нед. * 0,03 = 2,7 Интегративно студио, зимски сем. (IX) 2018/19, вежби: 8 часа * 15 нед. * 0,03 = 3,6 Селектирани теми од индустриски објекти, зимски сем. (IX) 2018/19, предавања: 1 час * 15 нед. * 0,05 = 0,75	7,05
16.	Архитектонско студио 8/3, летен сем. (VIII) 2018/19, вежби: 6 часа * 15 нед. * 0,03 = 2,7 Селектирани теми од индустриски објекти, летен сем. (X) 2018/19, предавања: 1 час * 15 нед. * 0,05 = 0,75	3,45
17.	Архитектонско студио 7/3, зимски сем. (VII) 2019/20, вежби: 6 часа * 15 нед. * 0,03 = 2,7 Интегративно студио, зимски сем. (IX) 2019/20, вежби: 8 часа * 15 нед. * 0,03 = 3,6 Селектирани теми од индустриски објекти, зимски сем. (IX) 2019/20, предавања: 1 час * 15 нед. * 0,05 = 0,75	7,05
18.	Архитектонско студио 8/3, летен сем. (VIII) 2019/20, вежби: 6 часа * 15 нед. * 0,03 = 2,7 Селектирани теми од индустриски објекти, летен сем. (X) 2019/20, предавања: 1 час * 15 нед. * 0,05 = 0,75	3,45
	Вкупно настава во втор циклус студии	**44,7**
	Настава во школи и работилници	
19.	Летна школа за архитектура, Лазарополе, Национален парк Маврово, во организација на Архитектонскиот факултет во Скопје, УКИМ, сесија „Game lazaropole“, 2018, секретар и ментор	1
20.	Летна школа за архитектура, Лазарополе, Национален парк Маврово, во организација на Архитектонскиот факултет во Скопје, УКИМ, сесија „Configuration“, 2019, раководител и ментор	1
21.	Член на комисија за оценка и одбрана на магистерска работа 72x0.3=21,6	21,6
	Вкупно настава во школи и работилници	**23,6**
	Подготовка на нов предмет	
22.	Селектирани теми од индустриски објекти	1
23.	Противпожарна заштита на објекти	1
	Вкупно подготовка на нов предмет	**2**
	Вкупно:	**108,1**

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Р.Б.	НАЗИВ НА АКТИВНОСТА:	ПОЕНИ
1.	Ментор на магистерски труд, 2016-2020 (23x2=46)	46
2.	Учесник во национален научноистражувачки проект: „Загрозен модернизам“, на Архитектонскиот факултет во Скопје, финансиран од средствата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје за 2017/2018 год.	3
3.	Учесник во меѓународен истражувачки проект: „Regeneration and optimization of Cultural heritage in creative and knowledge cities“, Horizon 2020 Cultural Heritage as a driver sustainable growth, project leader: Municipality of Bologna Italy, финансиран од ЕУ, 2017 (во тек).	5
4.	Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји: “Transformation of Industrial Space in the Context of Post-Socialist Transition of the City of Skopje” (264-281), во Inclusive/Exclusive cities – Book od Proceedings, International Scientific Conference, Skopje, 2016 (со Бојан Каранаков и Александар Радевски)	4
5.	Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји: “Accesibility as Exclusivity” (396-405), во Inclusive/Exclusive cities – Book od Proceedings, International Scientific Conference, Skopje, 2016 (со Бојан Каранаков и Александар Радевски);	4
6.	Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји: “Old Locations for New Economies” (250-258), Challenges in Architecture, Urban Design and Art, Belgrade, 2019 (со Слободан Велевски и Марија Мано Велевска)	4
7.	Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји: “Domesticating Gardens – Excavating New Patterns of Growth for the City” (259-268), Challenges in Architecture, Urban Design and Art, Belgrade, 2019 (со Марија Мано Велевска и Слободан Велевски)	4
8.	Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во книга, „Handbook of Research on Urban-Rural Synergy Development Through Housing, Landscape, and Tourism“, Chapter 5 „Changing Territories and the “Edge Effect” of the ReHabited Industrial Structures“ (94-114), IGI Global, 2020 (со Јасмина Сиљаноска и Ивана Ангелова)	6
9.	Пленарно предавање на стручен собир: „Трансформација на индустрискиот простор во Скопје 1991-2013”, на XVIII биенале на македонската архитектура, БИМАС 2016, Хала Механика, 21.5.2016	2
10.	Учество на научен собир со усна презентација: „Adaptive Re-Use and Transition of the Build Heritage“, Architects Council of Europe, Leuwarden, 23.11.2018	1
	Вкупно:	**79**

СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

Р.Б.	НАЗИВ НА АКТИВНОСТА:	ПОЕНИ
1.	Јавно изведено или претставено уметничко дело од областа на архитектурата и урбанизмот, во облик признат во струката, со публикација „Наоди – Павилјон на Република Македонија на 14. Меѓународна архитектонска изложба – Биенале во Венеција“, учество на светска архитектонска и урбанистичка манифестација со национално претставување, Венеција, претставено во Младинскиот културен центар, Скопје, декември 2015 (со Ана Ивановска Дескова, Јован Ивановски, Владимир Десков, Огнен Марина, Бојан Каранаков и Александар Радевски)	8
	Вкупно:	8

СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Р.Б.	НАЗИВ НА АКТИВНОСТА:	ПОЕНИ
1.	Експертски активности: стручна ревизија на наставни програми за СГГУ „Здравко Цветковски“	1
2.	Автор на идеен и основен архитектонски проект: Реконструкција и ентериерно уредување на Амфитеатар 1 на Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, 2016 (заедно со Ј. Ивановски, А. Ивановска Дескова)	4
3.	Автор на идеен и основен архитектонски проект: Реконструкција и ентериерно уредување на Амфитеатар 2 на Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, 2016 (заедно со Ј. Ивановски, А. Ивановска Дескова)	4
4.	Идеен и основен архитектонски проект: Станбено-деловен објект, на улица „Благоја Стефковски“ бб, Скопје, 2017 (заедно со Д. Ивановски, Н. Томевски, Б. Тасев)	4
5.	Автор на идеен и основен архитектонски проект: Реконструкција и ентериерно уредување на опожарен дел од Архитектонски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, 2017 (заедно со Д. Папастеревски)	4
6.	Автор на идеен и основен архитектонски проект: Скопски зелени кули – Светилници на граѓанското делување, град Скопје, 2018 (заедно со О. Марина)	4
7.	Автор на идеен архитектонски проект: Адаптација на Архитектонски факултет за овозможување пристапност на лица со хендикеп, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, 2018 (заедно со Б. Каранаков)	4
8.	Автор на идеен и основен архитектонски проект: Реконструкција и ентериерно уредување на амфитеатар на Архитектонски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, 2019 (заедно со Ј. Ивановски, А. Радевски)	4
9.	Автор на идеен и основен архитектонски проект: Реконструкција и ентериерно уредување на училница 115 на Архитектонски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, 2019 (заедно со Ј. Ивановски)	4
10	Автор на архитектонско урбанистичка студија: Велес 2.0, град Велес, 2020 (заедно со С. Велевски, М. Мано Велевска, и И. Арсовски)	4

11.	Автор на архитектонското и уметничкото обликување на изложбената поставка „Загрозен модернизам“, Младински културен центар, Скопје, февруари 2019 (со Ана Ивановска Дескова и Јован Ивановски)	2
12.	Член на национална жири-комисија за „Уметничка тврдина: Меѓународен конкурс за изработка на идејно архитектонско-урбанистичко решение за уредување на ридот Кале“, во рамки на проектот ROCK, 2019	1
	Вкупно:	**40**

ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС

Р.Б.	**НАЗИВ НА АКТИВНОСТА:**	**ПОЕНИ**
1.	Изготвување и пријавување на национален научноистражувачки проект: „Загрозен модернизам“, на Архитектонскиот факултет во Скопје, финансиран од средствата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје за 2015/2016 год. (учесник).	1
2.	Изготвување и пријавување на меѓународен научноистражувачки проект: „Yugoslav INdustrial HERITage along the waterfronts as new spaces for creatives / INHERIT“, Архитектонски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, заедно со Архитектонски факултет, Универзитет во Белград, 2020 (учесник).	1
3.	Изготвување и пријавување на меѓународен научноистражувачки проект: „Cyber Museum Factory – IndMuse“, Архитектонски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, заедно со Природно-математички факултет, Универзитет во Нови Сад (учесник).	1
4.	Член на Комисија за попис на инвентар на Архитектонскиот факултет	0,5
5.	Член на Советот на Летната школа на Архитектонскиот факултет	0,5
6.	Раководител на Комисија за инвестиционо и техничко одржување на објекти и опрема од културата во државна сопственост за 2018 година, при Министерството за култура на Република Македонија.	1
7.	Член на Комисија за евалуација на понуди за надзор за Проект за реконструкција на простории на Основното јавно обвинителство, при Министерството за економија на Република Македонија, 2017 година.	1
	Вкупно:	**6**

Р.Б.	**ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ**	**ПОЕНИ**
1	**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**	**108,1**
2	**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА + СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ**	79+ 8 = **87**
3	**СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ**	**40**
4	**ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС**	**6**
	ВКУПНО:	**241,1**

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Вонр. проф. д-р Јован Ивановски, претседател, с.р.
Вонр. проф. д-р Александар Радевски, член, с.р.
Проф. д-р Јасмина Сиљаноска, член, с.р.

П Р Е Г Л Е Д
НА ПРИФАТЕНИ ТЕМИ ЗА МАГИСТЕРСКИ ТРУД НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ – СКОПЈЕ

Ред. Бр.	Име и презиме на кандидатот	Назив на темата		Име и презиме на менторот	Датум и бр. На одлука на ННС/НС за прифаќање на темата
		на македонски јазик	на англиски јазик		
1.	**Ерсин Тахир**	**„Лекции од Азиската финансиска криза“**	**“Lessons from the Asian Financial Crisis”**	проф. д-р Горан Петревски	02-1431/2 од 10.09.2020 година
2.	**Анета Насева**	**„Координација на клучните економските политики со посебен осврт на Европската унија“**	**“Coordination of Key Economic Policies with Special Reference to the European Union”**	проф. д-р Борче Треновски	02-1354/2 од 10.09.2020 година
3.	**Филип Пеовски**	**„Имплементација на неконвенционални монетарни мерки – анализа на активноста на Европската централна банка“**	**„Implementation of unconventional monetary measures – analysis of the European Central Bank’s activity“**	проф. д-р Ѓорѓи Гоцков	02-1439/2 од 10.09.2020 година
4.	**Магдалена Џаганоска**	**„Влијанието на продажните канали врз развојот на осигурителната индустрија со посебен осврт на македонскиот осигурителен пазар“**	**„The impact of distribution channels on the development of insurance industry with special reference to Macedonian insurance market“**	проф. д-р Елена Наумовска	02-1423/2 од 10.09.2020 година

5.	**Ристо Џаганоски**	**„Традиционални и алтернативни извори за финансирање на македонските компании“**	**„Traditional and alternative sources for financing of Macedonian companies“**	проф. д-р Кирил Јовановски	02-1336/2 од 10.09.2020 година
6.	**Емилија Накова**	**„ Функцијата на осигурителната етика и одговорности за развој на осигурителната индустрија“**	**„The function of insurance ethics and responsibilities for the development of insurance industry“**	проф. д-р Игор Ивановски	02-1445/2 од 10.09.2020 година
7.	**Марија Несторoска**	**„Влијанието на пандемијата КОВИД-19 врз управувањето со синџирите на снабдување“**	**„The Impact of COVID-19 Pandemic on the Supply Chain Management“**	проф. д-р Лидија Пулевска Ивановска	02-1427/2 од 10.09.2020 година
8.	**Александра Тодорчева**	**„Истражување на практиките за трансферни цени во Република Северна Македонија и оданочувањето на добивката на мултинационалните претпријатија“**	**„Research on Transfer Pricing Practices in the Republic of North Macedonia and Profit Taxation of Multinational Enterprises“**	проф. д-р Атанаско Атанасовски	02-1357/2 од 10.09.2020 година

Р Е Ц Е Н З И Ј А

ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „РЕВЕРЗИБИЛНАТА ЛОГИСТИКА КАКО ЕДЕН ОД КЛУЧНИТЕ ДВИГАТЕЛИ НА ЦИРКУЛАРНАТА ЕКОНОМИЈА“ ОД М-Р ДЕЈАН КРСТЕВ, ПРИЈАВЕНА НА МАШИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 16.7.2020 година, со Одлука бр. 02-823/2 формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатот м-р Дејан Крстев, дипл. инж. по индустриска логистика и информатика, со наслов „Реверзибилната логистика како еден од клучните двигатели на циркуларната економија“, во состав: проф. д-р Ванчо Донев (претседател), проф. д-р Радмил Поленаковиќ (ментор), проф. д-р Валентина Гечевска (член), проф. д-р Атанас Кочов (член) и вонр. проф. д-р Мишко Џидров (надворешен член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет му го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

АНАЛИЗА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатот м-р Дејан Крстев, со наслов „Реверзибилната логистика како еден од клучните двигатели на циркуларната економија“, содржи 192 страници компјутерски обработен текст во фонт Calibri (Body), со 1,5 проред и големина на букви 12, 292 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги, меѓународни прописи и стандарди, како и интернет-ресурсни податоци. Вклучувајќи ги двата прилога, листите на слики, табели, кратенки, како и апстракти на македонски и англиски јазик, дисертацијата е презентирана на вкупно 223 страници.

Трудот започнува со апстракти на македонски и англиски јазик, вовед и содржина. Структуриран е во 8 глави, вклучувајќи вовед и заклучни согледувања. Сите делови се систематизирани во наслови и поднаслови, со точки и потточки, со што е претставена јасна структура која овозможува јасна презентација на сработеното.

Во **воведот** на трудот, изложени се предметот, мотивацијата, заднината, обемот, организацијата на истражувањето и целите на истражувањето, методологијата на истражувањето и претставен е кус преглед на дисертацијата. Со тоа, во овој дел се добива јасна слика за опсегот на истражувањето и очекуваните резултати. Различни истражувачи од областа на реверзибилната логистика ја дефинирале како акција за управување, која се однесува на неколку клучни зборови, на пример, логистички активности/улоги, активности за обновување/повторна употреба, отстранување, вредности за повторна употреба, управување, дистрибуција на канали, повратен проток, трошоци итн. Терминот „циркуларна економија“ ја опишува индустриската економија која е обновлива и опфаќа минимизирање на потрошувачката на конечни ресурси и суровини во производството на производите, за разлика од моделот на линеарна економија на *земи, направи, отфрли*. Циркуларната економија ја нагласува циркулацијата на содржината на производите назад до местото на производство по завршувањето на нивниот живот (EoL – End of Life). Основната премиса за обнова и рециркулација на EoL-производите е посебен третман на техничките и биолошките материјали, така што доколку е потребно, овие биолошки материјали можат безбедно да се ослободат во биосферата. Поради тоа, крајната цел на циркуларната економија е да ги минимизира содржините, што би можеле да завршат во депонијата или создавање на гасовити емисии при согорувањето. Циркуларната економија, како индустриски систем, поддржува конзервативен концепт преку интелигентен дизајн на материјали, производи и системи и бизнис-модели.

По воведот, во **втората глава** е претставен теоретскиот осврт за реверзибилната логистика врз циркуларната економија преку прегледот на користената литература. Користејќи релевантна научна и стручна литература, претставена е важноста на гореспоменатите поими. Беше спроведен преглед на литература за да се стекне разбирање на концептите кои можат да ја поврзат една теорија со друга, да ја наведат потребата за истражување, да пронајдат празнини и да направат оправдување за

истражувањето. Конструирањето на преглед на литературата започнува со опишување на логистичкиот концепт, проследен со дефиниции, активности и дизајн на реверзибилната логистика. Во следниот дел, циркуларната економија и нејзините начела ќе бидат објаснети. На крајот на прегледот на литературата се открива односот помеѓу двата концепта. Овие концепти и односите меѓу нив треба да се анализираат за да се идентификува јазот во истражувањето. Преку спроведување на активностите споменати погоре, се прават некои заклучоци. На пример, врз основа на литературата, постои врска помеѓу концептите на реверзибилната логистика и циркуларната економија. Некои заклучоци ќе произведат други наоди, кои може да се идентификуваат како празнини во знаењето и формулирани како оправдување за истражување. Прегледот на литературата беше спроведен за да се најде основното разбирање на ова истражување. Прегледот на литературата, исто така, укажа на некои истражувачки празнини. Главната област на истражувањето е реверзибилната логистика и циркуларната економија. Во подрачјето на реверзибилната логистика, некои прашања се покренати, како што покомплексно да се управува, отколку во напредната логистика, вклучената несигурност, на пр. квалитетот на производите, времето на враќање на производот и обемот на враќање, ефикасноста и ефективноста на протокот на производот од местото на потрошувачка до местото на потекло. Покрај тоа, кај поголем број истражувачи, резултатите покажале дека системот на реверзибилната логистика сè уште не е имплементиран или со други зборови, некои компании не го имплементирале добро. За да се зголеми ефикасноста и ефективноста на операциите на реверзибилната логистика, правилно треба да се направи управување со несигурноста и спроведување на системот на реверзибилната логистика, каде што прегледот на литературата се фокусираше на дизајнот на реверзибилната логистика. Всушност, литературата каде што се дискутирало за дизајнот на реверзибилната логистика е ретка. Најчесто резултираше со пребарување на дизајнот на реверзибилната логистика во дизајнот на мрежата на реверзибилната логистика. Навистина, дизајнот на реверзибилната логистика и мрежниот дизајн на реверзибилната логистика се различни. Формалниот дизајн на реверзибилната логистика е потребен да биде направен и да биде водич за операции, како и да произведе ефикасна и ефективна реверзибилна логистика.

Принципите на циркуларната економија треба да се преформулираат во формат кој може да се имплементира за специфични цели, како, на пример, во реверзибилната логистика, конкретно во обнова на производ. Истражувачите ги објавиле принципите на циркуларната економија, меѓутоа тие ги опишале принципите на големо концептуално ниво и не ги спроведувале во операциите за реверзибилната логистика, особено случаи на опциите за обнова на производи. Освен тоа, со спроведувањето на прегледот на литературата за двата концепта, откриени се односите меѓу нив преку слични активности, како што се: собирање, одржување, повторна употреба, рециклирање и редуцирање. Има истражувачи кои се обиделе да го опишат односот помеѓу реверзибилната логистика и циркуларната економија, но, сепак, тие не се опишани во оперативната имплементација уште како интегрирана реверзибилната логистика базирана на циркуларна економија. Потенцијалите на овие концепти се високи. Реверзибилната логистика се фокусира на ефективноста на логистиката, протокот на повторна употреба/реупотреба/обновување, трошоците и повторните вредности на задржаниот производ, додека циркуларната економија се фокусира на чување и користење на материјалот подолго во оптек, за да се добие највисока корисност и вредност. Мора да се предложи метод за дизајнирање на реверзибилната логистика врз основа на вредностите на циркуларната економија, иако во литературата има малку докази за да се развие метода на циркуларна економија базирана на реверзибилната логистика.

Резултатите од литературниот преглед покажуваат дека постои суштинска потреба да се спроведе ова истражување поради причини како што следи:

- Рамката за дизајнот на реверзибилната логистика е првата формална рамка за дизајнирање која може да ја зголеми ефективноста и ефикасноста на операциите

на реверзибилната логистика. Формалната рамка за дизајнирање, исто така, е потребна за дизајнирање на други апликации како што е мрежниот дизајн на реверзибилната логистика.

- Потребни се реформски принципи на циркуларна економија како постојните принципи да се формулираат поинаку со различното разбирање. Принципите беа опишани на стратешко ниво. Принципите на циркуларна економија, исто така, не се опишани во специфични цели како што е реверзибилната логистика.
- Имплементацијата на овие концепти сè уште е ретка, така што процесот на вградување што е опишан во ова истражување може да биде водич за примена на двата концепта.
- Постојат некои истражувачи кои го опишале методот или рамката за дизајнирање на реверзибилната логистика. Сепак, тие не дискутираат за рамката за дизајн на реверзибилната логистика. Уште помалку, рамка за дизајн на реверзибилната логистика врз основа на циркуларна економија.

Третата глава е фокусирана на реверзибилната логистика. Терминот „операции“ во реверзибилната логистика најчесто го користат истражувачите кои ги опишале операциите на реверзибилната логистика како покривање на повратот на производот, поправки и реновирање. Исто така, се потврдува дека операциите и активностите на реверзибилната логистика покриваат собирање, пакување, складирање, сортирање, преодна обработка и активности за испорака.

Покрај тоа, терминот „интегриран“ во реверзибилната логистика или интегриран синџир на снабдување ги опфаќаат повратните и напредните текови. Терминот „интегриран“ во овој контекст ги опишува двете страни, односно напредни и повратни текови, иако сè уште постои врска помеѓу некои ентитети и процеси на секоја страна. Понатаму, протокот на активности на реверзибилната логистика е визуелизиран и илустриран преку неколку активности, како што се тестирање и расклопување, преку активности за отстранување и дека тие активности се поврзани со други субјекти, на пример, потрошувачите, дистрибуцијата, производството и суровините. Сите активности кои една компанија ги спроведува за да ги собере употребуваните, оштетените, несакани или застарени производи, како и материјали за пакување и испорака од крајниот корисник или препродавач, може да се сметаат за повратни логистички активности. Меѓу многуте опции кои фирмите треба да ги направат со вратените производи, првиот избор би бил да му се врати на добавувачот за целосна наплата. Честопати производите што не се користеле може да се продаваат на друг клиент или можеби се продаваат преку друга продавница за излез. Ако производите не се со задоволителен квалитет, тие можат да бидат испратени до посебна компанија која ќе го извезува на странски пазар. Ако производот не може да се продаде „како што е“ или ако фирмата може значително да ја зголеми продажната цена со реконструкција, обновување или репродукција на производот, фирмата може да ги извршува овие активности пред да го продаде производот.

Овие операции, исто така, може да ги врши фирма од трета страна која е специјализирана во областа на поправка/преработка/реновирање. Конечно, ако ниедна од овие операции не може да се изврши, тогаш производителот може да се обиде да најде која компонента на производот може повторно да се користи за производство на нови производи, а остатокот може да се испрати на рециклирање или депонија. По утврдување на видот на опциите и активностите за реверзибилната логистика, потребна е идентификација на деталните активности. Деталната активност, т.н. подактивност или процес, треба да се идентификува посебно, бидејќи различни видови на производи или индустрии имаат различни процеси. Некои производни процеси, како што се поправка на производи, реновирање, преработка и канибализација, се опишани во оваа глава. Особено се нагласени постапките за рационализација и поедноставување на одделни процеси и активности.

Четвртата глава е фокусирана на циркуларната економија. Идејата зад циркуларната економија веќе долго време е воведена од страна на голем број истражувачи во различни контексти. Boulding ја изразил циркуларната економија, како

„цикличен еколошки систем кој е способен за континуирана репродукција на материјална форма, иако не може да избега од влез на енергија“. Други истражувачи ја пренеле циркуларната економија во еколошко-економска перспектива, заснована на принципот на материјална рамнотежа што можат да ги земат предвид сите материјални текови, но тоа ќе бидат економските вредности, а не физичките текови. Други ја поделиле на четири функции: вредности за користење, база на ресурси за економијата, промивање на резидуални текови и систем за поддршка на животот. Сепак, Ellen MacArthur Foundation-ЕМФ (2013) ја дефинирале циркуларната економија како индустриски систем, кој поддржува ресторативен концепт преку интелигентен дизајн на материјали, производи и системи и бизнис-модел. Концептот ја поттикнува деловната активност практично да ги оптимизира производите, компонентите и материјалите со најголема корисност и вредност во секое време, разликувајќи ги техничките и биолошките циклуси. „Принципот“ е генерално наменет како фундаментална вистина која служи како основа на системот. Некои принципи на циркуларната економија се идентификувани од ЕМФ, во кој спаѓаат: 1) дизајнирање на отпад, што значи дека кога е дизајниран производот, дизајнерот треба да го разгледа циклусот на биолошки или технички материјал кој може да се преработи; 2) да се изгради еластичност преку разновидност, што значи дека постои потреба да се изгради систем на еластичност кој опфаќа неколку аспекти во рамките на циркуларната економија. Тоа се создава преку позитивните вредности во транспарентен, робустен, сигурен и одговорен начин; 3) работат кон искористување на енергијата од обновливи извори, што значи дека употребата на енергија по единица производ треба да се намали и промената кон обновливите извори на енергија треба да се забрза со дизајн, третирање во економијата како вреден ресурс; 4) размислуваат во системот, што значи дека збир на компоненти или предмети кои меѓусебно се интеракционираат за да ги постигнат целите во реалниот свет, нелинеарни, системи што се богати со повратни информации, особено живите системи; и 5) размислуваат во каскади, што значи дека максимизирање на задржувачката вредност на производот што може да придонесе оптимално пред да се вратиме назад во биосферата или да продолжиме со јамки.

Принципите на циркуларната економија се дискутираат и од истражувачите кои ја изразиле основната филозофија на циркуларната економија, која го подобрува појавувањето на индустриски и економски системи, се потпира на соработка помеѓу актерите и материјата, користи отпаден материјал и енергија како ресурси, за да го минимизира девизниот материјал на системот и внесувањето на енергија. Во некои држави (Кина), концептот на циркуларната економија ги усвои принципите на "3R": редуцирање, реупотреба и рециклирање на материјали/енергија. Многу истражувачи, како и практичари, користат термини како што се циркуларната економија, “Cradle-to-cradle” (лулка-до-лулка), индустриски инженеринг или синџири за снабдување со затворен циклус речиси заемно. Концептите се анализираат одделно, особено нагласувајќи ги нивните главни принципи и потенцијално разликувачките карактеристики. Поврзаните концепти се подредени според нивната блискост со концептот на циркуларна економија во однос на бројот на карактеристики кои ги делат. Како што карактеристиките не се предлагаат да бидат подеднакво релевантни, сепак, ова не подразбира ранг на важност, но овозможува прва интуиција за тоа како е широк концепт. Обработени се концептите за *сива економија* (основните принципи на сивата економија предлагаат дека локалната средина со своите специфични еколошки карактеристики и шест принципи е основа за одржливи решенија); *регенеративен дизајн,* кој се базира на теоријата на системите и е наменет да помогне во фазата на дизајнирање на производи и услуги, а зборот регенеративно се залага за фактот дека енергијата и материјалите што се користат за дизајнирање на производи можат да се обноват и ревитализираат; *затворените синџири на снабдување* (CSC-Closed Suply Chains), исто така опишани како синџири на снабдување со затворен циклус, што ја истакнуваат важноста на кружноста, иако основната идеја е сосема близу до концептот на циркуларната економија, а постојат неколку детали за вториот што не се дели, но воведува и други детали; *природен капитализам, а природниот капитал* се однесува

на природните богатства на светот, како што се воздухот, водата, почвата и другите организми, кој преку економија базирана на принципите на природниот капитализам, некои научници сакаат да ја активираат „следната индустриска револуција“; *индустриска екологија*, при што поддржувачите на ова, тврделе дека „индустрискиот екосистем“ треба да се спроведува глобално, за да се постигне интегриран и еколошки одржлив модел за индустриски активности и овој индустриски екосистем треба да ја оптимизира употребата на енергија и материјали, да го минимизира загадувањето и отпадот и да го разгледа влијанието врз животната средина на секој производ од производниот процес; *перформансна економија* или ефикасност на економијата и таа претставува услужна економија фокусирана на искористување преку ефикасност на ресурсите и проширување на производот, па овој пристап ги нагласува придобивките од животната средина, кога продава услуги наместо производи, а со тоа и создавање нови можности за работа; *биомимикрија,* која може да се сфати како имитирање или инспирирана од дизајните на природата за да се развијат еколошки одржливи иновации, наместо да се открие тркалото, па биомимикријата покажува дека многу од нашите проблеми веќе се решени од природата итн.

Петтата глава е фокусирана на односот помеѓу реверзибилната логистика и циркуларната економија. Реверзибилната логистика и циркуларната економија имаат неколку слични карактеристики, особено за циклуси на поправка, обновување, преработка, рециклирање и отстранување, иако некои од принципите на циркуларната економија (минимизирање на истекување) се значително поширокиод активностите на реверзибилната логистика. Циркуларната економија, исто така, има поширокиосновни цели, кои придонесуваат за глобалните економски можности. Повторното производство е дефинирано како процес на враќање на искористените производи, за да станат нови производи, користејќи неколку чекори, реновирање и чистење и да ги стави во пописот, пред да може да се реконструираат во други производи. Овој труд има за цел да ги демонстрира врските помеѓу двата термина со специфична цел, да ги идентификува принципите на циркуларна економија кои се релевантни за преработка на производот. Предвидено е дека принципите може да се користат за насочување на дизајнот на системите/операциите на реверзибилна логистика. Фондацијата ЕМФ (Ellen Mac-Arthur Foundatio)n ја илустрирала циркуларната економија со тие активности, поделени на два вида материјали: *биолошки* и *технички*. Во суштина, активностите се слични, но бидејќи оригиналниот биолошки материјал може безбедно да се врати во биосферата, специфични третмани се потребни екстракција на биохемиски композитинг. Активностите на реверзибилната логистика се состојат од директна повторна употреба/препродажба, поправка, реновирање, преработка, рециклирање, согорување и депонирање. Концептите на реверзибилната логистика и циркуларната економија се знае дека имаат силна врска. Сепак, спроведувањето на секој концепт е спроведен несовршено, бидејќи тој бил разбран одделно или парцијално. При спроведувањето на принципите од циркуларната економија во реверзибилната логистика, потенцијалните параметри околу циркуларната економија можат да се користат како потенцијален показател за идентификување и развивање на подобра реверзибилната логистика.

Во **шестата глава** е претставена методологијата на истражување (студии на случаи – Дик Фагус или Гама дизајн), поврзана со циркуларната економија и реверзибилната логистика, како и дискусија за добиените резултати, особено при производство на дрвени пелети или дрвени палети, со истовремено прикажани биланс финансиски планови за различно количество на производство (Табеларен приказ во прилози).

Пелетите, поради нивниот облик и димензиите, се особено погодни за ракување. Може да се користат како гориво за директно согорување во домашните и во големите индустриски котли, а во мали количества и во домашните печки. Имаат значително помал волумен во однос на отпадната биомаса и, според тоа, имаат и многу повисока специфична енергија по единица волумен, што значи дека се покомпактен извор на енергија. Тие се попогодни за транспорт и за складирање во однос на природната биомаса. Дрвените пелети се производ добиен со компримирање на сомелено дрво. Денес најголема примена имаат кај централното греење на индивидуални станбени објекти и се

конкурентни на системите за греење со нафта или со електрична енергија. Пелетите може да се користат и во системите за градско централно греење, како и во постројките за производство на електрична енергија. Исто така, може да се користат и во котлите наменети за согорување на јаглен. Дрвените пелети се произведуваат од суво, пред сè отпадно дрво од индустријата за преработка на дрво (струганици и ситен прав), но и од кора од дрво и од отпад при сечење на разни видови дрвени трупци. Материјалот претходно мора да се сомеле и исуши. Сомелениот материјал се збива во калап под висок притисок. Пелетите се со цилиндричен облик, со еднакви димензии, со што се олеснува нивниот транспорт, складирањето и користењето. Нема потреба да се користи средство за сврзување на честичките во пелетите, но ако се додава, средството мора да се означи и декларира при нивната продажба и користењето. За производство на пелети потребно е да се обезбедат соодветни количини на дрвен остаток. Во Македонија, типична суровина за пелети се струготините од бука, даб, топола, смрека (Picea abies) и/или борови (Pinus sylvestris). Други суровини, како што се тврдо дрво, кора, лесен материјал за разредување, одбрано дрво, остатоци од сеча, енергетско шумско гориво (како Salix), тресет или слама, може да се користат или мешани со меко дрво. Цената на суровините е еден од главните фактори за трошоци за производителите на пелети, додека изборот на вистинска суровина е важно прашање за производителите. Одделни истражувачи ги наведуваат следниве фактори колку што е потребно за да се добие висок квалитет на крајниот производ: добар санитарен квалитет (да се чува суровината од нечистотии, прашина и мувла); отстранување на хранливи делови при жетвата (почисти димни гасови); избегнување влажна суровина (ниска и хомогена содржина на влага обезбедува поголема издржливост на пелети) и мала количина на кора (обезбедува пониска содржина на пепел). Добар квалитет на енергија од пелети значи висока потрошувачка на енергија. Одбегнување на контаминација со, на пример, честички од песок (SiO_2, Al_2O_3) го минимизира ризикот од пропаѓањето во горилниците. Ако се разгледува пообемно зголемувањето на употребата на пелети, треба да се користат други суровини (алтернативни суровини) или мешавини на суровини или пак увозот на пелети треба да се зголеми. Следствено, неопходно е истражување кое ги испитува карактеристиките на пелетите на овие нови алтернативни суровини и мешавини на суровини, бидејќи овие нови материјали би можеле да имаат карактеристики кои се разликуваат од карактеристиките на пелетите направени од чисто стеблесто дрво.

Освен употребата на производи од дрво како суровина, има широк спектар на земјоделски производи кои можат да се користат за производство на пелети, самостојно или со мешање со струготина. Некои истражувачи проценуваат дека и двете енергетски култури и лигнин би можеле да стапат во употреба за производство на пелети во иднина, кои, исто така, укажуваат дека голем број земјоделски (и шумски) остатоци се произведуваат годишно во земјите во развој. Други истражувачи го моделирале потенцијалот за искористување на енергетски култури (трска) во северна и југоисточна Македонија. Сепак, за цела Македонија, експертско мислење од Македонското здружение за биоенергија (Свебио), во официјалниот извештај на македонската влада, македонското земјоделство има значителен биоенергетски потенцијал. Свебио наведува дека функционален синџир е неопходен за целосно искористување на потенцијалот на енергетските култури (слама, жито, врба, трска од канарска трева и коноп) како гориво, а култивирањето и собирањето мора да се координираат со транспортирање, складирање и согорување на културите. Ова е важно во економската перспектива и кога да се продаваат нови производи.

Главното прашање во обновувањето и рециклирањето на отпадот од дрво (односот помеѓу реверзибилна логистика и циркуларна економија) е тоа што, иако тоа може да биде далеку подобро како вреден ресурс во општеството, природата на постојниот систем за дрвни ресурси и неговите текови, не секогаш претставуваат директен предлог за зголемено користење. Предизвикот за растечката индустрија за рециклирање на дрво е како успешно да се трансформира отпадот од „погрешно време и место“ во „вистинско време и место на ресурси“. Ова ќе се постигне преку трансформација на овие материјали како „отпадоци“ на користени „ресурси“ преку зголемено редизајнирање на логистиката и создавање можности за поврат во повисока вредност, што претставува огромна комерцијална алтернатива или циркуларна економија.

Во **седмата глава** е претставена методологија на истражување или емпириско истражување со користење на SPSS (Statistical Packet for Social Science) и SEM (Structural Equation Modelling). Предмет на ова истражување е релацијата помеѓу циркуларната економија и реверзибилната логистика. Главен проблем ќе биде колку населението е спремно за спроведување на мерките и препораките и дали има заинтересираност за негово одржливо и рационално искористување за економски и еколошки цели. Насоките во кои се движи ова истражување се идентификување на сегашната и идната состојбата на локацијата. Заклучните согледувања ќе бидат претставени врз основа на добиените резултати од истражувањето и нивно елаборирање и анализирање.

Истражувањето ќе се состои од квантитативен и квалитативен пристап. Квантитативниот пристап ќе опфаќа мапирање на целни групи, спроведување на анкета и обработка на прашалник кој ќе биде изготвен за таа цел. Квалитативниот пристап ќе се примени за анализа на добиените податоци од анкетираните истражувања. Примената на прашалникот треба да даде податоци за информираноста и свеста кај население за значењето на соодносот меѓу циркуларната економија и реверзибилната логистика. Анонимниот прашалник е спроведен на територијата каде што е можна примена на спомнатите активности. Во истражувањето беа опфатени повеќе целни групи и поделени во неколку категории: возраст, пол, работен статус, степен на образование. Испитаниците се избрани по случаен избор и опфатени во целни групи кои директно или индиректно се поврзани со влијанието. Анонимно се испитани од 150 до 300 испитаници. χ^2-тестот, уште познат како и Пирсинов тест (Pearson), е еден од најпознатите непараметарски текстови врз база на контингенции. Овој тест е еден од најпрактичните и речиси најпременуваните тестови, а се користи во случаи кога податоците добиени од емпириското истражување се изразени во фреквенции. Доколку пресметаната вредност на χ^2 е помала од граничната вредност во таблицата, тогаш констатираме поврзаност помеѓу истражуваните појави, односно сличност на исказите. Во спротивен случај, кога пресметаната вредност на χ^2 е поголема од табличната, тогаш констатираме дека испитуваните искази се различни, односно има значајност за нашето истражување, бидејќи ја оправдува нашата цел. Конкретно, со χ^2-тестот ќе ја пресметаме категоријата за работен статус, а добиените резултати ќе ни овозможат поставување на конкретна стратегија за понатамошен одржлив развој.

Со χ^2-тестот се одредува веројатноста на поврзаност помеѓу две варијабили. Висината на поврзаност ја добиваме со користење *коефициент на контингенции (C)*. Вредноста на коефициентот на контингенции се движи од 0 до 1. Кога коефициентот на контингенции е поблиску до 1, толку меѓузависниот модалитет на испитувани варијабили е појак. Доколку добиениот коефициент е поблиску до 0, тогаш меѓузависноста не е јака. Согласно со целта на истражувањето, генерална хипотеза на истражувањето е: партиципативна стратегија во процесот на реверзибилна логистика и циркуларна економија е прифатливо решение за вработените во институциите кои произведуваат корисни рециклирани производи.

Според возраста на испитаниците (N_1) девет (9) прашања (2, 3, 6, 7, 9, 10, 11, 13 и 15) се со поголеми вредности од табеларните χ^2=5,991, шест (6) прашања (1, 4, 5, 8, 12 и 14) се со вредности помали од табеларните χ^2=5,991.

Според полот на испитаниците (N_2) четири (4) прашања (4, 11, 12 и 13) се со поголеми вредности од табеларните χ^2=5,991, единаесет (11) прашања (1, 2, 3, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 14 и 15) се со вредности помали од табеларните χ^2=5,991.

Според работниот статус на испитаниците (N_3) во ниту едно прашање не се со поголеми вредности од табеларните χ^2=5,991, а петнаесет (15) прашања се со вредности помали од табеларните χ^2=5,991.

Според образование на испитаниците (N_4) осум (8) прашања (1, 2, 3, 6, 7, 12, 14 и 15) се со поголеми вредности од табеларните χ^2=5,991, седум (7) прашања (4, 5, 8, 9, 10, 11 и 13) се со вредности помали од табеларните χ^2=5,991.

Ако набљудуваните и очекуваните фреквенции се исти, тогаш $\chi 2$=0. Ако набљудуваните фреквенциите што ги забележувате се различни од очекуваните фреквенции, вредноста на $\chi 2$ оди нагоре. Колку е поголема вредноста на $\chi 2$, толку е

поголема веројатноста дека распределбите се значително различни. P-вредност помала од 0,05 (обично ≤ 0,05) е статистички значајна. Тоа укажува на силен доказ против ништовната хипотеза, бидејќи постои помала веројатност од 5% нултата да е точна (и резултатите се случајни). Cromabch alpha е мерка на внатрешна конзистентност, односно колку се тесно поврзани збирот на предмети како група при емпириско истражување. Технички гледано, во истражувањето тоа не е статистички тест - тој е коефициент на сигурност (или конзистентност), а вредноста треба да е секогаш над 0,90.

Со употреба на SEM (Structural Equation Modelling), истражувачот може да спроведе потврден пристап при анализата на податоците. Како и да ги проценува параметрите на варијанса на грешка. SEM може да вклучува и забележани и латентни варијабли, додека поранешните методи се засноваат само на набљудувани мерења. Покрај горенаведените предности, истражувачот може да добие обединувачка рамка што одговара на бројни линеарни модели.

Добротворно толкување е дека SEM се блиску до вид на неформално размислување за зависностите, што е заедничко во социјално-научното теоретизирање и дека, според тоа, овие модели го олеснуваат преведувањето на таквите теории во анализа на податоци. Сепак, најчесто применливи или прифатливи вредности, но не секогаш или понекогаш ретко остварливи (апроксимативни) при истражување, за вклопување (соодветни индекси и добрина на соодветни индекси) се следниве со своите гранични мерки: CMIN/DF = 2 <CMIN/DF≤ 3, CFI = 0,95 < CFI < 0,97, AGFI = 0,85 < AGFI < 0,90, GFI = 0,90 < GFI < 0,95, NFI = 0,90 <NFI< 0,95, RMSEA = 0,05 < RMSEA < 0,08 итн.

Заклучоците што се добиени како резултат на оваа дисертација се претставени во **осмата глава**. Овој дел дава јасен преглед на клучните резултати во докторската дисертација. Со повеќе елаборации и сознанија или согледувања, дадени се следниве квалификации: цел, пристап, наоди и оригиналност, академско влијание и резултати од емпириското истражување.

На крајот на оваа дисертација, претставени се сите користени литературни извори, како и два прилога.

Предмет на истражување

Значајноста на врската помеѓу реверзибилната логистика и циркуларна економија за развојот и конкурентноста на одделни претпријатија или компании како општествени или социјални единици, а преку нив и на економиите и еколошките состојби во кои функционираат. Заедно презентираниот недостаток на сознанија во светската литература ја наметнува важноста за изборот и дефинирањето на факторите кои влијаат врз гореспомнатите концепти.

Имајќи предвид дека целокупниот развој е значително зависен од националните и регионалните околности како што се: релевантна легислатива, ниво на развој на индустријата, пристап до образовни и истражувачки институции, пазарен потенцијал, поддршка од страна на различните чинители во економскиот систем и екосистемот, како и ниво на развој на севкупниот систем. Предмет на истражувањето е клучната движечка улога на реверзибилната логистика врз циркуларната економија во разни полиња на производни процеси и активности. Сеопфатноста и целокупноста на улогата на двигателите во овие општествено-економски и еколошки системи, неопходно изискуваат конкретни истражувања и пронаоѓање на соодветни решенија, со единствена цел: поефикасни и повисоки економски добивки, развој на нови производи, користење на разни материјали од домашно потекло, помало загадување и заштита на животната средина.

Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата

Реверзибилната логистика е комплексна да се управува поради вклучената неизвесност, (спектарот на квалитетни производи, времето на повратот на производот и обемот на поврат). Компактниот дизајн на реверзибилната логистика може да придонесе за зголемување на ефикасноста на операциите. Поради тоа, рамката за дизајнирање на реверзибилната логистика треба да биде формализирана. Циркуларната економија се фокусира на поддршка за одделувањето на третманите помеѓу техничките и биолошките материјали за максимизирање на дизајнот за повторна употреба, за поврат во биосферата и задржување на вредноста преку иновации низ сите можни полиња. Целта на ова истражување е да се развие нова рамка за дизајнирање на операциите на реверзибилната логистика, врз основа на вредностите на циркуларната економија, која може да ја зголеми ефикасноста на операциите. Секако дека од овој

аспект треба да се посочи кон приватната иницијатива за спроведување на овие концепти, бидејќи многу поранешни социјалистички земји, како што е Северна Македонија, поседуваат општествен модел, каде што државата има управувачка улога во соработката помеѓу главните општествени сфери. Поради тоа, при истражувањето на општествените процеси како што е развојот на иновациите во компаниите во извесен регион, мошне значајно е да бидат земени предвид општествените и економските особености на предметниот екосистем.

Помеѓу останатите големи проблеми во Северна Македонија се и слабите перформанси на пазарот на трудот, како резултат на високата стапка на невработеност и слабиот економски раст во периодот на транзицијата и посебно сега во 21 век. Истовремено, иновациите се потенцијален извор за проширување на развојот на нови производи кај постојните бизниси, но и можност за отворање нови бизниси, придонесувајќи за отворање нови работни места, но и како централна сила за долгорочно закрепнување на постојните или евентуално нови компании. Капацитетот на компаниите да користат иновациски фондови или сопствени финансиски развојни средства е помеѓу најважните фактори кои имаат влијание на деловните перформанси.

Покрај евидентните светски трендови за поддршка на соодветни идеи за да бидат реализирани современи компании кои строго ќе се држат на економските доктрини и еколошките доктрини на што е можно помало загадување и подобрување на животната средина. Во оваа насока е фокусирано истражувањето во овој докторски труд – прифаќање на движечката улога на реверзибилната логистика врз циркуларната економија, истовремено користејќи и пополнувајќи ги домашните празнини во овие значајни полиња во домашната и странската литература.

Краток опис на применетите методи

За да се добие одговор на поставените цели на истражувањето, неопходна е опширна анализа на расположливата светска литература, но и спроведување квалитативно и квантитативно емпириско истражување. Во таа насока, применети се следниве методи:

Метод на опсервација и споредба – применет при анализата на релевантната литература за теоретската рамка за реверзибилна логистика и циркуларна економија.

Метод на анализа и синтеза – применет при анализа на релевантната светска литература за синтетизирање на факторите во концептуалниот модел.

Метод на интервјуа – квалитативен емпириски метод, применет преку употреба на структуриран водич за интервју при истражувањето на експертското мислење, со цел подлабоко разбирање на факторите и на елементите од кои се состојат.

Метод на анкетен прашалник – квантитативен емпириски метод, применет преку спроведување на структуриран анкетен прашалник при истражувањето на состојбата во односите на реверзибилната логистика и циркуларната економија.

Метод на статистичка анализа – применет за добивање на статистички податоци со користење на софтверски пакети SPSS и SEM.

Ваквата комбинација на методи овозможува одговарање на истражувачкото прашање во рамки на презентираните ограничувања во оваа дисертација.

Краток опис на резултатите од истражувањето

Изработката на оваа дисертација е со цел развој на методологија за соодветно интерпретирање на два поврзани концепта кои водат кон можноста за приближување кон нулта отпад, здрава животна средина, емисија на штетни гасови во воздухот и постигање на економски бенефит. Пополнува значителен недостаток во светската литература за разбирањето на фактори кои влијаат на поврзаноста и иновативноста и напредниот развој на основа на вкрстување на двата концепта.

ОЦЕНА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатот м-р Дејан Крстев, со наслов „Реверзибилната логистика како еден од клучните двигатели на циркуларната економија“, претставува сериозно истражување во областа на индустриското инженерство и менаџментот, со значителен осврт на влијанието на реверзибилната логистика врз циркуларната економија. Изработката на оваа дисертација е со цел развој на методологија за соодветно интерпретирање на два поврзани концепта кои водат кон можноста за приближување кон нулта отпад, здрава животна средина и постигање на економски бенефит. Пополнува значителен недостаток во светската литература за разбирањето на факторите кои влијаат на поврзаноста и иновативноста врз основа на вкрстување на двата концепта. Јасно дефинираните насоки за понатамошна употреба на методологијата за

поврзаноста и зависноста на реверзибилната логистика и циркуларната економија придонесуваат за лесна репликација на методологијата во соодветни екосистеми.

Докторската дисертација на кандидатот м-р Дејан Крстев, со наслов „Реверзибилната логистика како еден од клучните двигатели на циркуларната економија“, според мислењето на Комисијата за оцена, целосно ги исполнува условите и стандардите за квалитетно изработен докторски труд.

ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ

Кандидатот, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавил следниве рецензирани истражувачки трудови:

Преглед на објавени стручни и научни трудови

ПУБЛИКАЦИИ

1. KRSTEV, DEJAN AND POP-ANDONOV, GORAN AND KRSTEV, ALEKSANDAR AND DZIDROV, MISKO AND KRSTEV, BORIS (2014) THE INTELLIGENT TRANSPORT SYSTEMS – RISKS AND BENEFITS. INTERNATIONAL JOURNAL FOR SCIENCE, TECHNICS AND INNOVATIONS FOR THE INDUSTRY MTM (MACHINES, TECNOLOGIES, MATERIALS), 22 (9). PP. 42-45. ISSN 1310 – 3946
2. KRSTEV, DEJAN AND POP-ANDONOV, GORAN AND KRSTEV, ALEKSANDAR AND DZIDROV, MISKO AND KRSTEV, BORIS AND PAVLOV, SASHE (2014) THE MULTIPLE TRAVELLING SALESMAN PROBLEM AND VEHICLE ROUTING PROBLEM FOR DIFFERENT DOMESTIC DRINKS. INTERNATIONAL JOURNAL FOR SCIENCE, TECHNICS AND INNOVATIONS FOR THE INDUSTRY MTM (MACHINES, TECNOLOGIES, MATERIALS), 22 (3). PP. 96-98. ISSN 1310 – 3946
3. KRSTEV, DEJAN AND POP-ANDONOV, GORAN AND KRSTEV, ALEKSANDAR AND DZIDROV, MISKO AND KRSTEV, BORIS AND PAVLOV, SASHE (2014) THE USING OF SOLVER SOFTWARE AND VEHICLE ROUTING FOR THE TRAVELING SALESMAN PROBLEM. INTERNATIONAL JOURNAL FOR SCIENCE, TECHNICS AND INNOVATIONS FOR THE INDUSTRY (MACHINES, TECNOLOGIES, MATERIALS), 22 (9). PP. 38-42. ISSN 1310 – 3946
4. POPANDONOV, MARJAN AND KRSTEV, DEJAN AND POP-ANDONOV, GORAN AND KRSTEV, ALEKSANDAR AND KRSTEV, BORIS (2014) МОЖНИ РЕСУРСИ ЗА РЕЦИКЛИРАЊЕ ОД ИНДУСТРИСКИ И ЕЛЕКТРОНСКИ ОТПАДИ СО СОВРЕМЕНИ ТЕХНОЛОГИИ. NATURAL RESOURCES AND TECHNOLOGIES, 7 (7). PP. 51-67. ISSN 185-6966
5. KRSTEV, DEJAN AND POLENAKOVIK, RADMIL AND GOLOMEOVA, MIRJANA (2014) VEHICLE ROUTING AND SCHEDULING – THE TRAVELING SALESMAN PROBLEM. MECHANICAL ENGINEERING – SCIENTIFIC JOURNAL, PROCEEDINGS, 32 (1). PP. 109-117. ISSN 1857 – 5293
6. KRSTEV, BORIS AND KRSTEV, ALEKSANDAR AND KRSTEV, DEJAN (2012) THE RECENT TRENDS AND PERSPECTIVES OF LEACHING OR BIOLEACHING FROM NICKEL OXIDIZED ORES. MTM '12.
7. KRSTEV, BORIS AND KRSTEV, ALEKSANDAR AND KRSTEV, DEJAN AND VUCKOVSKI, ZORAN AND VUCKOVSKI, GOCE AND DANEVSKI, TOME (2012) THE RECOVERY OF THE BIOMASS WASTE FOR INDUSTRIAL PELLETS BY RECYCLING. MTM '12.
8. KRSTEV, DEJAN AND KRSTEV, ALEKSANDAR AND KRSTEV, BORIS (2012) APPLICATION OF THE MULTIMEDIA FOR WEB PAGE. TRANS$MOTOAUTO '12.
9. KRSTEV, DEJAN AND KRSTEV, ALEKSANDAR AND KRSTEV, BORIS AND TRAJKO, ELTON (2012) LOGWIN AG AS AN EXAMPLE FOR SUCCESSFUL TRANSPORT LOGISTICS. TRANS$MOTOAUTO.
10. KRSTEV, ALEKSANDAR AND KRSTEV, BORIS AND DIMITROVSKI, DARKO AND KRSTEV, DEJAN (2011) FOCUS AND CHALLENGE OF NATIONAL APPLIED INFORMATION SYSTEMS IN PRODUCTION PROCESSES OR ACADEMY AND ACCOUNTING FIRMS. NATURAL RESOURCES AND TECHNOLOGIES, 5 (5). ISSN 185-6966
11. KRSTEV, ALEKSANDAR AND DONEV, ALEKSANDAR AND KRSTEV, DEJAN (2011) INFORMATION TECHNOLOGY IN LOGISTICS: ADVANTAGES, CHALLENGES AND OPPORTUNITY FOR EFFICIENCY FROM PROBLEM DECISION IN DIFERENT ACTIVITIES. NATURAL RESOURCES AND TECHNOLOGIES, 5 (5). ISSN 185-6966
12. KRSTEV, ALEKSANDAR AND KRSTEV, BORIS AND GOLOMEOV, BLAGOJ AND GOLOMEOVA, MIRJANA AND KRSTEV, DEJAN (2011) THE CHOICE BETWEEN PREPARATION OF ELEMENTAL LEAD OR LEAD POWDER FROM GALENA CONCENTRATES FROM FYROM MINES. MTM '12.
13. KRSTEV, ALEKSANDAR AND KRSTEV, BORIS AND KRSTEV, DEJAN (2011) COMPUTER PRESENTATION OF EQUIPMENTS AND DEVICES BY MATHEMATICAL AND SOFTWARE PROGRAMMES METHODS. TRANS$MOTOAUTO.

14. KRSTEV, BORIS AND KRSTEV, ALEKSANDAR AND KRSTEV, DEJAN (2011) THE APPLICATION OF APPROPRIATE INFORMATION SYSTEMS IN DIFFERENT PROCESSES. TRANS$MOTOAUTO.
15. KRSTEV, BORIS AND KRSTEV, ALEKSANDAR AND KRSTEV, DEJAN (2011) THE APPROPRIATE LOGISTICS AND BUSINESS INFORMATICS IN LOCAL EDUCATIONAL ENVIRONMENT. TRANS&MOTOAUTO.
16. KRSTEV, BORIS AND KRSTEV, ALEKSANDAR AND KRSTEV, DEJAN (2011) THE PRODUCING OF LEAD AND ELEMENTAL SULFUR BY NEW TECHNOLOGIES FROM GALENITE ORES. PEIB '11, 7 (1).
17. Dejan KRSTEV, Biljana Nedeva, “Advanced warehouse technologies– Perspectives and possibilities” KNOWLEDGE – International Journal Vol.30.3 March, 2019
18. Dejan KRSTEV, Agron ALILI, “Using SPSS for research and data analysis” KNOWLEDGE – International Journal Vol.32.3 July, 2019

КОНФЕРЕНЦИИ

1. POP ANDONOV, GORAN AND STOILOVA, SVETLA AND MIRAKOVSKI, DEJAN AND SOVRESKI, ZLATKO AND KRSTEV, DEJAN AND PANOV, ZORAN (2013)STUDY OF RAIL TRANSPORT ALONG THE TRANS-EUROPEAN CORRIDORS OF THE REPUBLIC MACEDONIA. IN: SCIENTIFIC CONFERENCE ON AERONAUTICS, AUTOMOTIVE AND RAILWAY ENGINEERING AND TECHNOLOGIES, 16-18 OCT 2013, SOFIA, BULGARIA.
2. KRSTEV, ALEKSANDAR AND KRSTEV, BORIS AND ZDRAVEV, ZORAN AND KRSTEV, DEJAN AND GOCEV, ZIVKO AND ZIVANOVIC, JORDAN (2013) INFORMATION TECHNOLOGIES AND USING OF THE SOFTWARE TOOLS FOR THE COPPER KINETIC FLOTATION MODELLING. IN: MATERIAL, TECHNOLOGY, EDUCATION, SECURITY - MTM 2013, 27-28 JUNE 2013, VELIKO TARNOVO, BULGARIA.
3. KRSTEV, BORIS AND KRSTEV, ALEKSANDAR AND GOCEV, ZIVKO AND ZDRAVEV, ZORAN AND KRSTEV, DEJAN AND ZIVANOVIC, JORDAN (2013) USING APPLICATIVE SOFTWARE AND SOFTWARE TOOLS FOR THE PERFORMANCE OF LEACHING AND BIO-LEACHING. IN: MATERIAL, TECHNOLOGY, EDUCATION, SECURITY - MTM 2013, 27-28 JUNE 2013, VELIKO TARNOVO, BULGARIA.
4. KRSTEV, BORIS AND KRSTEV, ALEKSANDAR AND KRSTEV, DEJAN AND GOCEV, ZIVKO AND ZIVANOVIC, JORDAN AND JOVANOVSKI, VLATKO (2013) THE EFFICIENCES AND SELECTIVITY INDEXES – THE POSSIBILITY OF LEAD PRESENTATION AND APPLICATION OF USEFUL PROGRAMMES. IN: MATERIAL, TECHNOLOGY, EDUCATION, SECURITY - MTM 2013, 27-28 JUNE 2013, VELIKO TARNOVO, BULGARIA.
5. KRSTEV, ALEKSANDAR AND KRSTEV, BORIS AND ZDRAVEV, ZORAN AND KRSTEV, DEJAN AND ZIVANOVIC, JORDAN AND GOCEV, ZIVKO (2013) THE OPTIMIZATION AND MATHEMATICAL MODELS DETERMINATION OF COPPER RECOVERY – THE PRECONDITION FOR IMPROVEMENT OF RECOVERY IN BUCIM COPPER MINE. IN: BMPC 13, 12-16 JUNE 2013, SOZOPOL, BULGARIA.
6. KRSTEV, BORIS AND KRSTEV, ALEKSANDAR AND GOLOMEOV, BLAGOJ AND GOLOMEOVA, MIRJANA AND SALA, FERAT AND GOCEV, ZIVKO AND ZIVANOVIC, JORDAN AND KRSTEV, DEJAN (2013) THE PERFORMANCE OF LEACHING AND BIO-LEACHING FROM SULPHIDE ORES USING SEVOP. IN: BMPC 2013, 12-16 JUNE 2013, SOZOPOL, BULGARIA.
7. DANEVSKI, TOME AND SALA, FERAT AND KRSTEV, BORIS AND KRSTEV, ALEKSANDAR AND GOLOMEOVA, MIRJANA AND KRSTEV, DEJAN AND GOLOMEOV, BLAGOJ (2013) THE RECYCLING TECHNOLOGY – TREND AND CHALLENGE FOR NON-WASTE TECHNOLOGIES. IN: BMPC 2013, 12-16 JUNE 2013, SOZOPOL, BULGARIA.
8. KRSTEV, ALEKSANDAR AND KRSTEV, BORIS AND KRSTEV, DEJAN AND VUCKOVSKI, ZORAN (2012) THE TECHNICAL AND ECONOMIC EFFICIENCY IN THE MINERAL PROCESSING FOR LEAD-ZINC AND COPPER ORES BY MICROSOFT EXCEL. IN: MTM '12, SEPTEMBER 2012, VARNA, BULGARIA.
9. KRSTEV, ALEKSANDAR AND JOVANOVSKI, VLATKO AND KRSTEV, BORIS AND KRSTEV, DEJAN (2011) INFORMATION TECHNOLOGY IN LOGISTICS: ADVANTAGES, CHALLENGES AND OPPORTUNITY FOR EFFICIENCY FROM PROBLEM DECISION IN DIFFERENT ACTIVITIES. IN: SGEM 2011, ALBENA, BULGARIA.
10. KRSTEV, ALEKSANDAR AND KRSTEV, BORIS AND VUCKOVSKI, ZORAN AND VUCKOVSKI, GOCE AND KRSTEV, DEJAN (2011) THE APPLICATION OF THE INFORMATION SYSTEMS WITH POSSIBILITY AND PARTICIPATION IN SOME INDUSTRY PROCESSES. IN: THE XITH NATIONAL CONFERENCE WITH INTERNATIONAL PARTICIPATION OF THE OPEN AND UNDERWATER MINING OF MINERALS, JUNE 2011, VARNA, BULGARIA.
11. KRSTEV, BORIS AND GOLOMEOV, BLAGOJ AND KRSTEV, ALEKSANDAR AND VUCKOVSKI, ZORAN AND VUCKOVSKI, GOCE AND KRSTEV, DEJAN (2011) THE DESCRIPTIVE STATISTICS FOR THE INPUT PARAMETERS IN THE NEW SELECTIVE GALENA AND SPHALERITE FLOTATION IN SASA MINE, MACEDONIA. IN: THE XITH NATIONAL CONFERENCE WITH INTERNATIONAL PARTICIPATION OF THE OPEN AND UNDERWATER MINING OF MINERALS, JUNE 2011, VARNA, BULGARIA.
12. KRSTEV, ALEKSANDAR AND KRSTEV, BORIS AND KOKOTOV, MILE AND NUSHKOVA, SIMONA AND KRSTEV, DEJAN AND PENOVA,

MARIJA (2016) CABLE DISTRIBUTION SYSTEMS - AN ESSENTIAL ELEMENT OF THE GLOBAL INFORMATION SOCIETY. IN: ITRO 2016, 10 JUNE 2016, ZRENJANIN, SERBIA.

13. DEJAN KRSTEV , RADMIL POLENAKOVIK , MIRJANA GOLOMEOVA (2014) VEHICLE ROUTING AND SCHEDULING - THE TRAVELING SALESMAN PROBLEM. MECHANICAL ENGINEERING – SCIENTIFIC JOURNAL, VOL. 32, NO. 1, PP. 65–74
14. KRSTEV DEJAN, GECEVSKA VALENTINA, POLENAKOVIK RADMIL (2014), ENGINEERING AND ECONOMIC ANALYSIS OF COSTS AND THEIR EVALUATION FOR DOMESTIC PRODUCTS. IS '14
15. DEJAN KRSTEV, RADMIL POLENAKOVIC (2017), THE APPLICATION OF THE FLEET MANAGEMENT SYSTEM AND FIELDS OPS IN TRANSPORT LOGISTIC, Nis, Serbia. pp 227-230 (TIL 2017).
16. Dejan KRSTEV, Radmil POLENAKOVIC (2018), , DYNAMIC SYSTEMS IN THE SUPPLY OF PELLETS AND DISTRIBUTION OF THE PELLET PRODUCTION PROCESS, ICSCM, Paralia, Katerini, GREECE
17. Dejan KRSTEV et all. (2018)) *Application of Machine Learning in Software Engineering.*, ITRO 2018,
18. DEJAN KRSTEV, RADMIL POLENAKOVIC (2020), USING SPSS FOR DATA ANALYSIS OF RELATIONSHIP BETWEEN REVERSE LOGISTICS AND CIRKULAR ECONOMY, IAI VIRTUAL CONFERENCE, ISNN 2671-3179, pp. 88-96
19. DEJAN KRSTEV, RADMIL POLENAKOVIC (2020), MODELLING WITH STRUCTURAL EQUATION MODELLING – APPLICATION AND ISSUES, ITRO, SEPTEMBER, 2020,Zrenjanin, SERBIA

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Главните научни придонеси од оваа дисертација можат да се категоризираат во неколку нивоа. На ниво (1) фактори е покриен значителен недостаток во литературата за определување на фактори кои ќе ги дефинираат соодносите на реверзибилната логистика и циркуларна економија, со приказ во соодветни студии на случаи. На ниво (2) за модели на реверзибилна логистика и циркуларна економија со “3 R” (редуцирање, реупотреба и рециклирање на материјали/енергија). На ниво (3) методологија за истражување на иновативноста во конкретен екосистем, овозможува користење на научно потврдена методологија за анализа на рационализиран и поедноставен концепт на активности, процеси и операции за искористување на материјали, стари производи и отпадоци, со цел за добивање на нови корисни производи, стремејќи се кон нулта отпад. Оваа методологија е значајна алатка за истражувачите од областа, дополнително да ги разберат клучните движечки сили кои придонесуваат за иновативноста со примената на реверзибилната логистика и циркуларна економија во претпријатија со различни карактеристики (големина, различна индустрија, ниво на развој и сл.) во конкретни екосистеми. Добро толкување е дека SEM и SPSS се блиску до вид на неформално размислување за зависностите, што е заедничко во социјално-научното теоретизирање. Сепак, најчесто применливи или прифатливи вредности, но не секогаш остварливи при истражување, за вклопување се одделни гранични мерки. Емпириското истражување е корисна алатка кон осознавањето на посакуваните релации на одделни поими или концепти. Сепак, најбитни карактеристики при овие истражувања се познавањето или непознавањето на поимите или релациите кои се распознаваат во исказите, на основа на кои се донесуваат одлуките или идните решенија. Во моделирањето на структурни равенки-SEM, соодветните индекси утврдуваат дали, генерално, моделот е прифатлив. Ако моделот е прифатлив, истражувачите тогаш утврдуваат дали специфичните патеки се значајни. Прифатливите показатели за вклопување не значат дека односите се силни. Многу истражувачи препорачуваат поединците да користат низа соодветни индекси или индекси од различни класи, па оваа стратегија би ги надминувала ограничувањата на секој индекс.

Со оглед на наведеното, Комисијата со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет **да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатот м-р Дејан Крстев, со наслов „Реверзибилната логистика како еден од клучните двигатели на циркуларната економија“.**

КОМИСИЈА

Проф. д-р Ванчо Донев, претседател, с.р.
Проф. д-р Радмил Поленаковиќ, ментор, с.р.
Проф. д-р Валентина Гечевска, член, с.р.
Проф. д-р Атанас Кочов, член, с.р.
Вонр. проф. д-р Мишко Џидров, надворешен член, с.р.

Р Е Ф Е Р А Т

ЗА ИЗБОР НА ЕДНО ЛИЦЕ ВО СИТЕ НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ: ИСТОРИЈА НА МЕДИЦИНАТА, ЗДРАВСТВЕНИ КАДРИ И ЕДУКАЦИЈА, ЕКОНОМИКА НА ЗДРАВСТВОТО, ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ, КВАЛИТЕТ НА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ, ЗДРАВСТВЕНО ВОСПИТАНИЕ И ПРОМОЦИЈА НА ЗДРАВСТВОТО, ЗДРАВСТВЕНИ ИНДИКАТОРИ (ИНДИКАТОРИ НА ЗДРАВСТВЕНА СОСТОЈБА НА НАСЕЛЕНИЕТО) НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Медицински факултет – Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ од 11.5.2020 година, за избор на едно лице во сите научни звања во научните област: историја на медицината, здравствени кадри и едукација, економика на здравството, здравствено осигурување, квалитет на здравствено осигурување, здравствено воспитание и промоција на здравството, здравствени индикатори (индикатори на здравствена состојба на населението) и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-1868/8, донесена на 10.6.2020, формирана е Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Моме Спасовски, проф. д-р Фимка Тозија и проф. д-р Елена Ќосевска.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на едно лице во сите научни звања во научните области: историја на медицината, здравствени кадри и едукација, економика на здравството, здравствено осигурување, квалитет на здравствено осигурување, здравствено воспитание и промоција на здравството, здравствени индикатори (индикатори на здравствена состојба на населението), во предвидениот рок се пријави д-р Данче Гудева Никовска.

4. Биографски податоци и образование

Кандидатката д-р Данче Гудева Никовска е родена на 8.1.1969, во Струмица. Средно образование завршила во Гимназија „Јане Сандански“ на 10.6.1987 година. Со високо образование се стекнала на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на 31.5.1994 година. Дипломирала на 31.5.1994 година, со просечен успех 8,4.

Кандидатката активно се служи со англискот, германскиот, српскиот и бугарскиот јазик.

Во учебната 2003 година се запишала на втор циклус (магистерски) студии на Браун школа за јавно здравје при Хебрејскиот универзитет во Ерусалим, Израел. Студиите ги завршила на 21.10.2004 година, со просечен успех 88,56. На 19.9.2004 година го одбранила магистерскиот труд на тема: *Демографски, социо-економски и карактеристики на животен стил кај учесниците во МАБАТ-истражувањето како фактор за точна, помала или поголема проценка на висината и тежината – импликации за соодветноста на индексот на телесна маса пресметан од мерките*.

Докторска дисертација пријавила на 26.2.2014 година на Медицинскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје. Дисертацијата на тема: *Евалуација на јавноздравствениот систем во Република Македонија – правичност, пристап до здравствени услуги и социјални детерминанти на здравје на населението. Дали сме сите еднакви?* ја одбранила на 15.1.2015 година, пред Комисија во состав: проф. д-р Моме Спасовски, проф. д-р Драган Ѓорѓев, проф. д-р Розалинда Исјановска, проф. д-р Јованка Караџинска Бислимовска и проф. д-р Фимка Тозија (ментор). Со тоа се стекнала со научниот степен доктор на науки од научната област јавно здравство.

На 11.11.2015 година е избрана во звањето научен соработник на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во областа социјална медицина.

Во моментот е научен соработник на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на Катедрата за социјална медицина. Последниот реферат за избор е објавен во Билтен бр. 1107 од 15.9.2015 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, објавени во Билтен бр. 1003 од

1.3.2011 година, бр. 941 од 30.4.2008 година, бр. 1084 од 15.9.2014 година и бр. 1107 од 15.9.2015 година, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

5. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Медицински факултет, кандидатката д-р Данче Гудева Никовска изведува настава, вежби и клиничка пракса на прв циклус студии на студиската програма Медицина, на предметите: Вовед во медицина и медицински професии, Социјална медицина и здравствена економија, Промоција на здравје, Јавно здравство – клиничка пракса; Промоција на здравје и здравствено воспитување и Здравствено и социјално законодавство за медицински сестри и техничари, радиолошки технолози, логопеди и физиотерапевти, како и втор циклус студии на студиската програма Јавно здравје.

Кандидатката учествувала како член во комисија за оцена/или одбрана на 1 дипломска и 4 специјалистички трудови.

Кандидатката е автор на рецензиран учебник под наслов „Социјална медицина“, како и на поглавје во учебник по јавно здравје, издаден во употреба на универзитети во странство - METHODS AND TOOLS IN PUBLIC HEALTH A Handbook for Teachers, Researchers and Health Professionals

Научноистражувачка дејност

Д-р Данче Гудева Никовска има објавено вкупно 38 научни трудови од областа на јавното здравје, од кои од кои 7 научни труда во научни списанија со импакт-фактор (фактор на влијание), 18 труда во меѓународни научни списанија, 4 труда во меѓународни научни публикации и 20 труда во зборници од научни собири.

Д-р Данче Гудева Никовска била раководител на 5 национални и 5 меѓународни научни проекти.

Стручно-применувачка дејност и дејност од поширок интерес

До 2015 година, д-р Данче Гудева Никовска активно беше вклучена во стручно-апликативната работа на Министерството за здравство на Република Македонија, како координатор на проектот финансиран од Глобален фонд за борба против ХИВ/СИДА, туберкулоза и маларија (ГФАТМ) – компонента туберкулоз, вршејќи стручна супервизија на активностите финансирани од ГФАТМ кои се комплементарни на националната програма за туберкулоза, мрежата на патронажни сестри низ земјата кои спроведуваат директно набљудување на пациентите во тек на континуираното земање терапија, како и активностите на 8 невладини организации кои работат со вулнерабилните групи и групите под зголемен ризик.

Од јануари 2016, д-р Данче Гудева Никовска работи како офицер за исхрана и здравје во Канцеларијата на УНИЦЕФ, каде што во соработка со Министерството за здравство, Министерството за труд и социјална политика и Министерството за образование, активно работи на обезбедување евиденција за имплементација на системски промени за унапредување на здравјето на децата, особено на маргинализираните групи и децата со пречки во развојот.

Д-р Данче Гудева Никовска е активно вклучена и во стручно-апликативната работа на Министерството за здравство, Агенцијата за акредитација и квалитет на здравствените установи, како и на универзитетските клиники за патофизиологија, гинекологија и педијатрија. Врши стручна супервизија на активностите финансирани од УНИЦЕФ кои се комплементарни на националните програми за мајки и деца, а се имплементираат од страна на професионалните асоцијации на доктори и медицински сестри, како и домашни и меѓународни невладини организации.

Кандидатката д-р Данче Гудева Никовска остварила експертски активности со учество на 2 меѓународни и 12 национални проекти, како член во 5 работни групи и 7 комисии на Министерствто за здравство.

Стручно усовршување во странство остварила со студиски престој во Израел, Будимпешта и Истанбул.

Особена активност кандидатката покажува во дејностите од поширок интерес. Активно е вклучена во работата на стручни комисии и работни групи при Министерството за здравство:

- член на Национална комисија за изработка на Стратегија за борба против ХИВ/СИДА, 2018 – 2022 (Министерство за здравство);
- член на Национална комисија за изработка на акциски план за мајки и деца, 2016 – 2020 (Министерство за здравство);
- член на Работна група за изработка на Национална стратегија за јавно здравје, 2020 – 2030 (Министерство за здравство);
- член на Работна група за изработка на Национална стратегија за сексуално и репродуктивно здравје, 2016 – 2020 (Министерство за здравство);
- член на Работна група за развивање на Упатство за антенатална, интрапартална грижа во услови на COVID19 и бременост (Министерство за здравство);
- член на Техничка работна група во рамки на ООН за родова еднаквост и човекови права.

ОБРАЗЕЦ 1
ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат:
Данче Георги Гудева Никовска
Институција:
Институт за социјална медицина, Медицински факултет
Научна област: ***СОЦИЈАЛНА МЕДИЦИНА***

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАУЧНО ЗВАЊЕ ВИШ НАУЧЕН СОРАБОТНИК

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
1	Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус * Просечниот успех на прв циклус изнесува: 8,4 Просечниот успех на втор циклус изнесува: 88,56 Просечниот успех изнесува _____за интегрираните студии.	Да
2	Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира Назив на научната област: медицина; поле: јавно здравје; подрачје: социјални детерминанти на здравје.	Да
3	Објавени најмалку пет научни труда** во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор	Да
3.1	Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование Назив на научното списание: South East European Journal of Public Health Назив на електронската база на списанија: SEEJPH Наслов на трудот: Multidrug-resistant tuberculosis in Moldova and the Former Yugoslav Republic of Macedonia: The importance of the overall governance of the health systems (Original research) Година на објава: 2016	Да
3.2	Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови	Да

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
	Назив на научното списание: European Journal of Public Health Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): _____ Наслов на трудот: Beyond GFATM funding - is Republic of Macedonia up to the challenge to fight TB and HIV? Година на објава: October, 2015 Назив на научното списание: Macedonian Journal of Medical Sciences 09/2017 http://dx.doi.org/10.3889/oamjms.2017.170 Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): _____ Наслов на трудот: Validation of the ELISA Method for Quantitative Detection of TNF-α in Patients with Intracerebral Hemorrhage Година на објава: 2017 Назив на научното списание: Macedonian Journal of Medical Sciences 09/2017 http://dx.doi.org/10.3889/oamjms.2017.170 Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): _____ Наслов на трудот: Character and Temperament Dimensions in Subjects with Depressive Disorder: Impact of the Affective State on Their Expression. Година на објава: 2017 Назив на научното списание: Macedonian Journal of Medical Sciences 09/2017 http://dx.doi.org/10.3889/oamjms.2017.170 Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): _____ Наслов на трудот: Characteristics as Predictive Factors for the Occurrence of Depressive Disorder Година на објава: 2017 Назив на научното списание: Macedonian Journal of Medical Sciences 09/2017 http://dx.doi.org/10.3889/oamjms.2017.170 Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): _____ Наслов на трудот: Character and Temperament Dimensions in Subjects with Depressive Disorder: Impact of the Affective State on Their Expression. Година на објава: 2017	
3.5	Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји	Да

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
	Назив на зборникот: EUPHA conference, October, 2015, Milan, Italy Назив на меѓународниот собир: EU Public Health Associations conference Имиња на земјите: Австрија, Германија, Италија, Холандија, Словенија, Македонија, Србија, Хрватска, Бугарија, Грција Наслов на трудот: Drivers of inequity in access to healthcare in Republic of Macedonia Година на објава: 2015 Назив на зборникот: Денови на превентина медицина Назив на меѓународниот собир: Денови на превентивна медицина Имиња на земјите: Македонија, Србија, Хрватска, Бугарија, Грција Наслов на трудот: Prevalence of stunting and wasting among refugee children traveling on “Balkan Route” Година на објава: 2019 Назив на зборникот: 50th Days of preventive medicine Назив на меѓународниот собир: 50th Days of preventive medicine, Nis, Serbia, 2016 Имиња на земјите: Македонија, Србија, Хрватска, Бугарија, Грција Наслов на трудот: Health workforce migration in Republic of Macedonia – challenge or threat? Година на објава: 2016	
4	Познавање на најмалку еден странски јазик, определен со општ акт на Универзитетот, односно на самостојната висока стручна школа 1. Странски јазик: англиски 2. Назив на документот: Диплома за магистер по јавно здравје/сертификат за познавање на англиски јазик од Обединети нации/Професионални вештини за пишување на англиски јазик 3. Издавач на документот: Браун школо за јавно здравје, Хебрејски универзитет, Ерусалим, Израел/Обединети нации/Commonwealth of Learning 4. Датум на издавање на документот: 21.9.2004/10.9.2002	Да
5	Има способност за изведување на високообразовна дејност	Да

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА
Проф. д-р Моме Спасовски, с.р.
Проф. д-р Фимка Тозија, с.р.
Проф. д-р Елена Ќосевска, с.р.

ОБРАЗЕЦ 2

КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

Кандидат: ДАНЧЕ ГУДЕВА НИКОВСКА

(име, татково име и презиме)

Институција: Медицински факултет - УКИМ, Катедра за социјална медицина

Научна област: социјална медицина

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	**Назив на активноста:**	**Поени**
1	**Одржување на вежби за студенти од прв циклус студии** - по предметот: *Социјална медицина*	**3.48**
	Зимски семестар 2015 – 60 часа x 0,03	1.8
	Летен семестар 2016 – 56 часа x 0,03	1.68
2	**Одржување на клиничка пракса**	**9.6**
	Зимски семестар 2015 – 80 часа x 0,06	4.8
	Летен семестар 2016 – 80 часа x 0,06	4,8
3	**Консултации со студенти** во рамките на **постдипломска настава по јавно здравје (20 студенти x 0.2)**	**4**
	Консултации со студенти во рамките на постдипломска настава по јавно здравје за изработка на магистерски трудови во периодот од зимски семестар 2019 - 20 студенти x 0,2	4
4	**Одржување на вежби (лабораториски, клинички, аудиториски или изработка на семинарски труд)3**	**2.7**
	2 часа x 15 недели x 100 студенти (клиничка пракса) *0,03	2.7
5	**Член на комисија за оцена или одбрана на специјалистичка работа**	**0.6**
	3 комисии x 0.2	0.6
6	**ПРЕДАВАЧ И ИНСТРУКТОР на курсеви, школи и работилници**	**1.5**
	Истражувачки форум, **<u>предавач и инструктор</u>** за постдипломски студенти за изработка на предлог-проекти за магистерска теза, септември 2019, Медицински факултет – Скопје (1,5 бод)	1.5
	УЧЕСНИК на курсеви, школи, работилници	**9**
7	1. 8th European Public Health Conference, Health in Europe – from global to local policies, methods and practices, Milan, Italy, 14-17.10.2015 2. WHO Health financing course, Barcelona, Spain, 10-15.09.2015 3. The World Justice Project Rule of Law index 2015 report (1 бод) 4. The World Justice Project Rule of Law index 2016 report 5. The World Justice Project Rule of Law index 2017 report 6. UNICEF Results based management (RBM) workshop, 26-29.08.2019 7. UNICEF Health systems strengthening course, 01-15.09.2019, Budapest, Hungary 8. Commonwealth of Learning. English Professional Writing Skills, October 2019 ***9.*** Center for Universal Education at Brookings, UNICEF and University of California, Berkeley. E-Toolkit on gender equality in education, December, 2019	1 1 1 1 **1** 1 1 1 1
	Вкупно	**30,88**

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1	**Учество во меѓународен научен проект (како консултант 6 бода)**	**11**
	1. **Координатор** во проектот на **УНИЦЕФ за развој на методологија за ревизија на перинатален морталитет,** развој на материјали за обука и обучување за националната работна група и за советување на националното тело за ревизија, јули –декември 2018 (6 бода)	6
	2. **Учество во меѓународна евалуација на патронажната служба во регионот на Европа** (учесник, 5 бода)	5
2	**Раководител на национален научен проект**	**72**
	1. Раководител на УНИЦЕФ-евалуација за изработка на методологија за евалуација на програмата за ромски здравствени медијатори (6 бода)	6
	2. Раководител на пилот-проектот ”Nurturing care framework (NCF) in PCF* (*Nurturing care for early childhood development: a framework for helping children survive and thrive to transform health and human potential, SBN 978-92-415406 World Health Organization 2018**) –** декември 2018, Macedonian Medical Association и ADICD во соработка со УНИЦЕФ (6 бода)	6
	3. Раководител на истражување: Микронутриентен дефицит кај деца од школска возраст, УНИЦЕФ, 2017	6
	4. Раководител на истражување на јоден дефицит кај бремени жени, УНИЦЕФ, 2017 (6 бода)	6
	5. Раководител на бихејвиорален увид во однесувањето како метод за решавање на дебелината кај децата во Северна Македонија (6 бода)	6
	6. Раководител на истражување: Дебелината во детството и влијанијата врз здравствената состојба во возрасно доба (6 бода)	6
	7. Раководител на проект за адаптација на M-Chat алатка за рана детекција на деца со тешкотии во развојот, УНИЦЕФ, 2018 –2019 (6 бода)	6
	8. Раководител на пилот-студија за имплементација на скрининг за несакани искуства во детска возраст, УНИЦЕФ, 2018 – 2020 (6 бода)	6
	9. Раководител на проект за развивање на материјали и обука на здравствени професионалци од ПЗЗ за рана детекција и интервенција кај деца со тешкотии во развојот, УНИЦЕФ, 2016 – 2020 (6 бода)	6
	10. Раководител на проект за развивање на материјали и обука на здравствени професионалци од ПЗЗ за детекција и менаџмент на насилство врз деца, УНИЦЕФ, 2016 – 2020 (6 бода)	6
	11. Раководител на проект за развивање на материјали и обука на патронажни сестри за рана детекција и интервенција кај деца со тешкотии во развојот, УНИЦЕФ, 2016 – 2020 (6 бода)	6
	12. Раководител на одговорот на КОВИД-19 во рамките на здравствениот сектор, УНИЦЕФ, 2020 (6 бода)	6
3	**Учесник во национален научен проект**	**6**

	1. Советник за здравствени прашања за спроведување на УНИЦЕФ-мултикластерско истражување, 2018 – 2018 (3 бода)	3
	2. Советник за јавноздравствени прашања за спроведување на истражување за витални знаци (Vital signs study), Светска банка, 2019	3
	Вкупно од учество во проекти	**89**
4	**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание кое <u>има импакт-фактор</u>, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование (8 бода)**	**16**
	1. Thomas-Reilly RG, Tozija F, Soltan V, **Nikovska DG**, Crudu V, Atun R, McKee M. Multidrug-resistant tuberculosis in Moldova and the Former Yugoslav Republic of Macedonia: The importance of the overall governance of the health systems (Original research). SEEJPH 2016, posted: 11 January 2016. DOI 10.4119/UNIBI/SEEJPH-2016-85 2. **Gudeva Nikovska D**, Tozija F. Drivers of inequity in access to healthcare in Republic of Macedonia. European Journal of Public Health, October, 2015	8 8
5	**Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови (5 бода)**	**20**
	1. Vladimir Rendevski, Boris Aleksovski, Dragan Stojanov, Ana Mihajlovska-Rendevska, Vasko Aleksovski, Natalija Baneva–Dolnenec, Dijana Nikodijevic, **Dance Gudeva-Nikovska**. Validation of the ELISA Method for Quantitative Detection of TNF-α in Patients with Intracerebral Hemorrhage. Macedonian Journal of Medical Sciences 09/2017 http://dx.doi.org/10.3889/oamjms.2017.170 *2.* Bajraktarov S, Novotni A, Arsova S**, Gudeva-Nikovska D,** Vujovic V. Character and Temperament Dimensions in Subjects with Depressive Disorder: Impact of the Affective State on Their Expression. Macedonian Journal of Medical Sciences 02/2017**;** 5(1): 64–67 *3.* Bajraktarov S**, Gudeva- Nikovska D,** Manuseva N, Arsova S. Personality Characteristics as Predictive Factors for the Occurrence of Depressive Disorder. Macedonian Journal of Medical Sciences 02/2017**;** 5(1): 48–53 ***4.*** Bajraktarov S, Novotni A, Arsova S, **Gudeva-Nikovska D**, Vujovic V. Character and Temperament Dimensions in Subjects with Depressive Disorder: Impact of the Affective State on Their Expression. Open Access Macedonian Journal of Medical Sciences. 2017 Feb 15; 5(1):64-67.	5 5 5 5

	Вкупно од трудови in extenso	**36**
6	**Апстракти објавени во зборник на конференција со меѓународно учество (1 бод)**	**3**
	1. **Gudeva Nikovska D**, Tozija F. Drivers of inequity in access to healthcare in Republic of Macedonia, EUPHA conference, October, 2015, Milan, Italy 2. Spiroski I, Gudeva Nikovska D, Ristoska G. Prevalence of stunting and wasting among refugee children traveling on “Balkan Route”, Days of preventive medicine, 2019, Struga, Macedonia 3. Fimka Tozija, Miladinova D, Jankulovski N, **Gudeva Nikovska D**. Health workforce migration in Republic of Macedonia – challenge or threat? 50th Days of preventive medicine, Nis, Serbia, 2016	1 1 1
7	**Пленарни предавања на научен/стручен собир со меѓународно учество (3 бода)**	**6**
	1. **Gudeva Nikovska D**, Tozija F, Spasovski M. Drivers of smoking among TB patients in Republic of Macedonia: results from a case-control study. 16th World Conference on Tobacco or Health. April 4-7, Abu Dhabi, UAE 2. Gudeva Nikovska D, Tozija F. Migration of human resources for health in Republic of Macedonia – policy problem or policy solution? 7th MMSA Congress with international participation, Ohrid, Macedonia	3 3
	Вкупно	**134**

СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	**Назив на активноста:**	**Поени**
1	Координатор, Проектна единица за имплементација на програма за туберкулоза финансирана од Глобален фонд	2
2	Офицер за исхрана и здравје, УНИЦЕФ, Скопје, од 2016 до денес	**2**
3	**Воведување нова лабораториска/клиничка или јавноздравствена метода во областа на медицинските науки и здравство -првпат во државата воведена метода (4 бода)**	**12**
	Воведување на СЗО-меѓународна класификација на функционалност за проценка на деца со попреченост	4
	Воведување на проценка на несакани искуства во детството во 10 ординации на матични доктори	4
	Воведување на M-Chat алатка за скрининг на развојни тешкотии во секојдневната работа на матичните доктори	4
4	**Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир (1 бод)**	**1**
	Член на научен комитет на ESCON-меѓународна конференција, Скопје, 2018	1
5	**Експертски активности: евалуација, стручна ревизија, супервизија, технички извештаи, вешт наод и мислење, стручно мислење, проценка на капитал, систематизација, методологија (1 бод)**	**3**

	1.Координатор на Работната група за пополнување на инструментот на УНИЦЕФ „Every Newborn Action Plan“, одобрена од Министерство за здравство 2017 – денес (1 бод) 2. Координатор на Национална евалуација на работата на ромските здравствени медијатори, УНИЦЕФ, 2016 – 2017 3. Национален координатор на регионалната евалуација на патронажната служба во РМ, УНИЦЕФ, 2019 – 2020	1 1 1
6	**Стручна активност од областа на јавното здравство и соодветна област** **- учество во изработка на програма за превенирање на болести**	**2**
	Стручно лице на Работна група за предлагање на пилот-активности предвидени во Програмата за заштита на населението од ХИВ/СИДА за 2016 и целосна изработка на новата програма за заштита на населението од ХИВ/СИДА за 2017 година, како и подготовка на критериуми за избор на граѓански здруженија кои имаат можност да бидат вклучени во Регистарот на здруженија на граѓани на Р Македонија при Министерството за здравство во 2016 година	2
	Вкупно:	**22**
ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС		
		12
1	**Државна награда за научни постигнувања од струкова организација – самостоен (3 бода)** 7.4.2018, **Благодарница за активно учество во извршување на целите и задачите на Македонското лекарско друштво** од Македонското лекарско друштво 15.5.2018, **Благодарница за активно учество во извршување на целите и задачите на Здружението на медицински сестри, техничари и акушерки,** Здружение на медицински сестри, техничари и акушерки 7.4.2019, **Благодарница за активно учество во извршување на целите и задачите на Македонското лекарско друштво** од Македонското лекарско друштво 7.4.2020, **Благодарница за активно учество во извршување на целите и задачите на Македонското лекарско друштво** од Македонското лекарско друштво	3 3 3 3
3	**Студиски престој во странство** **- до 3 месеци (0,5 бода)**	**1.5**
	2nd Braun School of Public Health and Community Medicine Alumni development workshop, Jerusalem, Israel, 01-14.05.2016	0.5
	UNICEF/Nossal Institute for Global Health University of Melbourne. Health Systems Strengthening Training. Budapest, Hungary, September 2019	0.5
	English Professional Writing Skills. Commonwealth of Learning Programme, Istanbul, Turkey, October, 2019	0.5
	Учество во изработка на национална програма од одредена област (3 бода)	**18**
4	1. Член на Националната комисија за изработка на Стратегија за борба против ХИВ/СИДА, 2018 – 2022 (Министерство за здравство)	3

	2. Член на Национална комисија за изработка на акциски план за мајки и деца, 2016 – 2020 (Министерство за здравство) 3. Член на Работна група за изработка на Национална стратегија за јавно здравје, 2020 – 2030 (Министерство за здравство) 4. Член на Работна група за изработка на Национална стратегија за сексуално и репродуктивно здравје, 2016 – 2020 (Министерство за здравство) 5. Член на Работна група за развивање на Упатство за антенатална, интрапартална грижа во услови на COVID19 и бременост (Министерство за здравство) 6. Член на Работна група за изработка на Мастер план за мајки и деца 2030 (во изработка)	3 3 3 3 3
5	**Учевство во комисии и тела на државни и други органи (1 бод)**	**7**
	1. Член на Национален комитет за имунизација, од 2016 до денес 2. Член на Македонска лекарска комора, од 1994 до денес 3. Член на Национален комитет за мајки и деца, од 2016 до денес 4. Член на Македонско лекарско друштво, од 1994 до денес 5. Член на Национален комитет за доење 6. Член на Национална комисија за ХИВ/СИДА, од 2016 до денес 7. Член на Техничка работна група во рамки на ООН за родова еднаквост и човекови права	1 1 1 1 1 1 1
	Вкупно	**60.5**

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТКАТА ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	**30,88**
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	**134**
СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ	**22**
ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС	**38,5**
Вкупно	**225,38**

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Моме Спасовски, с.р.
Проф. д-р Фимка Тозија, с.р.
Проф. д-р Елена Ќосевска, с.р.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатата, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-применувачката дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Данче Гудева Никовска.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Данче Гудева Никовска поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето виш научен соработник во научните области историја на медицината, здравствени кадри и едукација, економика на здравството, здравствено осигурување, квалитет на здравствено осигурување, здравствено воспитание и промоција на здравството, здравствени индикатори (индикатори на здравствена состојба на населението).

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, д-р Данче Гудева Никовска да биде избрана во звањето **виш научен соработник во научните области:** историја на медицината, здравствени кадри и едукација, економика на здравството, здравствено осигурување, квалитет на здравствено осигурување, здравствено воспитание и промоција на здравството, здравствени индикатори (индикатори на здравствена состојба на населението).

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Моме Спасовски, с.р.
Проф. д-р Фимка Тозија, с.р.
Проф. д-р Елена Ќосевска, с.р.

Р Е Ц Е Н З И Ј А

ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ВЛИЈАНИЕТО НА УМЕРЕНАТА ХИПОТЕНЗИЈА ВРЗ МОЗОЧНАТА ОКСИГЕНАЦИЈА КАЈ ПАЦИЕНТИ ВО ОПШТА АНЕСТЕЗИЈА ПРИ РИНОСЕПТОПЛАСТИКИ“ ОД СИЛВАНА КРАЛЕВА, ПРИЈАВЕНА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, на својата XXVI редовна седница одржана 10.6.2020 година, а по предлог на Советот на студиската програма на трет циклус студии - докторски студии, студиска програма на медицина, во согласност со Законот за високото образование на Република Македонија, а врз основа на член 112 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија број 82/2018), член 275 од Статутот на Медицинскиот факултет во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје (бр. 458 од 17.10.2019) и член 61 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус – докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје (Универзитетски гласник бр. 245/2013), формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатката д-р Силвана Кралева со наслов: „Влијанието на умерената хипотензија врз мозочната оксигенација кај пациенти во општа анестезија при риносептопластики“, во состав: проф. д-р Мирјана Шошолчева, претседател, н. сов. Билјана Ширгоска, ментор, проф. д-р Билјана Кузмановска, член, проф. д-р Јане Нетковски, член и проф. д-р Бети Зафирова Ивановска, член.

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет му го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

АНАЛИЗА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатката д-р Силвана Кралева, со наслов: „Влијанието на умерената хипотензија врз мозочната оксигенација кај пациенти во општа анестезија при риносептопластики“, содржи 121 страница компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman, со 1,15 проред и големина на букви 12, и 204 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии и книги. Трудот започнува со апстракт на македонски и англиски јазик и листа на кратенки. Структуриран е во 7 глави, вовед, мотив и цели за изработка на докторскиот труд, материјали и методи на истражувањето, статистичка анализа на резултатите, дискусија, заклучни согледувања и користена литература. Текстот е збогатен со 37 табели и 16 графикони. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Првата глава од докторската дисертација претставува **Вовед,** кој е правилно структуриран и започнува со физиологијата на кардиоваскуларниот систем и крвниот притисок. Продолжува со ефектите на различни анестетици на кардиоваскуларниот систем кои можат да предизвикаат кардиоваскуларна депресија и хемодинамска нестабилност со дејство врз срцевиот аутпут, срцевата фреквенција, срцевиот спроводен систем, васкуларната резистенција, миокардната контрактилност, коронарниот проток и крвниот притисок. Даден е осврт на мозочната циркулација и авторегулацијата на мозочната циркулација и мозочната оксигенација. Се потенцираат ефектите на акутната хипоксија, парцијалниот притисок на јаглерод диоксидот, анемијата, како и хипо- и хипертермијата на регулацијата на мозочниот крвен притисок. Познавањето на ефектите на анестетиците врз мозочната циркулација и авторегулација е од значење за мозочната

перфузија и оксигенација. Интравенските и инхалациските анестетици доведуваат до дозно зависно намалување на мозочниот метаболизам и мозочниот крвен проток. Комбинацијата од пропофол со ремифентанил дава дозно зависно намалување на церебралниот крвен проток со сочувана мозочна авторегулација и сочувана мозочна васкуларна резистенција. Следува опис и индикации за примена на хипотензивната анестезија како анестезиолошка техника со нејзините придобивки потврдени во повеќе студии. Методите за постигнување хипотензивна анестезија вклучуваат специфична положба на пациентот, механичка вентилација со примена на позитивен енд-експираторен притисок и лекови, како што се: антихипертензиви, периферни вазодилататори, симпатични антагонисти, калциум-блокатори и АЦЕ-инхибитори, а од анестетиците, пропофолот, ремифентанилот, севофлуранот, изофлуранот, десфлуранот и енфлуранот. Воведот продолжува со опис и историски развој на мозочниот оксиметар за мерење на регионалната мозочна оксигенација (rSO2) со употребата на NIRS-технологијата (Near Infrared Spectroscopy). Употребата на овој монитор овозможува следење и одржување на мозочната оксигенација во граници на нормални вредности, што е особено важно во превенцијата на хипоперфузија на мозокот и хипоксија кои можат да доведат до промена во невролошкиот статус и когнитивни дисфункции. Опишани се техничките карактеристики на NIRS-мониторот, како и нормалните вредности на мозочната сатурација кај буден пациент и во текот на општа анестезија. На мозочната сатурација влијаат повеќе фактори, како што се позицијата на пациентот, парцијалниот притисок на јаглеродниот двеоксид (PaCO2), концентрацијата на хемоглобин, хипо- и хипертермијата, интракранијалниот притисок, средниот артериски притисок и видот на анестетикот. Во клиничката практика, NIRS-мониторот се користи кај пациентите подложени на голем број хируршки интервенции и при интервенции каде што е потребна хипотензивна анестезија. Една од индикациите за употребата на умерена хипотензивна анестезија се и пластично-реконструктивните операции на нос, при кои се прават остеотомии на назалните коски: септопластика и ринопластика. Со употребата на NIRS-мониторингот се превенираат можните несакани ефекти, како што е пад на средниот артериски притисок и пад на мозочната сатурација со навремено преземање на мерки за подобрување на мозочната оксигенација.

Втората глава ги содржи **мотивот и целите на студијата**. Мотивот произлегува од потребата за водење безбедна умерена хипотензивна анестезија со вредност на средниот артериски притисок кај возрасни пациенти од 60 до 80 mmHg. За ова да се постигне, покрај употребата на стандардниот кардиоваскуларен мониторинг, потребен е и NIRS-мониторот. Основен мотив за изработка на студијата е неговата употреба за континуирано следење на вредноста на мозочната сатурација, како и корелацијата помеѓу вредноста на средниот артериски притисок и мозочната сатурација како основа за безбедност на пациентот во тек на општата хипотензивна анестезија. Целите се јасно дефинирани и образложени: да се утврди базалната вредност на мозочната сатурација измерена со NIRS-мониторот пред вовед во општа анестезија и континуирано да се следи во тек на општата анестезија со примена на умерената хипотензивна техника во тек на хируршката интервенција; да се постигне умерена хипотензија во тек на општата анестезија и вредноста на мозочната сатурација измерена со NIRS-мониторингот во тек на општата хипотензивна анестезија; да се утврди ефектот на умерената хипотензија врз изгледот на оперативното поле, оценета од страна на хирургот преку одредување на вредноста на Fromme-Boezaart-овата скала и да се утврди ефектот на умерената хипотензија врз враќањето на виталните параметри постоперативно во соба за будење, преку одредување на Aldrete-скорот за будност на пациентот.

Во **третата глава** се презентирани **материјалот и методите** кои се примениле во ова истражување, кое претставува проспективна, интервенциона, клиничка студија

изработена во период од една година. Студијата е спроведена во ГОБ „8-ми Септември”, во Скопје, на Одделот за анестезија, реанимација и интензивно лекување, во соработка со Одделот за уво, нос и грло. Студијата е во согласност со декларацијата од Хелсинки и со одобрување од Етичката комисија за клинички истражувања на Медицинскиот факултет во Скопје, како и со согласност од стручниот колегиум на болницата. По добивање на потпишана информирана согласност, 101 пациент се вклучени во истражувањето според критериуми за вклучување и исклучување. Пациентите биле примени за пластично-реконструктивни операции на нос, со Dg. Deviatio septi nasi, за септопластика и ринопластика. Следела премедикација со амп. апаурин од 10 mg и амп. атропин од 0,5 mg интрамускуларно. Во оперативна сала се спроведени: основен мониторинг, електрокардиографија, периферна сатурација на крв со кислород, неинвазивно мерење на среден артериски притисок, пулсна фреквенција на срцето и мозочна сатурација. Мерењето на мозочната сатурација се изведувало со помош на INVOS™ Somanetics, мозочен оксиметар кој се базира на NIRS-технологијата. Нормалната вредност на мозочната сатурација кај буден пациент се движи од 55 до 80 %, додека во тек на општата анестезија е дозволен пад до 20 % од базалната вредност. Како мозочна десатурација е дефиниран падот на вредноста на сатурацијата во тек на општата анестезија за повеќе од 20 % од базалната вредност. Пациентите според анестезиолошкиот протокол се воведени во анестезија со фентанил во доза од 1,5 до 2 μg/kg tt, пропофол во доза од 2 до 2,5mg/kg tt, и мускулна релаксација со рокурониум 0,5 mg/kg tt. Анестезијата продолжила со континуирана инфузија на ремифентанил со концентрација од 50 μg/ml и почетна доза од 0,5 μg/kg/min, со можност за нејзина корекција сè до постигнување на посакуваниот среден артериски притисок. Целта била да се постигне и одржува среден артериски притисок од 60 до 80 mmHg, односно умерена хипотензија во тек на целата хируршка интервенција. За одржување на анестезијата се користеле анестетички гасови O2 и N2O во однос 50:50, и волатилен анестетик севофлуран во доза од 1-2 Vol%. По интубација и подготовка на оперативното поле, горниот дел од телото на секој пациент се покренал за 30°. Вредностите на поставениот мониторинг биле следени континуирано, во следните временски интервали: T1 – пред вовед во анестезија, на буден пациент кој дише собен воздух; T2 – по вовед во анестезија и интубација; T3 – 10 минути по вовед во анестезија, со вклучен ремифентанил и севофлуран, и поткренат горен дел од телото за 30°, T4 – 30 минути по вовед во анестезија и T5 – буден пациент, по екстубација во сала. Изгледот на оперативното поле бил оценуван од страна на хирургот на крај на хируршката интервенција, со употреба на Fromme – Boezaart скалата, бодирана од 0-5: 0-без крвавење; 1-слабо крвавење без потреба од сукција; 2-слабо крвавење со повремена сукција, без покривање на оперативното поле; 3-слабо крвавење со повремена сукција, крвавењето го покрива оперативното поле по неколку секунди; 4-умерено крвавење, потреба од чести сукции при што крвавењето го покрива оперативното поле веднаш по сукција и 5-јако крвавење, потреба од чести сукции, крвавењето е поголемо од можноста за сукција и не постојат услови за работа. Постоперативно, во соба за будење, 10 минути по изнесување на пациентот од операциона сала, се одредувал модифициран Aldrete-скорот за будност на пациентот (скоринг-систем за следење на закрепнувањето и враќање на виталните функции на пациентот по анестезија), при што биле одредувани следните параметри: периферна сатурација, моторна активност, свесност, респирација и артериски притисок кај пациентите, со бодови од 0 до 2 за секој параметар. Максималната вредност на Aldrete-скорот изнесува 10, а препорачаната вредност што означува комплетно враќање на виталните параметри кај пациентот изнесува 9-10. Во однос на безбедноста и несаканите ефекти кај пациентот, следена е појава на длабока хипотензија со пад на средниот артериски притисок под 50 mmHg, брадикардија со срцева фреквенција под 45 удари/мин. и пад на мозочната сатурација за повеќе од 20 % од базалната вредност измерена на буден пациент.

Во **четвртата глава,** докторантката ги прикажува **резултатите од истражувањето** кои се статистички обработени со програмот Statistica for Windows 7,0 и SPSS-верзија 20. Во студијата биле вклучени 101 пациент предвидени за операции на нос, и тоа: септопластика и ринопластика. Од испитаниците, 59 биле мажи и 42 жени со просечна возраст кај мажите од 31±7,5 години, сигнификантно повисока од онаа кај жените која изнесува и 27,9±7,4 години. Анализата на испитаниците според тежината покажува дека просечната тежина кај мажите била сигнификантно повисока 82,6±13,6 кг во однос на онаа кај жените која изнесува 63,9±13,2 кг. Постои статистички сигнификантна разлика и помеѓу двата пола во однос на body mass index (БМИ) со сигнификантно повисок БМИ кај пациентите од машки пол, 26,1±3,5 kg/m², наспроти 23,6±4,1 kg/m². Во однос на пушачкиот статус, резултатите покажуваат дека процентуалната разлика помеѓу застапеноста на испитани, па така пушачи, односно непушачи од пациентите со машки пол се 27 (45,8 %), наспроти 32 (54,2 %), а кај женскиот пол се 20 (47,6 %), наспроти 22 (52,4 %). Пациентите во целиот примерок се анализирани и во однос на доминантната рака во извршување на секојдневните активности, и тоа: десна, лева и десна и лева. Резултатите покажуваат дека од сите пациенти, 3 ја користеле доминантно левата рака, 95 ја користеле десната рака и 3 ги користеле двете раце. Не постои сигнификантна поврзаност помеѓу полот на испитаниците и страната на користена лева/десна рака. Во однос на АСА-класификацијата, во АСА 1 и АСА 2-групата биле 14, односно 45 мажи и 8, односно 34 жени. Не е најдена сигнификантна поврзаност помеѓу полот на испитаниците и АСА-статусот. Анализата на испитаниците во однос на лабораториските параметри: хемоглобин, хематокрит и доза на ремифентанил, покажува дека постои статистички сигнификантна разлика помеѓу двата пола во однос на вредностите на хемоглобинот со сигнификантно повисока вредност кај мажите, 15,1±0,9 g/dl, наспроти 13,5±1,1 g/dl кај жените, како и за вредностите на хематокритот 43,8±2,7, наспроти 39,9±3,1. Не е утврдена статистички сигнификантна разлика помеѓу двата пола во однос на добиената доза на ремифентанил, 0,51±0,1 μg/kg/min кај мажите, наспроти 0,48±0,1 μg/kg/min. Направена е анализа на средниот артериски притисок, мерен кај сите 101 пациент во пет времиња (T1-T5). Резултатите покажуват дека просечната вредност на средниот артериски притисок се намалува во времињата T1-T4, а највисока била во T5. Кај 50 % од пациентите, просечната вредност на средниот артериски притисок била под: 95 mmHg во T1; 89 mmHg во T2; 73 mmHg во MT3; г) 67 mmHg во T4; и 101 mmHg во T5. Постои сигнификантна разлика, за $p<0,05$, помеѓу просечните вредности на средниот артериски притисок во петте времиња на мерење. Резулатите покажуваат дека по вовед во анестезија и вклучување на ремифентанил, вредноста на средниот артериски притисок се намалувала до времето T4, со добивање на најниска просечна вредност на средниот артериски притисок од 66,6 mmHg, со што е добиена умерена хипотензија, со вредност на MAP од 60 до 80 mmHg. Во T5, просечната вредност на средниот артериски притисок изнесувала 101,32 mmHg, што одговара на моментот кога испитаниците биле будни и екстубирани во операционата сала. Во однос на срцевата фреквенција, најниската просечна вредност била регистрирана во T4 (периодот кога се изведени остеотомиите на назалните коски) и T1, а највисоката во T2 и T5 (кога испитаниците биле будни и екстубирани). Постои сигнификантна разлика меѓу просечните вредности на срцевата фреквенција во петте времиња на мерење. Во однос на мозочната сатурација во левата хемисфера, вредностите се најниски во T (73,9±6,1%) и T4 (78,8±7,5%), а највисоки во T2 (85,1±7,6%) и T5 (83,9±7,6%). Најдена е статистички сигнификантна разлика, за $p<0,05$, меѓу просечните вредности на мозочната сатурација во левата хемисфера во петте времиња на мерење. Овие резултати покажуваат дека мозочната сатурација во левата хемисфера во тек на општата анестезија растела во сите мерени времиња и останала повисока во споредба со почетната, пред вовед во анестезија, и дека по будење од анестезија, мозочната сатурација била сè уште на повисоко ниво, што значи мозокот имал

подобра оксигенација од пред воведот во анестезија. Анализата на трендот на промена на мозочната сатурација во левата хемисфера во сите пет времиња на мерење во текот на интервенцијата покажува дека имало пораст, и тоа најголем во T2, а потоа во T5 и T3, додека најмал пораст имало во T4. Најмала промена на мозочната сатурација во левата хемисфера се гледа во T4 во однос на T3. Сумирано од овие резултати се гледа дека во тек на општата анестезија, вредноста на мозочната сатурација во левата хемисфера останала сигнификантно повисока во однос на почетната вредност кај буден пациент, но со тренд на постепено опаѓање, што се објаснува со водењето на пациентот во умерена хипотензија. Вредностите за мозочната сатурација на десната хемисфера за секое од петте времиња на мерење покажуваат дека најниската просечна вредност на сатурација на десната хемисфера е регистрирана во T1 (74,5±5,7%) и T4 (79,4±6,8%), а највисоката во T2 (85,7±7,0%) и T5 (83,9±6,8%). Постои статистички сигнификантна разлика, за $p<0,05$, меѓу просечните вредности на мозочната сатурација на десната хемисфера во петте времиња на мерење. За мозочната сатурација на десната хемисфера се добиени слични резултати како и за левата мозочна хемисфера. Имено, мозочната сатурација по вовед во општа анестезија се зголемувала и останувала на повисоко ниво од почетната вредност во тек на целата општа анестезија, како и на крај на општата анестезија, по будење на пациентот. При анализа на трендот на промена на мозочната сатурација на десната хемисфера, најдено дека има тренд на пораст во T2 во однос на T1, пад во T3 во однос на T2 и тренд на пораст во T5 во однос на T4. Најголемата промена во мозочната сатурација е кај T2 во однос на T1, па потоа во T5 во однос на T4. Најмала промена во мозочната сатурација во десната хемисфера има во T4 во однос на T3. Сумираните резултати од вредностите на мозочната сатурација на десната хемисфера покажуваат дека најголемата промена во мозочната сатурација е во T2 во однос на T1, па потоа во T5 во однос на T4. Најмала промена во мозочната сатурација во десната хемисфера е во T4 во однос на T3. Во тек на општата анестезија, вредноста на мозочната сатурација за десната хемисфера е сигнификантно повисока во однос на почетната вредност кај буден пациент, но со тренд на постепено опаѓање, што се објаснува со водењето на пациентот во умерена хипотензија. Во T5, периодот на буден и екстубиран пациент во сала, вредноста на мозочната сатурација десно (83,9 %) била повисока во однос на онаа во T1 за 12,68 % (но со тренд на пораст и во однос на вредноста во T4 за 5,78 %). Направена е споредба на вредностите на мозочната сатурација на левата и десната хемисфера во петте времиња на мерење и е покажано дека во ниедно од петте времиња на мерење немало сигнификантна разлика. И во двете мозочни хемисфери со умерена хипотензија постигната е подобра мозочна оксигенација од почетната, како и по завршување на општата анестезија кај буден пациент. Резулатите од корелацијата помеѓу средниот артериски притисок, мозочната сатурација во левата и десната хемисфера во сите пет временски точки покажуваат дека постои позитивна линеарна корелација помеѓу измерените вредности на артериски притисок и соодветните вредности на мозочната сатурација на левата и десната хемисфера. Намалувањето на средниот артериски притисок, од 94,64 mmHg во T1 на 52 mmHg во T3, е најголемо и тогаш е намалена и вредноста на мозочната сатурација. Зголемувањето на средниот артериски притисок во T5 е сигнификантно во однос на вредностите во претходните времиња и тогаш е сигнификантно зголемена и мозочната сатурација во левата комора. Следат резултати за квалитетот на оперативното поле според FBS (Fromme-Boezaart Scale) скалата, бодирана во 6 степени, почнувајќи од 0 - бескрвно оперативно поле, завршувајќи со 5 - обилно крвавење со неможност за работа од страна на хирургот. Покажано е дека од вкупно 101 пациент во истражувањето, најголемиот број од пациентите, или 50 (58,41 %) имале оценка „1“, што означува слабо крвавење без потреба од сукција, 40 пациенти (39,60 %) имале оценка „2“, што означува слабо крвавење со повремена сукција без да се покрие оперативното поле и само 2 пациента (1,98 %), оценка „3“, што значи слабо крвавење со повремена сукција и каде што

крвавењето го покрива оперативното поле. Анализата на резултатите од Aldrete-скорот за будност на пациентот покажува дека просечниот Aldrete-скор изнесува 9,7±0,4 со минимална, односно максимална вредност од 9/10. Кај 50 % од пациентите, и тоа 72 (71,29 %), висината на овој скор изнесува 10. Ова значи дека испитаниците, 10 мин. по изнесувањето од операциона сала биле будни, свесни, со можност за извршување на наредби. Следат резултати од 8 параметри, возраста, полот, body mass index, користената доминантна рака, пушењето, ACA-статусот, хемоглобинот и хематокритот како предиктори на мозочната сатурација во двете хемисфери. Вредностите на овие предиктори мерени предоперативно, во T1 покажуваат дека возраста, пушењето и ACA-статусот немаат сигнификантно влијание врз варијабилитетот на мозочната сатурација на левата хемисфера во T1, додека тоа не е случај со полот, body mass index-от, доминантно користената рака, хемоглобинот и хематокритот кои имаат сигнификантно влијание. Во однос на резултатите од вредностите на истите предиктори и влијанието врз мозочната сатурација на десната хемисфера, тие покажуваат дека возраста, body mass index-от, пушењето и ACA-статусот немаат сигнификантно влијание, додека полот, доминантно користената рака, хемоглобинот и хематокритот сигнификантно влијаат врз варијабилитетот на мозочната сатурација во десната хемисфера.

Во **петтата глава,** во обемната дискусија, докторантката ги коментира резултатите од сопственото истражување, кои се концизно и јасно објаснети. Добиените резултати, особено оние од испитувањето на вредностите на мозочната сатурација, истовремено ги споредува со веќе објавени резултати во литературата од таа област. Резултатите од ова истражување корелираат со резултатите од студиите кои ги испитувале вредностите на базалната мозочна сатурација измерена со NIRS-мониторот. Од резултатите во ова истражување може да се види дека во текот на општата анестезија, највисока вредност за мозочната сатурација е измерена во T2-периодот, односно моментот веднаш по вовед во анестезија, што се објаснува со ефектот на анестетиците врз мозокот. Ефектот на анестетиците врз мозочната сатурација е испитуван во многу студии и резултатите од ова истражување се совпаѓаат со други студии. Во однос на резултатите на средниот артериски притисок во тек на умерената хипотензија, добиена е вредност на мозочната сатурација која малку се разликува од базалната вредност, и ова корелира со резултати од други студии, каде што е покажано исто како и во ова истражување дека хипотензивната анестезија ја подобрува мозочната сатурација во двете хемисфери во тек на целата анестезија, како и на крај на анестезијата, по будењето. Употребата на ремифентанил во комбинација со севофлуран довела до умерена хипотензија и задоволителен изглед на оперативното поле, што се совпаѓа со други студии. Поврзаноста помеѓу средниот артериски притисок и мозочната сатурација во тек на општата анестезија која е испитувана во оваа студија е предмет на испитување и во други студии. Дискусијата завршува со препорака за употребата на NIRS-мониторот, која се базира на добиените резултати од оваа студија.

Во **шестата глава,** кандидатката ги претставува **заклучните согледувања** кои се коректно формулирани и ги потврдуваат појдовните цели на истражувањето. Врз основа на добиените резултати од ова истражување се заклучува дека умерената хипотензија индуцирана со ремифентанил и севофлуран ја подобрува ткивната оксигенација, како и мозочната сатурација кај пациентите во општа анестезија подложени на септопластика и ринопластика и дека постои позитивна корелација помеѓу вредноста на средниот артериски притисок и вредноста на мозочната сатурација во тек на умерената хипотензија при општа анестезија. Заклучено е дека стабилниот среден артериски притисок во тек на умерената хипотензија придонесува за стабилна мозочна сатурација во тек на општата анестезија, бескрвно оперативно поле и добри услови за работа на хирургот, како и хемодинамски стабилни и будни пациенти постоперативно во соба за будење. Конечно, препорака од оваа студија е задолжителен мониторинг на

ткивната и мозочната сатурација во тек на општата анестезија, особено доколку се индуцира хипотензија, а сè со цел да се овозможи поголема безбедност на пациентите и поголема сигурност на анестезиологот.

Седмата глава од дисертацијата ја содржи приложената литература, која е обемна, прегледна и коректно цитирана по прифатените стандарди.

ОЦЕНА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатката д-р Силвана Кралева, со наслов: „Влијанието на умерената хипотензија врз мозочната оксигенација кај пациенти во општа анестезија при риносептопластики“, претставува истражување во областа на анестезиологијата и интензивното лекување. Изработката на темата на оваа докторска дисертација има за цел да ги унапреди и прошири знаењата за хипотензивната анестезија и нејзината безбедна примена во тек на хируршки интервенции. Од научното истражување во оваа докторска дисертација произлегуваат препораки за примена на овој тип анестезиолошка техника не само кај рионосептопластики, туку и кај оние хируршки интервенции каде што е потребно оперативно поле без или со минимално крвавење. Понатамошните истражувања можат да се прошират кон корисноста од примената на NIRS-мониторот, кој нуди можност за одредување на индивидуализиран или пациент-зависен притисок, кој овозможува подобро водење на пациентите во општа анестезија и подобар исход од оперативната интревнеција.

Докторската дисертација на кандидатката д-р Силвана Кралева, со наслов: „Влијанието на умерената хипотензија врз мозочната оксигенација кај пациенти во општа анестезија при риносептопластики“, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за изработен докторски труд.

ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ

Кандидатката, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавила (како прв автор, во меѓународни научни списанија или еден труд во списание со импакт-фактор) следниве рецензирани истражувачки трудови:

[1]. Kraleva S, Shirgoska B. ,,Comparative analysis of the effect of metoprolol and remifentanyl on mean arterial pressure in general anaesthesia”. Physioacta 2017; vol 11(3):121-8.

[2]. Kraleva S, Shirgoska B, Trajkova R, Klisheska Ilcevska I. Correlation between mean arterial pressure (MAP) and brain saturation (rSO_2) in patients undergoing moderate hypotensive anesthesia for septo and rhinoplastic surgery”. Archives of Public health 2019; vol 11(1):77-88.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Научен придонес на оваа докторска дисертација е во применувањето на хипотензивната анестезија како стандардна анестезиолошка техника во анестезиолошката практика. Изработката на темата на оваа докторска дисертација има за цел да ги унапреди и прошири знаењата за хипотензивната анестезија и нејзината безбедна примена не само кај рионосептопластики, туку и кај оние хируршки интервенции каде што е потребно оперативно поле без или со минимално крвавење. Понатамошните истражувања можат да се прошират кон корисноста од примената на NIRS-мониторот, кој ни овозможува подобро водење на пациентите во општа анестезија и подобар исход од оперативната интервенција, а сè со цел да се овозможи поголема безбедност на пациентите и поголема сигурност на анестезиологот.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатката **д-р Силвана Кралева**, со наслов: **Влијанието на умерената хипотензија врз мозочната оксигенација кај пациенти во општа анестезија при риносептопластики.**

КОМИСИЈА

Проф. д-р Мирјана Шошолчева, претседател, с.р.
Н. сов. Билјана Ширгоска, ментор, с.р.
Проф. д-р Билјана Кузмановска, член, с.р.
Проф. д-р Јане Нетковски, член, с.р.
Проф. д-р Бети Зафирова Ивановска, член, с.р.

Р Е Ц Е Н З И Ј А

ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ОДРЕДЕНИ ПРЕДИКТОРИ ЗА НЕОНАТАЛЕН МОРТАЛИТЕТ НА УГАК - СКОПЈЕ (1.5.2019 – 31.1.2020 ГОДИНА)“ ОД Д-Р ГАБРИЕЛА БУШИНОСКА ИВАНОВА, ПРИЈАВЕНА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 9.7.2020 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатката д-р Габриела Бушиноска Иванова со наслов „Одредени предиктори за неонатален морталитет на УГАК – Скопје (1.5.2019 – 31.1.2020 година)“, во состав: проф. д-р Гордана Адамова (претседател), проф. д-р Никола Оровчанец (ментор), проф. д-р Марјан Стојовски (член), проф. д-р Јорго Бабушку (член) и проф. д-р Никола Пановски (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет му го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

АНАЛИЗА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатката д-р Габриела Бушиноска Иванова, со наслов „Одредени предиктори за неонатален морталитет на УГАК – Скопје (1.5.2019 – 31.1.2020 година)“, содржи 110 страници компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman, со проред 1,5 и големина на букви 12, со 69 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги и интернет-ресурси.

Трудот е структуриран во 8 глави, вклучувајќи ги воведот и заклучните согледувања. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Во **првата глава или воведот** на трудот, кандидатката на концизен и прегледен начин, поткрепен со многубројни литературни извори, ги изнесува податоците од интерес за предложената тема. Организираната грижата за мајките и нивните поколенија, од раѓањето до крајот на животот, е една од најзначајните цели на секое здраво и прогресивно општество. Развојот и опстанокот на секое општество зависи од природниот прираст и бројот на здрави породувања, што е слика на секој добро организиран здравствен систем и економски развиена држава. Организираната грижа за мајките и децата, како посебно ранливи категории од населението, се наоѓа меѓу најголемите приоритети на социјалната и здравствена политика на многу држави во современиот свет. Наведено е дека неонаталниот период е период со најголема опасност по преживувањето во човековиот живот и смртноста е најголема во овој период од животот, од 0. до 28. ден по породувањето. **Неонатална смртност (морталитет)** е процентот на неонатална (новороденечка) смртност на живородените, во неонаталниот период од 0 до 28 дена по породувањето, или породени по 22 г.с. од бременоста и со породилна тежина поголема од 500 г, на илјада живородени. Неонаталниот морталитет се дели на рана неонатална смртност, која го опфака периодот од 0 до 7 дена по породувањето (168 h.), независно од големината на бременоста и доцна неонатална смртност, која ја опфаќа смртноста на живите новородени од 8. до 28. ден по породувањето. Смртноста по 28. ден од породувањето спаѓа во т.н. постнатална или доенечка смртност. Во светски рамки, раната неонатална смртност е поголема и поради тоа е многу важно преживувањето на новороденото во првите 7 дена од породувањето. Посебно е важно преживувањето во првите 24 часа по породувањето и потоа од крајот на 1. до крајот на 7. ден од породувањето. Раниот неонатален морталитет најчесто е резултат на незрелоста на новороденото и факторите од морбидитетот и коморбидитетите од страна на трудниците, страдањето на плодот за време на породувањето, од брзината и начинот на завршување на породувањето, како и ефикасноста на перинаталната и неонаталната служба. Доцната неонатална смртност, од 8 до 28 дена по породувањето, е смртноста која настанува најчесто како резултат од компликации и пропусти, кои настануваат по првичното згрижување и третманот на

новородените во неонаталната интензивна нега. Тој е секогаш помал во однос на раниот неонатален морталитет и може да ни даде насоки, во кој правец да се одвива и зголемува неонаталната грижа за новородените и нивното понатамошно квалитетно преживување. Обработена е епидемиологијата и движењето на неонаталниот морталитет во светски рамки во последните три декади, трендот на неговото намалување, како и програмите на Светската здравствена организација и UNICEF за понатамошно намалување на неонаталниот морталитет. Лоцирани се регионите во светот со најголема стапка на неонатален морталитет, како што се земјите на Супсахарска Африка и Југоисточна Азија од кои десет земји во светот од овие региони, се лидери во неонаталниот морталитет и учествуваат со 2/3 во глобалниот неонатален морталитет, како Етиопија, Нигерија, Пакистан, Авганистан, Централно Афричка Република, Чад, Сомалија, Конго, Ангола и Судан. Неонаталниот морталитет во светски рамки се движи од 37 неонатално починати во 1990 година, до 18 неонатално починати на 1000 живородени во 2017 година. Ова е во контраст со развиените земји во светот, каде бројката на неонатален морталитет изнесува 4 неонатално починати на 1000 живородени бебиња. Најниска стапка на неонатален морталитет во светот има Јапонија, Исланд, Сингапур, Финска и Словенија со 1 неонатална смрт на 1000 живородени. Соодветно на тоа се плановите на СЗО и УНИЦЕФ со плановите за глобална редукција и намалување на ННМ, посебно во земјите во развој преку „Every Newborn action Plan”и UN Milenium Developments Goal, на помалку од 10 неонатално починати новородени на 1000 живородени, глобално до 2035 година. За тоа е потребна изработка на програми за антенатална едукација, квалитетни контроли во бременоста и спречување на сите ризици, како и постнатална грижа за новородените и мајките во овој критичен период, со соодветна неонатална нега спроведена од врвни медицински професионалци, во центри за интензивна нега, со што би се влијаело ефикасно и значајно на редукција на неонаталниот морталитет. Квалитетната колекција, кодирање и регистрација на податоци за секое породување и новороденче, за причините за смрт и целокупната витална статистика, се важни во добивањето на информации и сознанија и во детерминирањето на правците и приоритетите за намлувањето на ННМ глобално. Опфатени се најчестите фактори-причини за зголемување на стапката на неонаталниот морталитет во првите 28 дена по породувањето, кои се последица на болести и патолошки состојби кај мајката во текот на бременоста, предвремено породување, компликации кои настануваат во текот на породувањето, инфекции, аномалии и деформитети кај плодот како најчести причини. Исто така, недостигот на квалитетна и стручна антенатална грижа и грижа при породувањето и третманот веднаш по породувањето, и посебно во првите 24 ч. од породувањето, водат до зголемен ННМ. Покрај овие мајчини и неонатални причини на неонаталниот морталитет, може да влијаат и одредени социо-демографски и репродуктивни фактори. Издвоени се причините за зголемена неонатална смртност, кои се поделени во мајчини, неонатални, социодемографски и репродуктивни фактори.

- **Мајчините фактори** како причина за зголемен неонатален морталитет: преегзистенцијална хипертензија, преекламсија/еклампсија, дијабетес и гестациски дијабетес, Рх-имунизација, генитоуринарни инфекции, крварења во бременоста, хорионамнионитис, начинот на породување, нарушувања во амнионот, постелката и папчаникот, аномалии на матката. Многу студии укажуваат на зголемен неонатален морталитет кај новородените и интраутерино страдање на новороденото, кај мајки со овие патолошки состојби во текот на бременоста.
- **Фетални причини**. Малата гестациската недела, малата родилна тежина и зрелоста на фетусот при породувањето (прематуритетот) се главните причини за зголемена неонатална смртност. Незрелиот респираторен систем предизвикува болест на хијалините мембрани или респираторен дистрес синдром, кој исто така го даваат и шеќерната болест и асфиксија на плодот при породување, посебно кај новородените кои не примале кортикотерапија за зреење на феталното белодробие (при мала гестација). Како компликации од респираторниот дистрес синдром се јавуваат и интравентрикуларното мозочно крварење, интрапулмонално крварење,

пнеумоторакс, отворен дуктус артериозус, некротизирачки ентероколитис. Незрелиот имун систем и инфекциите, посебно кај предвремено родените, се уште една важна причина за зголемена неонатална смртност. Најчести инфекции во неонаталниот период се респираторни (бронхопневмонии), уринарни (пиелонефритис), менингитис, некротизирачки ентероколитис, дифузни инфекции на перитонеум и сепса. Ниската родилна маса, полот на новородено, неонаталните инфекции и сепса, НЕЦ, мозочните крварења и аномалиите на плодот се, исто така, можни причини за зголемена неонатална смртност. Синдромите, анеуплоидии, трисомии, хромозомопатии и конгенитални малформации (срцеви, мозочни, дијафрагмални хернии) кај новороденото се, исто така, причинители за зголемена неонатална смртност. Колку е поголема гестациската седмица во која е родено новороденото, толку е поголема неговата зрелост и помала е можноста за зголемен морбидитет и морталитет кај новородените. Недоносено новороденче – прематурус или предвремено родено дете е новороденото помеѓу 22-37 г.с. од бременоста или со породилна тежина поголема од 500 г при породувањето. Новородените со ниска родилна тежина (Low birth weight-LBW) се со повисок ризик од неонатален морталитет и морбидитет и до 60 % од целокупниот неонатален морталитет е асоциран со ниска родилна тежина (LBW).

Според родилната маса, новородените се поделени во: новородени со екстремно мала родилна тежина, помала од 1000 г (од 500 до 999 г); новородени со многу мала родилна тежина, помала од 1500 г (од 1000-1499 г); новородени со мала родилна тежина, помала од 2500 г (од 1500-2499 г); новородени со тежина над 2500 грама. Според гестациската старост во моментот на породувањето, предвремено новородените се поделени во групи: породени 22-27 г.с. од бременоста, екстремно прематурни, најризична група, со најголема смртност; породени 28-32 г.с. од бременоста, многу прематурни, ризична група на предвремено родени, со голема стапка на морбидитет и морталитет, посебно оние што пред породување не примиле зреење со кортикотерапија; породени 33-36 г.с., умерено до доцно прематурни, помалку ризична група на предвремено родени, позрели и поадаптабилни новородени со мала стапка на неонатална смртност; породени над 37 г.с., група во која стапката на неонатална смртност е најмала и адаптацијата и матурноста на новородените е најголема.

АПГАР-скор во 1-ва и 5-та минута по породувањето, перинаталната асфиксија, породилните трауми, потребата од кислород, како и жолтицата, исто така се вбројуваат во фактори кои влијаат на преживувањето на новородените.

- **Социодемографски и репродуктивни ризик-фактори** кои може да влијаат на зголемување на неонатална смртност се и: возраст на мајката, националност, асистирани и ИВФ-бремености, паритетот, низок образовен и социоекономски статус, место на живеење, брачен статус, пушење, алкохол, број и квалитет на антенатални контроли. Некои студии обработуваат само една група од факторите кои имаат влијание на ННМ, на пр. мајчини и новороденечки, социодемографски, некои репродуктивните, некои неколку групи.

Обработен е неонаталниот морталитет во Македонија и на УГАК – Скопје, од осамостојувањето и посебно во периодот 2011 – 2017 година. УГАК –Скопје е најголем перинатален и неонатален центар во Македонија и учествува со 70 % во вкупниот неонатален морталитет во државата. Македонија е европска земја со висока стапка на ННМ, меѓу највисоките во Европа и во 2018 година со 7,4 неонатално починати на 1000 живородени е втора земја со највисока стапка на ННМ во Европа, веднаш зад Молдавија. Земјите во опкружувањето имаат помала стапка на ННМ: Турција - 6,5; Албанија - 6,2; Босна и Херцеговина - 4,7; Бугарија - 4; Србија - 3; Црна

Гора - 2; Хрватска - 2 неонатално починати, на 1000 живородени. ННМ во Македонија од осамостојувањето во 1990 година се движи во рамките од 18,8 **‰** во 1990 година до 7 **‰** во периодот од 2009 до 2012 година. Од 2012 до 2017 година има тренд на пораст и се движи од 7 до 9 неонатално починати на 1000 живородени, или 7-9 **‰,** со повторен тренд на опаѓање во последните две години. Вкупниот број на живородени деца во Македонија од 2011 до 2017 година изнесува 160903, од кои 36733 се родени на УК Клиника за гинекологија и акушерство – Скопје или 22,8 % од сите живородени во државата. Според тоа, Клиниката учествува со 22,8 % во вкупната бројка на раѓања во државата, а со ННМ на УГАК – Скопје, таа учествува со 70 % во вкупниот ННМ во државата, или со повеќе од 2/3 од вкупниот ННМ во Македонија. Неонаталниот морталитет на УГАК – Скопје, во овој период е висок чија средна вредност во овие седум години изнесува 24,8 **‰.** Најголем ННМ Клиниката имала во 2017 година, 33,18 **‰**, а најмала стапка на ННМ имала во 2015 година со 17,19 **‰.**

Втората глава од докторската дисертација го обработува мотивот за изработка на докторската дисертација која го обработува неонаталниот морталитет во Македонија, кој е меѓу највисоките во Европа. Истакнато е дека во македонската научна јавност мал е бројот на темите кои го обработуваат неонаталниот морталитет кај новородените и соодветно на тоа и врз основа на добиените резултати и направени анализи за него, да се изработат планови и проекти за неговото намалување. Високоразвиените земји имаат ниска стапка на неонатална смртност (неонатален морталитет). Сето тоа е во корелација со вложените средства и услови во здравствениот систем и ефикасните програми за заштита на мајки и деца, развиен систем на антенатална заштита и професионална и технолошка екипираност, како и ефикасно менаџирање со перинатолошките центри. За таа цел од посебно значење е обезбедување на ефикасна антенатална заштита, превенирање на патологијата во бременоста, технолошко подобрување во неонаталната нега и терапија, како и подобрување на социјалните услови и здравственото просветување на идните мајки. Поголемата грижа за бремените жени за време на бременоста и во текот на породувањето, како и напреднатата грижа за новородените, секако води до намалена неонатална смртност. Истакнато е дека намалувањето на стапката на неонаталниот морталитет е примарна цел на секое развиено општество и општество кое се стреми кон високоразвиените земји, каде што стапката на неонатален морталитет е многу ниска, за разлика од неразвиените земји и здравствени системи, каде што е и до десет пати поголема во однос на развиениот свет.

Третата глава се однесува на целите на истражувањето во студијата.

Главна цел на студијата беше да се анализираат и детерминираат факторите поврзани со неонаталната смртност на УГАК во Скопје, како најголем референтен центар во Република Македонија од терцијарно ниво.

ЦЕЛИ:

1. да се утврди застапеноста и разликата на анализираните фактори на мајката, факторите од новородените, социодемографските фактори и репродуктивните фактори помеѓу испитуваната и контролната група;
2. да се испита асоцијацијата помеѓу анализираните фактори на мајката, факторите на новородените, социодемографските фактори, репродуктивните фактори и неонаталниот морталитет;
3. да се утврди предиктивната улога на анализираните фактори на мајката, факторите од новородените, социодемографските фактори и репродуктивните фактори за неонаталниот морталитет;
4. да се утврди стапката на неонатален морталитет кај новороденчиња кои ќе бидат третирани на Одделението за интензивна нега и терапија за новородени деца, родени во Универзитетската клиника за гинекологија и акушерство во Скопје, во периодот од 1.5.2019 до 31.1.2020 година.

Четвртата глава се однесува на материјалот и методологијата кои се користени со цел да се даде одговор на поставените цели на ова истражување.

Петтата глава се однесува на статистичката обработка, при што е наведено дека анализата на податоците е изведена во статистичкиот програм SPSS Statistics 23.0.

Во **шестата глава** се прикажани резултатите од истражувањето. Во секоја од секциите на оваа глава се дадени резултатите од истражувањето, со кои кандидатката го дава одговорот на прашањата дефинирани како цели на студијата.

Во **седмата глава** – дискусијата, кандидатката ја опфаќа анализата на добиените резултати од истражувањето и дава компаративен осврт на сознанијата од досега објавените слични студии, со аргументирани толкувања за причините за утврдените сличности и разлики.

Осмата глава се заклучоците. Во заклучните согледувања, кандидатката ги изнесува најзначајните заклучоци добиени во текот на истражувањето. Кандидатката донела заклучок дека:

1. Хоспиталниот неонатален морталитет кај третираните новородени на ОИНТ при УГАК-Скопје, во испитуваниот период од 10 месеци, изнесува 17,3% (N=445). Стапката на неонатален морталитет на УГАК-Скопје во испитуваниот период изнесува 22,30‰. Стапката на ран неонатален морталитет изнесува 16,22‰, додека стапката на касниот неонатален морталитет изнесува 6,08‰.
2. Прематуритетот, малата родилна тежина, асфиксија, РДС и инфекциите се водечки причини за згрижување на новородените на ОИНТ.
3. Факторите од новороденото како помала гестациска недела, помала родилна тежина, низок АПГАР скор во 1-ва и 5-та минута, РДС, НЕЦ, сепса, асфиксија и конгениталните аномалии, имаат значајна асоцијација со ННМ и постои значајна разлика помеѓу испитуваната група на неонатално починати и контролната група на неонатално преживеани новородени. Компликациите од прематуритетот, од РДС и инфекциите во неонаталниот период како што се развојот на сепса кај новородените, НЕЦ (некротизирачки ентероколитис) и мозочните крварења влијаат на зголемувањето на неонаталниот морталитет. НЕЦ се покажа како предиктор во зголемувањето на хоспиталниот ННМ, кај третираните новородени.
4. Факторите и болести од страна на мајката, како прееклампсија, инфекција и хипертензија пред породување, имаат значајна асоцијација во зголемувањето на ННМ и постои значајна разлика помеѓу испитуваната и контролната група на новородени.
5. Социодемографските и репродуктивни фактори покажаа помалку значајна асоцијација со ННМ и помала разлика помеѓу испитуваната и конролната група на новородени.
6. Породувањето со царски рез, во однос на спонтаното породување и породувањето со интервенција, покажа значителна асоцијација во намалување на ННМ и значителна разлика помеѓу испитуваната и контролната група и се покажа како важен предиктор за намалување на ННМ.
7. Како значајни предиктори за намалување на ННМ се покажаа: царски рез, ординирани кортикостероиди за фетална матурација пред породување, поголема родилна тежина кај новороденото 1500-2499 г и висок АПГАР-скор во 1-ва минута >7.
8. Како значајни предиктори за зголемување на ННМ се покажаа НЕЦ кај новороденото и прснат воденик <18 ч. пред породување.
9. Комбинцијата на царски рез, РВС <18ч., родилна тежина 1500-2499 г, пренатално ординирани кортикостероиди, АПГАР во 1-ва минута 7-10 и НЕЦ, е прогностички модел за неонатален морталитет, со глобална точност која изнесува 90,10 %, сензитивност 53,20 % и специфичност 97,80 %.

Причините за зголемениот ННМ се мултифакторијални и потекнуваат од антенаталната заштита, коморбидитетите кај мајката, од начинот на менаџирање и завршување на бременоста и од хоспиталниот третман на новородените. Повеќето од причините за ННМ може да бидат превентибилни.

Предмет на истражување

Студијата е дизајнирана како пресечна студија со проспективен пристап во испитувањето. Се работи за студија која ја обработува неонаталната смртност кај новороденчињата кои беа третирани на Одделението за интензивна нега и терапија на новородените (ОИНТ), родени на УГАК – Скопје, во периодот од 1.5.2019 до 31.1.2020 година, со претходно добиена согласност и анкетирање со модифициран прашалник на породените мајки. Во студијата се користени и податоци од болничките истории на мајките и новородените. Од вкупниот број на новороденчиња кои беа третирани на Одделението за интензивна нега и терапија на новородени – 445, на УГАК во Скопје во испитуваниот период, *испитуваната група* (N=60–80) ја сочинуваат 77 неонатално починати новородени 0-28 дена по породувањето, а *контролната група* ја сочинуваат 368 третираните новороденчиња кои останале живи (N=300-400).

Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата

Во Македонија нема студии кои го обработуваат движењето на неонаталниот морталитет и факторите кои имаат асоцијација со него и покрај тоа што Македонија важи за земја со висок неонатален морталитет. Постојат малку податоци за неонаталниот морталитет во Македонија, претставени како статистика на државно ниво и податоци од глобалните статистики на UNICEF и СЗО, кои се спорадични, сегментирани и недоволни за да имаме прецизна слика за движењето и факторите кои влијаат на зголемувањето на неонаталниот морталитет. Во Република Македонија досега нема студија која ги испитува факторите кои имаат асоцијација и предиктори кои влијаат на неонаталниот морталитет.

Краток опис на применетите методи

Кандидатката наведува дека во оваа студија се вклучени 386 породени пациентки и 445 новороденчиња кои беа третирани на Одделението за интензивна нега и терапија на УГАК во Скопје во периодот од 1.5.2019 до 31.1.2020 година. *Испитувана група* ја сочинуваат 77 неонатално починати новородени, а *контролната група* ја сочинуваат 368 од третираните новороденчиња кои останале живи. Инклузиони критериуми се: новородени и неонатално починати живородени, породени на УГАК –Скопје и третирани на ОИНТ 0-28 дена по раѓањето, со родилна тежина над 500 г и навршена 22 г.с. од бременоста на породување. Ексклузиони критериуми се: породени надвор од УГАК – Скопје и во домашни услови, како и насилна смрт кај новороденото. Секоја породена трудница чие новороденче беше третирано на ОИНТ при УГАК во Скопје доби формулар за информирање за студијата, како и информирана согласност која родилките ја потпишуваа за учество во неа. Породените трудници кои ја потпишаа согласноста за учество во студијата го пополнуваа прашалникот креиран за студијата, а потоа беше извршен увид во акушерските истории и неонаталните истории, за собирање на неопходните податоци кои се истражуваа како фактори за неонаталниот морталитет во студијата. Наведени се параметрите за анализа или факторите и причините кои влијаат на неонаталниот морталитет во студијата, кои се поделени во четири групи:

1. ***мајчини фактори*** (морбидитети и коморбидитети);
2. ***фактори од новороденчето***;
3. ***социодемографски фактори***;
4. ***репродуктивни фактори***.

Анкетниот прашалник е модифициран прашалник кој во најголем дел се базира на прашалниците користени во други студии низ светот. Прашалникот е дизајниран за да биде пополнуван од страна на пациентите, но исто така беше формулиран и користен и како интервју. Се состои од 35 прашања (точки), групирани во четири области:

1. мајчини фактори (точки: 1, 16, 17, 21, 23, 26);

2. фактори од новороденото (точки: 18-20, 22, 24-25, 27-35);
3. социодемографски фактори (точки: 3-9);
4. репродуктивни фактори (точки: 2, 10-15);

Во истражувањето се применети следниве методи:

1. Во анализата на сериите со атрибутивни белези (мајчини фактори, социодемографски фактори, репродуктивни фактори, новородено фактори), одредувани се проценти на структура (%).

1.1. Асоцијацијата помеѓу анализираните мајчини фактори, социо-демографски фактори, репродуктивни фактори, новородено фактори и неонаталниот морталитет, тестирана е со примена на Pearson Chi-square тест / Monte Carlo Sig.(2-sided), Fisher Exact тест / Monte Carlo Sig. (2-sided).

1.2.1. Разликите помеѓу испитуваната и контролната група во однос на анализираните мајчини фактори, социо-демографски фактори, репродуктивни фактори, новородено фактори и неонаталниот морталитет, тестирани се со примена на Pearson Chi-square тест / Monte Carlo Sig. (2-sided), Fisher Exact тест / Monte Carlo Sig.(2-sided).

2. Кај сериите со нумерички белези (возраст на мајката, гестациска недела на раѓање, родилна тежина, АПГАР-скор во 1-ва минута, АПГАР-скор во 5-та минута изработена е Descriptive Statistics (Mean; Std.Deviation;±95,00%CI; Minimum; Maximum).

3. При утврдување на предиктивните вредности на анализираните мајчини фактори, социо-демографски фактори, репродуктивни фактори, новородено фактори за неонатален морталитет применета е Logistic regression analysis (Wald, Exp(B), 95,0% CI for Exp(B), p).

4. Стапката (рана, доцна, 0-28 дена) на неонатален морталитет е изведена на 1000 живородени деца.

Сигнификантноста е одредувана за $p<0,05$. Податоците се прикажани табеларно и графички.

Краток опис на резултатите од истражувањето

Се добија информации со кои се анализираат и детерминираат факторите за неонатален морталитет, во однос на матерналните, новороденечките фактори, социодемографските, репродуктивните фактори и нивната асоцијација со неонаталниот морталитет. Со мултиваријантна логистичка регресиона анализа на варијаблите кои беа сигнификантно асоцирани со неонаталниот морталитет, се изведоа предиктори за неонаталниот морталитет во студијата. Истакнато е дека најголеми причини за префрлување на новородените на ОИНТ се прематуритетот, малата родилна тежина на новородените и респираторниот дистрес синдром. Вредностите на гестациска недела на раѓање варираат во интервалот 32,35±3,26 недели, минималната вредност изнесува 23 недели, а максималната вредност изнесува 41 недела. Вредностите на родилната тежина кај новородените варира во интервалот 1780,38±619,26 грами, минималната вредност изнесува 500 грама, а максималната вредност изнесува 3800 грама. Хоспиталниот неонатален морталитет, во дадениот период изнесуваше 22,3‰. Зголемената смртност кај новородените е резултат на прематуритетот, ниската родилна тежина, асфиксија кај новороденото, РДС, инфекциите и конгениталните аномалии. Со мултиваријантна логистичка регресиона анализа, за предикција на неонатален морталитет, беа детерминирани независните предиктори за неонатален морталитет, кај третираните новородени на ОИНТ при УГАК-Скопје. Резултатите од оваа анализа, како независни предиктори за неонатален морталитет, од анализираните мајчини фактори, социодемографски фактори, репродуктивни фактори и новороденечките фактори, ги потврди: царски рез, РВС < 18 часа, родилна тежина 1500-2499 грама, пренталнo

ординирани кортикостероиди, АПГАР скор во 1-ва мин. 7-10 и некротизирачки ентероколит.

Новородените кои имале некротизирачки ентероколит за 34,04 пати (Exp(B)=34,04) имаат значајно поголем ризик за неонатален морталитет / 95%C.I:8,578-135,039 / p<0,001 во однос на новородените кои немале некротизирачки ентероколит.

Новородените со родилна тежина од 1500 до 2499 грама за 0,135 пати (Exp(B)=0,135) имаат значајно помал ризик за неонатален морталитет / 95%C.I:0,062-0,296 / p<0,001 во однос на новородените со родилна тежина 500-999 грама.

Новородените со АПГАР во 1-ва минута 7-10 (1) за 0,156 пати (Exp(B)=0,156) имаат значајно помал ризик за неонатален морталитет / 95%C.I:0,068-0,356 / p<0,001 во однос на новородените со АПГАР во 1-ва минута < 3.

Новородените кај кои пренатално биле ординирани кортикостероиди за 0,264 пати (Exp(B)=0,264) имаат значајно помал ризик за неонатален морталитет / 95%C.I:0,132-0,529 / p<0,001 во однос на новородените кај кои пренатално не биле ординирани кортикостероиди.

Новородените породени со царски рез (1) за 0,384 пати (Exp(B)=0,384) имаат значајно помал ризик за неонатален морталитет / 95% C.I:0,189-0,781 / p<0,01 во однос на спонтано породените новородени.

Новородените чии мајки имале PBC < 18 часа (1) за 8,837 пати (Exp(B)=8,837) имаат значајно поголем ризик за неонатален морталитет / 95% C.I:1,191-65,544 / p<0,05 во однос на новородените чии мајки имале непрснат воденик.

Новородените чии мајки имале 2 & 6 / преекламсија & генито-уринарни инфекции (1) за 3,779 пати (Exp(B)=3,779) имаат значајно поголем ризик за неонатален морталитет / 95% C.I:1,405-10,162 / p<**0,01** во однос на новородените чии мајки немале болести.

Студијата покажа дека близначката бременост е со значително помал ризик за неонаталаен морталитет, веројатно поради почестото пренатално зреење со кортикостероиди за фетална матурација и завршувањето на бременостите со царски рез. Новородените чии мајки имале близначка бременост (1) за 0,214 пати (Exp(B)=0,214) имаат значајно помал ризик за неонатален морталитет/95% C.I:0,080-0,570 / p<0,01 во однос на новородените чии мајки имале единечна бременост.

Беа обработени и одредени и многу други фактори, кои имаат значајна асоцијација со неонаталниот морталитет, како и одредување на разлики помеѓу испитуваната група и контролната група кај третираните новородени на ОИНТ, при УГАК – Скопје. Студијата покажа дека незначително влијание и асоцијација со неонаталниот морталитет имаат социодемографските и репродуктивните фактори обработени во студијата. Раната стапка на смртност изнесува 16,22$^{0}/_{00}$; доцната стапка на смртност изнесува 6,08$^{0}/_{00}$; стапка на неонатален морталитет (0–28 дена) за периодот 1.5.2019 – 31.1.2020 година изнесува 22,30$^{0}/_{00}$. Резултатите од сите анализирани фактори во студијата се претставени текстуално, графички и табеларно.

ОЦЕНА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатката д-р Габриела Бушиноска Иванова, со наслов „Одредени предиктори за неонатален морталитет на УГАК – Скопје (1.5.2019 – 31.1.2020)“, претставува истражување во областа на перинатологијата. Изработката на темата на оваа докторска дисертација има за цел да се детерминираат и утврдат причините и предикторите за високиот неонатален морталитет на УГАК – Скопје и соодветно да се преземат мерки за негово намалување во иднина, што е постигнато со остварување на поставените цели во истражувањето.

Докторската дисертација на кандидатката д-р Габриела Бушиноска Иванова, со наслов „Одредени предиктори за неонатален морталитет на УГАК – Скопје (1.5.2019 – 31.1.2020)“, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ

Кандидатката, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавила (како прв автор, во научни списанија со меѓународен уредувачки одбор или еден труд во списание со импакт-фактор) следниве рецензирани истражувачки трудови:

(1). Gabriela Bushinoska Ivanova, Jasna Bushinoska „Neonatal Mortality Trend at the University Clinic of Gynecology and Obstetrics- Skopje in the period of 2011-2017”. IOSR Journal of Dental and Medical Sciences 2020, Vol.19, Issue 5 Ser.10, PP 55-59.

(2). Gabriela Bushinoska Ivanova, Jordancho Ivanov, Tatjana Sotirova „Early Ultrasound Screening for Fetal Malformations in the Second Pregnancy after Combined Modality Treatment for Hodgkin’s Disease: A Case report”. Gynecology & Reproductive Health 2017, Vol.1, Issue 4: 1-3.

(3) Gabriela Bushinoska Ivanova, Jasna Bushinoska „Pregnancy with Large Intra-Abdominal Tumor- Case report”. IOSR Journal of Dental and Medical Sciences 2020, Vol.19, Issue 5 Ser.6, PP 17-19.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Главни научни придонеси на кандидатката. За прв пат во Република Македонија е направена студија за неонаталниот морталитет и за факторите и предиктори кои се асоцирани со зголемување на неонаталниот морталитет. Студијата, која користеше модифициран прашалник, даде одговор на слабостите во здравствениот систем, кои влијаат на зголемувањето на неонаталниот морталитет. Во нејзини рамки се издвоија прематуритетот, патолошките состојби во бременоста и инфекциите, за кои треба да се води поголема грижа во антенаталната примарна здравствена заштита. Проценката и издвојувањето на ризичните бремености и нивното навремено препраќање во терцијарни центри и хоспитализирање, правовременото зреење со кортикостероиди на феаталното белодробие, адекватната проценка за навремено терминирање на бременоста, водењето и соодветното завршување на започнатото породување, се цели во секундарната и терцијарната здравствена заштита. Соодветната грижа за новородените во единицата за интензивна нега по породувањето, со соодветни протоколи и со соодветен третман и намалување на инфекциите кај новородените, се следниот чекор во намалување на неонаталниот морталитет. Применетата методологија во истражувањето овозможи да се добијат релевантни резултати кои се насока за натамошно намалување на неонаталниот морталитет, почнувајќи од примарно до терцијарно ниво и во единицата за интензивна нега на новородените.

Подрачје на примена и ограничувања. Ако се земе предвид дека досегашните податоци во оваа област биле спорадични, сегментирани и недоволни, ова истражување ќе им укаже на здравствените работници кои учествуваат во следење на бременоста дека соодветните прегледи и скрининзи во бременоста, навременото откривање на патолошките состојби во бременоста и соодветното дијагностицирање и третман на инфекциите и раното проследување на ризичните пациентки во терцијарна установа во клиничката практика ќе влијаат на намалување на неонаталниот морталитет и компликациите од породувањето.

Можни понатамошни истражувања. Кандидатката наведува дека резултатите на истражувањето може да бидат основа за понатамошна модификација на прашалникот и негова примена во праксата, за намалување на ризиците од примарно до терцијарно ниво во следењето и соодветното менаџирање на бременостите; целосно документирање на здравствената состојба на трудниците со комплетен увид и достапност на податоците во сите нивоа на здравствената служба. Спроведувањето на квалитетна колекција, кодирање и регистрација на податоци за секое породување и новороденче, за причините за смрт и целокупната витална статистика, се важни во добивањето на информации и сознанија и во детерминирањето на причините, правците и приоритетите во намалувањето на неонаталниот морталитет.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатката д-р Габриела Бушиноска Иванова со наслов „Одредени предиктори за неонатален морталитет на УГАК – Скопје (1.5.2019 – 31.1.2020)“.

КОМИСИЈА

Проф. д-р Гордана Адамова, претседател, с.р.
Проф. д-р Никола Оровчанец, ментор, с.р.
Проф. д-р Марјан Стојовски, член, с.р.
Проф. д-р Јорго Бабушку, член, с.р.
Проф. д-р Никола Пановски, член с.р.

Издвоени мислења (доколку има):

Р Е Ц Е Н З И Ј А
ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ПРОЦЕНКА НА ПОВРЗАНОСТА ПОМЕЃУ МИОПИЈАТА И ГЛАУКОМОТ” ОД Д-Р ИРИНА БОГДАНОВА, ПРИЈАВЕНА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 112 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018), член 275 од Статутот на Медицинскиот факултет во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје (бр. 458 од 17.10.2019) и член 61 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус – докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје (Универзитетски гласник бр. 245/2013), Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, на својата **XXVI** редовна седница одржана на **10.6.2020 година,** а по предлог на Советот на студиската програма на трет циклус – докторски студии по медицина, донесе

ОДЛУКА
за формирање Комисија за оцена на докторска дисертација

1. Се формира Комисија за оцена на докторската дисертација со наслов:

Проценка на поврзаноста помеѓу миопијата и глаукомот од докторантката **д-р Ирина Богданова,** во состав:

1. проф. д-р Весна Димовска Јорданова, претседател
2. проф. д-р Никола Пановски, ментор
3. проф. д-р Милена Голубовиќ, член
4. н. сов. д-р Емилија Ѓошевска Даштевска, член
5. проф. д-р Никола Оровчанец, член.

Комисијата во наведениот состав со внимание ја разгледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет му го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Анализа на трудот

Докторската дисертација на кандидатката **ас. д-р Ирина Богданова**, со наслов: **Проценка на поврзаноста помеѓу миопијата и глаукомот,** содржи 111 страници компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman со проред 1,5 и големина на букви 12, 60 табели, 64 графикони, 10 слики, 1 додаток (прилог - анкетен прашалник) и 100 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги и интернет-ресурси.

Приложената докторска дисертација обработува особено актуелен клинички проблем, за кој постои зголемен истражувачки интерес во офталмологијата. Испитувањето на параметрите кои причинско-последично ги поврзуваат глаукомот и миопијата претставува научноистражувачки предизвик, што дополнително го зголемува придонесот на докторскиот труд.

Трудот е структуриран во 9 глави, и тоа: вовед, мотив и цели за изработка на докторскиот труд, материјал и методи на истражувањето, статистичка

обработка на податоците, резултати, дискусија, заклучоци и користена литература. На почетокот е приложено резиме на македонски и англиски јазик. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува активно следење на целокупниот материјал кој е предмет на обработка во истражувањето.

Поголем број на студии, подолго време наназад ја испитуваат асоцираноста на миопијата со глаукомот, поради што денес се смета дека индивидуите со миопија имаат зголемен ризик за развој на глауком. Утврдено е дека постои поголема преваленција на миопијата кај пациентите со окуларна хипертензија, примарен глауком со отворен агол и глауком со нормален интраокуларен притисок. Според сознанијата од литературата, кај миопните очи постои два-три пати поголем ризик за развој на глауком компарирано со еметропни очи, при што миопијата претставува независен ризичен фактор кој не е асоциран со други ризични фактори. Сепак, тоа не значи дека секоја миопија однапред носи зголемен ризик за развој на глауком, кој е поголем кај миопна рефракциска грешка поголема од -5,0 диоптри. Притоа, исклучително важно е правилно и комплементарно толкување на наодите од сите направени испитувања, имајќи предвид дека промените на очното дно кај миопните очи, во смисла на поголема екскавација и перипапиларна атрофија, може да влијаат на наодот од определени испитувања и да прикажат лажно позитивна дијагноза за глауком. Ова особено треба да се има предвид при испитување на дебелината на перипапиларните нервни влакна (РНФЛ) со методата на оптичката кохерентна томографија (ОЦТ) на задниот сегмент на окото.

Во **воведот,** кандидатката се осврнува на значењето на глаукомот како клинички ентитет, кој доколку е ненавремено дијагностициран и лекуван, предизвикува иреверзибилно губење на видот и слепило, поради што сè уште претставува една од водечките причини за слепило (“legal blindness”) во светски рамки. Започнувајќи со цитирање на прифатената дефиниција за глауком во Препораките на Европската асоцијација за глауком (European Glaucoma Society: Terminology and Guidelines for Glaucoma, 4th edition), кандидатката презентира епидемиолошки податоци за застапеноста на болеста, класификацијата на глаукомот, неговата патогенеза со детална елаборација на ексцитотоксичната теорија и процесот на апоптоза како најверојатен патогенетски механизам за развој на глаукомот. Како хронично заболување со мултифакторска етиологија, глаукомот е поврзан и со определен број на други ризични фактори, како возраст, вредности на интраокуларниот притисок, семејна предиспозиција и системски ризични фактори (артериска хипертензија, дијабетес, хемодинамски нарушувања), кои треба да се имаат предвид при поставување на дијагнозата, дефинирање на типот на глаукомот и проценка на оптималниот вид на третман.

Она што дополнително ја потенцира комплексноста на лекувањето и евентуалниот неповолен одговор кон третманот е фактот дека глаукомот претставува билатерално, но асиметрично заболување, каде што постои засегање на двете очи со различен степен на болеста, а неретко и со различна стапка на прогресија. Еден од главните фактори за определување на динамиката и интензитетот на третманот е определувањето на брзината на прогресијата на глаукомот, а во однос на навремената детекција, исклучително значајна е идентификацијата на индивидуите кои имаат зголемен ризик за развој на глауком. Уште повеќе, неопходна е и промена на перцепцијата во смисла на идентификација на глаукомот со зголемениот очен притисок, имајќи предвид дека според современите препораки на Европската асоцијација за глауком (European Glaucoma Society - EGS), зголемениот интраокуларен притисок денес

се смета за единствен ризичен фактор на кој може да се делува со тераписки средства.

Во продолжение на воведот, кандидатката ги елаборира сите дијагностички методи кои се применуваат за детекција и диференцијација на глаукомот (клинички преглед со испитување на видната острина и проценка на изгледот на папилата на видниот нерв и неговите параметри,тонометрија, гониоскопија, периметрија,пахиметрија и оптичка кохерентна томографија на задниот сегмент на окото).

Потоа се осврнува на дефиницијата и карактеристиките на миопијата како рефракциона аномалија, нејзината класификација и факторите на ризик за нејзината појава. Кандидатката се обидела да презентира податоци и за застапеноста на миопијата во државата, меѓутоа, заради недостаток на национален регистар и единствена база на податоци, нема конкретни егзактни податоци, освен определени регионални истражувања од кои може да се заклучи дека се забележува поголема преваленција на миопијата кај децата во претшколска и школска возраст.

Мотивот за спроведување на вакво научно истражување кандидатката го пронаоѓа во потребата да се направи обид за детално испитување на поврзаноста помеѓу миопијата и глаукомот, преку дефинирани параметри и дијагностички методи на испитување, што би овозможило не само проценка на поврзаноста, туку и утврдување на евентуална заемна корелација помеѓу овие два клинички ентитети. Притоа, особено се важни евалуацијата и утврдувањето на евентуалното влијание на висината на миопијата врз параметрите на папилата на видниот нерв. Утврдувањето на ваквата поврзаност може да придонесе за идентификација и порано откривање на индивидуи со миопија кои имаат зголемен ризик за развој на глауком.

Кандидатката ги дефинира следниве **цели на докторскиот труд:**

1. да се утврди значајноста на разликата на анализираните параметри помеѓу испитуваната и контролната група;
2. да се утврди присуството и степенот на поврзаноста на миопијата со глаукомот;
3. да се евалуира степенот на глаукоматозни промени во однос на висината на миопијата;
4. да се процени дали одреден тип на миопија претставува поголем ризик-фактор за појава на глауком од останатите;
5. да се утврди влијанието на одредени параметри како ризични фактори за појава на глауком кај миопијата: дебелина на рожница, должина на булбус, возраст, наследен фактор и полова застапеност.

Во поглавјето **Материјал и методи,** кандидатката појаснува дека станува збор за ретроспективна (case control) студија, во која се вклучени 100 испитаници на возраст од 25 до 70 години од двата пола.

Студијата е реализирана на Клиниката за очни болести во Скопје, во Кабинетот за глауком, во периодот од 2015 до 2019 година.

Учесниците во студијата се поделени во две главни групи во однос на присуството на глауком.

Првата група на испитаници ја сочинуваат 60 пациенти со примарен глауком со отворен агол, вклучени според следните влезни критериуми:

- зголемен интраокуларен притисок (ИОП) - над 24 mmHg без терапија
- промени на папилата на видниот нерв (ПНО)
- испади во видното поле
- терапија за глауком.

Во втората група се вклучени 40 испитаници, без глауком, со следните влезни критериуми:

- пациенти без глауком
- нормален интраокуларен притисок (ИОП)
- нормално видно поле
- уреден наод на ПНО (очно дно).

Двете групи на испитаници се компарирани во однос на присуството и вредностите на рефракциската аномалија миопија.

Во однос на присуството и степенот на миопијата (диоптриската јачина), сите испитаници (со и без глауком) се поделени во 3 подгрупи:

- ниска миопија (-1,0 до -3,0 Дпт)
- средна миопија (-3,0 до -6,0 Дпт)
- висока миопија (над -6,0 Дпт).

Во студијата не биле вклучени пациенти со наполно изгубена видна функција и пациенти кои имале лоша фиксација во текот на изведувањето на периметријата.

Податоците од сите испитаници се внесувани во анкетни прашалници кои се изготвени за потребите на истражувањето.

Кај сите учесници во студијата се применувани следните методи на испитување:

- Испитување на **видната острина** на Snellen-ова табла (оптотип), со и без корекција.
- **Рефрактометрија** определувана со рефрактометар тип TOPCON RM 8900.
- **Тонометрија** за определување на вредностите на интраокуларниот притисок, со компарација на две методи:
  • импресиона тонометрија (Schioetz);
  • неконтактна (air-puff) тонометрија, изведувана со апаратот TOPCON CT 80;
- **Гониоскопија** е изведувана со единечна призма со едно огледало и користена е градација на аголот на 4 степени во однос на неговата широчина, како и проценка на степенот на пигментација и присуството на периферни предни синехии.
- Испитувањето на **видното поле (периметрија)** кај сите испитаници е правено според методата на стандардна автоматизирана компјутеризирана периметрија, со апаратот OPTOPOL PTS 910 периметар, со програмата за скрининг на глауком.

Испадите во видното поле се градирани на следниот начин:

• рани
• интермедијарни
• напреднати

- методата на **ехобиометрија,** која овозможува мерење

на должината на булбусот и стаклестото тело со употреба на А-скен. Методата е изведувана со примена на апаратот ALCON Ocu Scan RXP.

Нормални вредности кај ехобиометрија на еметропно око:

VC-аксијална должина на стаклесто тело со норм.вред. 15,37 мажи, 15,48 жени
AX-аксијална должина на булбус со норм. вред. 23,0-23,9 мм

- **Оптичка кохерентна томографија на задниот сегмент** на окото (ОЦТ), изведувана со апаратот TOPCON 3D 2000.

Со примената на оваа метода се испитувани 2 значајни параметра:

• **проценка на дебелината на перипапиларните нервни влакна (РНФЛ);**

• **пахиметрија,** односно испитување на централната дебелина на роговицата со примена на компјутерски софтвер кој го содржи овој вид на технологија.

Со оглед на тоа што станува збор за пациенти со глауком со отворен агол, кај сите учесници испитувањето е правено во лесна мидријаза.

Испитувањето на дебелината на РНФЛ овозможува проценка на просечната дебелина, како и поединечни вредности на дебелината во сите 4 испитувани квадранти – инфериорен, супериорен, темпорален и назален.

За патогномоничен наод на глауком се смета патолошко истенчување на РНФЛ во инфериорниот и супериорниот квадрант, додека најваријабилни се вредностите за назалниот квадрант.

За реална и валидна интерпретација на наодот од ОЦТ, треба да се имаат предвид и определени објективни ограничувања на самата технологија. Пред сè, фактот дека перипапиларните промени и големината на екскавацијата кај пациентите со миопија може да влијаат на вредностите на РНФЛ, како и влијанието на т.н. “floor effect” кај пациентите со напреднат глауком. Ова се должи на фактот дека кај овие пациенти заради значајното оштетување на РНФЛ методата не е во можност да ги измери реалните квантитативни вредности на истенчувањето.

Кога станува збор за пахиметријата, односно испитување на централната дебелина на роговицата (CCT- central corneal thickness), нејзиното испитување е особено значајно кај пациентите со глауком и миопија.

ОЦТ-пахиметријата не е рутинска метода за испитување на CCT, бидејќи, според Американската академија за офталмологија, „златен стандард” кај ова испитување сè уште претставува т.н. ултразвучна пахиметрија, која се изведува со контактна сонда во услови на локална анестезија. Меѓутоа, ОЦТ-пахиметријата претставува солидна алтернатива како индикатор за вредностите на овој параметар кај пациентите со глауком.

Статистичката обработка на податоците е изведена во статистичката програма STATISTICA 8.0 i SPSS Statistics 23.0, со примена на следните статистички методи на испитување:

1. Кај сериите со атрибутивни белези (миопија, тип на миопија, глауком, пол на пациентите, фамилијарна анамнеза, системски заболувања, гониоскопија), одредувани се проценти на структура (%).

1.1 Асоцијацијата (поврзаноста) & Разликите - кај сериите со атрибутивни белези тестирани се со примрна на Pearson Chi-Square / (p) и Fisher's Exact Test / Monte Carlo Sig. (2-sided) / (p).

2. Кај сериите со нумерички белези (возраст на пациентите, очен притисок, должина на стаклесто тело, аксијална должина, пахиметрија, видна острина), изработена е дескриптивна статистика (Mean ±Std.Dev.;±95,00CI.; Minimum; Maximum.

2.1 Дистрибуцијата на податоците тестирана е со: Kolmogorov-Smirnov test; Lilliefors test; Shapiro-Wilks test (p).

2.2 Разликата кај сериите со нумерички белези помеѓу испитуваната * контролната група, анализирана е со примена на T-tests; Grouping (t / p) и Mann-Whitney U Test (Z / p).

3. Корелацијата во релациите: висина на миопија & ескавација на нерв, висина на миопија & RNFL, анализирана е со примена на Spearman Rank Order R (R).
4. Предиктивните вредности на анализираните ризик-фактори за предикција на глауком анализирани се со примена на униваријантна и мултиваријантна бинарна логистичка регресиона анализа (Wald, (Exp(B), 95% C.I., p).

4.1 При одредување на предиктивните вредности на анализираните ризик-фактори беше одредувана глобална точност (%), сензитивност (%) и специфичност (%) на употребениот модел за предикција.

Сигнификантноста е одредувана за p<0,05, а податоците се табеларно и графички прикажани.

Резултатите се прикажани на 60 табели и 64 графикони, проследени со соодветен коментар.

Во двете групи на учесници (испитувана група на **60 пациенти со глауком** и контролна група на **40 пациенти без глауком**), испитувани се вредностите на анализираните параметри, кои се компарирани и помеѓу двете групи заради проценка на заемната поврзаност и евентуалното влијание. Испитувани се следниве фактори: пол и возраст на испитаниците, рефрактометрија, видна острина со и без корекција, фамилијарна анамнеза за глауком, системски ризични фактори, интраокуларниот притисок (преку Schioetz/Air puff метода), ехобиометрија за проценка на аксијалната должина на булбусот и должината на стаклестото тело, наодот на папилата на видниот нерв (присуство на екскавација преку соодносот cup/disc), наодот на видното поле, дебелината на перипапиларните нервни влакна (РНФЛ), гониоскопскиот наод, централна дебелина на роговицата, присуството и степенот на миопија (ниска, средна и висока), односно влијанието на различните форми на миопија врз развојот на глауком и нивната заемна поврзаност.

Од вкупно 100 испитаници вклучени во студијата, 68 биле жени, а 32 мажи.

Анализата на резултатите покажува дека нема значајна разлика според полот, фамилијарната анамнеза и системските заболувања помеѓу испитуваната и контролната група.

Во однос на видната острина, пациентите во контролната група имаат значајно подобра видна острина без и со корекција, што е очекувано, имајќи предвид дека во испитуваната група се застапени пациенти со различен степен на нарушување на видната острина заради оштетувањето на видниот нерв.

Во однос на висината, односно типот на миопијата, постои значајна разлика помеѓу испитуваната и контролната група, со оглед на фактот дека во испитуваната група е најмногу застапена високата миопија со 19 пациенти, односно 31,70 %, за разлика од контролната група, каде што е присутна ниска и средна миопија (двете групи кај 6 испитаници, односно 15 %), додека отсуствува високата миопија.

Во однос на висината на интраокуларниот притисок, кандидатката утврдила незначајно повисоки вредности на притисокот во испитуваната група со двата вида на тонометрија.

Помеѓу двете испитувани групи постои значајна разлика во однос на состојбата на видното поле, што е исто така очекувано, доколку се има предвид фактот дека во испитуваната група со глауком, 44 пациенти (73,30 %) имале различен степен на оштетување на видното поле, додека во контролната група без глауком, 80,00 % од испитаниците (32) имале уреден наод на видното поле.

Кандидатката утврдила дека пациентите во испитуваната група имале поголема аксијална должина на очното јаболко и поголема должина на стаклестото тело, без статистичка значајност.

Утврдено е дека пациентите во испитуваната група со глауком имале значајно полош наод на очниот нерв, изразен преку поголема екскавација на папилата на видниот нерв, односно соодносот cup/disc (C/D-ratio).

Во однос на дебелината на РНФЛ, резултатите укажуваат дека пациентите во контролната група имаат значајно поголема дебелина на РНФЛ во однос на испитуваната група, односно дека кај пациентите во групата со глауком постои значајно истенчување на РНФЛ, што е конзистентно со наодите од други клинички и научноистражувачки студии.

Пахиметриските вредности покажуваат незначајно повисоки вредности во испитуваната група, без статистичка значајност.

Ваквиот наод, кој донекаде отстапува од очекувањата, може да се толкува и во контекст на фактот дека во испитуваната група со глауком има 45 пациенти со миопија, кои, генерално, имаат пониски пахиметриски вредности.

Една од значајните цели на овој докторски труд е одоговорот на хипотезата за поврзаноста помеѓу миопијата и глаукомот. Анализата на добиените резултати покажала дека постои значајна поврзаност, односно асоцијација помеѓу миопијата и глаукомот. Актуелната студија утврдила дека кај пациентите со миопија постои 5 пати поголем ризик за развој на глауком во однос на пациентите кои немаат миопија. Притоа, најголемо е влијанието на високата миопија, потоа средната миопија, а ниската миопија со вредности од -1,0 до -3,0Дпт не претставува значаен ризик за глауком. Исто така, утврдена е значајна разлика помеѓу висината на миопијата и степенот на глаукоматозните промени.

При испитувањето на корелациите, утврдена е умерено јака позитивна значајна разлика помеѓу висината на миопијата и големината на екскавацијата на видниот нерв. Исто така, утврдена е средно јака негативна значајна корелација помеѓу висината на миопијата и дебелината на РНФЛ, односно, дека при повисока миопија има поголемо истенчување на РНФЛ.

Кандидатката би требало во толкувањето на овие наоди да има предвид дека поголемата екскавација и перипапиларната атрофија, кои се сретнуваат и кај миопијата, може да влијаат на вредностите на овие параметри, а на тој начин индиректно и на утврдената корелација. Во дискусијата, кандидатката би требало дополнително да го елаборира ваквиот наод.

Мултиваријантната логистичка регресиона анализа за предикција на глауком како независен предиктор на глауком со значајно влијание го идентификува параметарот на дебелината на перипапиларните нервни влакна (РНФЛ).

Во поглавјето **Дискусија,** кандидатката се осврнува на добиените резултати од научноистражувачкиот труд, кои ги коментира и елаборира во контекст на слични вакви испитувања на поголем број испитаници.

Во нашата држава, ваков тип на студија на поголема популација досега не е спроведувана.

Анализата на резултатите ја потврдува основната хипотеза, односно поставената цел – да се утврди поврзаноста помеѓу миопијата и глаукомот. Утврдено е дека индивидуите со миопија имаат 5 пати поголем ризик за развој на глауком, компарирано со лицата кои немаат глауком. Притоа, најголемо е влијанието на високата миопија над -6,0 Дпт, потоа на средната миопија во рамки од -3,0 до -6,0 Дпт, додека е незначајно влијанието на ниската миопија од -1,0 до -3,0 диоптри. Во контекст на овој наод, кандидатката прави компарација со Blue Mountain Eye Study во Австралија и Singapore Eye Study, кои се спроведувани на поголем број испитаници.

Во однос на влијанието на пахиметријата, интересен би бил одговорот на прашањето поврзано со пахиметриските вредности, кои во студијата се незначајно поголеми во испитуваната група со глауком, иако е познато дека пациентите со долгогодишен глауком имаат потенки вредности на централната корнеална дебелина. Едно од објаснувањата ја вклучува хомогеноста на групата во однос на времетраењето на глаукомот, како и во однос на висината на интраокуларниот притисок.

Во униваријантната логистичка регресиона анализа за предикција на глауком, сигнификантно асоцирани со глаукомот биле следните параметри: возраста на пациентите, видната острина без корекција, средната миопија, високата миопија, OCT / RNFL. Ваквиот наод донекаде кореспондира со наодите од Kandy Eye Study, (Шри Ланка), каде што е утврдено дека возраста, средниот интраокуларен притисок, миопијата и средната аксијална должина биле значајно поврзани со примарниот глауком со отворен агол.

Поврзаноста помеѓу миопијата и глаукомот денес несомнено претставува актуелен, не само клинички, туку особено научноистражувачки предизвик. Исклучителната технолошка експанзија на нови, софистицирани дијагностички методи во офталмологијата претставува добра основа за утврдување на поврзаноста, која постои, како и за разбирање на нејзиниот патофизиолошки механизам и алгоритамот на неговиот развој.

Одамна е познато дека супериорна и сè уште ненадмината метода во дијагностицирање на функционалните промени кај глаукомот е периметријата, односно испитувањето на видното поле. Денес сè повеќе се ревитализира и значењето на електрофизиолошките методи на испитување, особено на визуелните евоцирани потенцијали, како ран дијагностички маркер во детекцијата на глаукомот.

Од друга страна, воведувањето на т.н. “imaging” методи во стандардната дијагностичка палета кај глаукомот значајно придонесе за порано откривање на болеста, што се должи на нивната улога во препознавањето на структурните оштетувања кај глаукомот. Меѓутоа, притоа треба одлично да се познаваат предностите и ограничувањата на овие методи, како на оптичката кохерентна томографија, за да не се влезе во стапицата на „лажна”, односно неточна дијагноза. Тоа значи дека може да не се препознае пациент со глауком, или да се постави погрешна дијагноза кај пациент кој не боледува од глауком.

Ова особено треба да се има предвид во состојби каде што кај различни клинички ентитети постојат промени кои можат да влијаат врз испитуваните параметри и притоа да прикажат неточни наоди, што може донекаде да се однесува и на миопијата и глаукомот.

Од тие причини, при толкување на наодите треба да се имаат предвид резултатите од сите достапни дијагностички испитувања, кои треба заемно да се проценуваат и утврдуваат.

Во дискусијата недостасува поопширна елаборација на дел од испитуваните параметри, што кандидатката би требало да го коригира.

Во делот на **заклучоците**, кандидатката таксативно ги набројува наодите од испитуваните параметри, формулирајќи заклучни согледувања како одговор на поставените цели во докторскиот труд.

Во контекст на ова, најзначајно е потврдувањето на поврзаноста помеѓу миопијата и глаукомот, што претставува една од главните цели на овој научноистражувачки труд. Студијата утврдила поврзаност помеѓу миопијата и глаукомот, во смисла дека пациентите со миопија имаат 5 пати повисок ризик за развој на глауком, во компарација со пациентите кои немаат миопија. Притоа, најзначајна е високата миопија повисока од -6,0 Дпт, потоа средна миопија од -3,0 до -6,0 Дпт, додека ниската миопија од -1,0 до -3,0 Дпт нема статистичка значајност. Воедно, утврдена е значајна разлика помеѓу висината на миопијата и степенот на глаукоматозните промени.

Анализата на резултатите покажува дека нема значајна разлика според полот, фамилијарната анамнеза и системските заболувања помеѓу испитуваната и контролната група.

Помеѓу двете испитувани групи постои значајна разлика во однос на состојбата на видното поле, доколку се има предвид фактот дека во испитуваната група со глауком, 44 пациенти (73,30 %) имале различен степен на оштетување на видното поле, додека во контролната група без глауком, 80,00 % од испитаниците (32) имале уреден наод на видното поле.

Утврдено е дека пациентите во испитуваната група со глауком имале значајно полош наод на очниот нерв, изразен преку поголема екскавација на папилата на видниот нерв, односно соодносот cup/disc (C/D-ratio).

Во однос на дебелината на РНФЛ, резултатите укажуваат дека пациентите во контролната група имаат значајно поголема дебелина на РНФЛ во однос на испитуваната група, односно дека кај пациентите во групата со глауком постои значајно истенчување на РНФЛ.

При испитувањето на корелациите, утврдена е умерено јака позитивна значајна разлика помеѓу висината на миопијата и големината на екскавацијата на видниот нерв. Исто така, утврдена е средно јака негативна значајна корелација помеѓу висината на миопијата и дебелината на РНФЛ, односно дека при повисока миопија има поголемо истенчување на РНФЛ.

Особено е значаен наодот на мултиваријантната логистичка регресиона анализа за предикција на глауком, во која како независен предиктор на глауком со значајно влијание е идентификуван параметарот на дебелината на перипапиларните нервни влакна (РНФЛ), за кој генерално се смета дека претставува подобар индикатор отколку соодносот cup/disc.

На крај, неспорно е дека постои значајна асоцираност помеѓу миопијата и глаукомот, која е потврдена и преку резултатите на овој научноистражувачки труд, кој е изработен во момент кога оваа релација има исклучителна актуелност и е предмет на поголем број научноистражувачки напори. Иако станува збор за помала серија на испитаници, што е потенцијален лимитирачки фактор во однос на некои параметри, потврдувањето на асоцијацијата претставува и главен придонес на докторскиот труд, а добиените резултати и изведените заклучоци оставаат простор и нудат предизвик за дополнителни испитувања во однос на механизмите и другите фактори кои имаат влијание врз оваа поврзаност.

Поглавјето **Литература** содржи 100 референци, од кои најголем дел со понов датум, кои се уредно презентирани според важечките стандарди и соодветно се цитирани во текстот.

Оцена на трудот

Докторската дисертација на **ас. д-р Ирина Богданова**, со наслов: **Проценка на поврзаноста помеѓу миопијата и глаукомот,** претставува истражување во форма на докторски труд од областа на офталмологијата, клиничка медицина.

Глаукомот претставува хронично заболување со мултифакторска етиологија, кај кое постои оштетување на видниот нерв во форма на оптичка невропатија, која е главна причина за значајна компромитација на видната функција и иреверзибилно слепило.
Миопијата со години наназад е идентификувана како еден од ризичните фактори асоцирани со глаукомот, а оваа асоцираност особено е актуелна не само од клинички, туку и од научноистражувачки аспект во последната декада. Во голема мера за тоа придонесе и развојот на новата дијагностичка технологија, особено групата на т.н.”imaging” методи, кои со своите перформанси овозможуваат испитување и проценка на параметрите на видниот нерв преку добивање на егзактни квантитативни вредности.

Миопијата и глаукомот имаат определени сличности во промените на видниот нерв, како перипапиларната атрофија и екскавацијата на папилата на видниот нерв, поради што понекогаш е тешко само преку клиничко испитување да се направи јасна дистинкција помеѓу овие два клинички ентитета.

Во контекст на ова, докторскиот труд на **ас. д-р Ирина Богданова** со наслов: **Проценка на поврзаноста помеѓу миопијата и глаукомот**, кој содржи значаен број на испитувани параметри, разработува современ и актуелен офталмолошки проблем преку јасно поставени и дефинирани цели, од кои произлегуваат релевантни заклучоци со апликативен клинички придонес. И покрај посветеноста и напорите на кандидатката, присутни се определени технички грешки за кои Комисијата смета дека може да се надминат во интерес на подигнување на нивото на квалитетот на докторскиот труд.

Според мислењето на Комисијата за оцена, докторската дисертација на кандидатката **ас. д-р Ирина Богданова,** со наслов: **Проценка на поврзаноста помеѓу миопијата и глаукомот**, ги исполнува основните услови и стандарди за изработка на докторски труд.

Исполнетост на законските услови за одбрана на трудот

Кандидатката, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавила (како прв автор, во меѓународни научни списанија или еден труд во списание со импакт-фактор) следниве рецензирани истражувачки трудови:

1. Bogdanova Irina, Panovski N, Jordanova Dimovska V, Blazevska Buzarovska K, OCT in patients with myopia, with and without diagnosed glaucoma. Acta Morphologica 2016; Vol.13 (2): 53-55.
2. Bogdanova Irina. Myopia and glaucoma-risk assessment. Acta Morphologica 2017; Vol.14 (1): 13-18.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

По внимателното, целосно и исцрпно разгледување на докторската дисертација на кандидатката **ас. д-р Ирина Богданова** со наслов: **Проценка на поврзаноста помеѓу миопијата и глаукомот,** Комисијата смета дека се работи за самостоен научноистражувачки труд кој разработува актуелен клинички проблем, со јасно дефиниран мотив и цели, апликабилни клинички резултати и релевантни научни заклучоци.

Во докторскиот труд, во рамки на поставените цели на истражувањето, кандидатката прави обид да процени и да утврди постоење на потенцијална поврзаност, односно асоцираност помеѓу рефракционата аномалија миопија и појавата на глауком кај лицата со овој вид на рефракциска грешка.

Покрај оваа поврзаност, кандидатката испитува и бројни други релевантни параметри, за кои тргнува од премисата дека се поврзани со глаукомот и/или дека имаат улога на ризични фактори во неговата клиничка манифестација.

Анализата на резултатите, компарацијата и востановените корелации покажуваат дека во трудот е потврдена главната цел за постоење на значајна асоцираност помеѓу миопијата и глаукомот, како и дека високата миопија со вредности над -6,0 Дпт има најголемо влијание како значаен ризичен фактор во развојот на глауком кај лицата со миопија.

Врз основа на претходно изнесеното, Комисијата го оценува позитивно приложениот докторски труд и има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во состав на УКИМ, Скопје, да ја прифати и да закаже јавна одбрана на докторската дисертација на кандидатката **ас. д-р Ирина Богданова** со наслов: **Проценка на поврзаноста помеѓу миопијата и глаукомот.**

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Весна Димовска Јорданова, претседател, с.р.
Проф. д-р Никола Пановски, ментор, с.р.
Проф. д-р Милена Голубовиќ, член, с.р.
Н. сов. д-р Емилија Ѓошевска Даштевска, член, с.р.
Проф. д-р Никола Оровчанец, член, с.р.

Прилог бр. 2

Р Е Ф Е Р А Т

ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ (ДИСЦИПЛИНА) МЕТОДИКИ НА ЈАЗИК И ОПШТА И КОМПАРАТИВНА ЛИТЕРАТУРА НА ПЕДАГОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија“ од 3.7.2020 г. и „Коха“ од 4.7.2020 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) методики на јазик и општа и компаративна литература, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-368/4, донесена на 19.8.2020, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Вехби Кадиу, редовен професор на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, д-р Аслан Хамити, редовен професор на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје и д-р Емил Сулејмани, редовен професор на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област (дисциплина) методики на јазик и општа и компаративна литература, во предвидениот рок се пријави проф. д-р Лулзим Алиу.

6. Биографски податоци и образование

Кандидатот проф. д-р Лулзим Алиу е роден на 1.5.1977 во Кичево. Средно образование завршил во ЦСО „Мирко Милески“ во Кичево, во 1995 година. Со високо образование се стекнал на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, во 1999 година. Дипломирал во 1999 година, со просечен успех 8.

Кандидатот активно се служи со албанскиот, македонскиот и англискиот јазик.

Во учебната 1999/2000 се запишал на втор циклус (магистерски) студии на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје. Студиите ги завршил во 2002 година, со просечен успех 8. На 25.1.2006 година го одбранил магистерскиот труд на тема: *Јазикот во народните албански песни од кичевскиот регион*.

Докторска дисертација пријавил во 2008 година на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје. Дисертацијата на тема: *Глаголот во преведените романи на Исмаил Кадаре од албански на македонски јазик* ја одбранил на 14.1.2011 година, пред Комисија во состав: проф. д-р Аслан Хамити (ментор), проф. д-р Агим Пољоска, проф. д-р Марјан Марковиќ, проф. д-р Мируше Хоџа и проф. д-р Исмет Османи. Со тоа се стекнал со научниот степен доктор на науки од научната област јазик.

На 12.3.2010 година е избран во звањето доцент на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, во областа методика на јазик и општа и компаративна литература.

Во моментот е вонреден професор на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје. Последниот реферат за избор е објавен во Билтен бр. 1114 од 31.12.2015 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, објавени во Билтен бр. 1114, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

7. Научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата

Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, кандидатот д-р Лулзим Алиу изведува настава (настава, вежби, теренска настава итн.) на прв, втор и трет циклус студии на студиската програма Одделенска

настава и Предучилишно воспитание на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје.

Кандидатот бил ментор на 17 дипломски и на 3 магистерски труда.

Кандидатот учествувал како член во комисија за оцена/или одбрана на 12 дипломски / специјалистички, 2 магистерски труда и на / докторски дисертации.

Кандидатот е автор на рецензиран учебник под наслов *Metodika e mësimdhënies së gjuhës shqipe në ciklin e ulët të arsimit fillor (Методика на наставата по Албански јазик во нижите одделенија од основното образование).*

Други активности кои припаѓаат во наставно-образовната дејност, релевантни за изборот.

Конкретните активности се наведуваат во табелата во Анекс 2 (член 2) од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.

<u>Научноистражувачка дејност/Стручно-уметничка дејност</u>

Д-р Лулзим Алиу има објавено вкупно 26 научни трудови од методичката и литературната област, од кои __ научни труда во научни списанија со импакт-фактор (фактор на влијание), 5 труда во меѓународни научни списанија, 8 труда во меѓународни научни публикации и 8 труда во зборници од научни собири.

Д-р Лулзим Алиу бил раководител на 2 национални и 2 меѓународни научни проекта. Бил национален координатор на ____ меѓународни научни проекти, а учествувал како член во 4 научни проекти.

Кандидатот бил ментор на 3 магистерски и _ докторски трудови.

Други активности кои припаѓаат во научноистражувачката дејност, релевантни за изборот.

Називите на трудовите, проектите и сл. се наведуваат во табелата во Анекс 2 (член 3/член 4) од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.

<u>Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес</u>

Д-р Лулзим Алиу активно е вклучен во стручно-апликативната работа на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје. Врши стручна дејност со студентите од вториот циклус студии при Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, како и со студентите од групата библиотекарство при Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје.

Кандидатот д-р Лулзим Алиу остварил експертски активности во составување на студиските програми за Одделенска настава и Предучилишно воспитание, елаборат за втор циклус студии при Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје.

Стручно усовршување во странство остварил со студиски престој во _____.

Особена активност кандидатот покажува во дејностите од поширок интерес. Активно е вклучен во работата на стручни комисии и работни групи при Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје:

- Комисија за самоевулуација на Факултетот;
- Работна група за спроведување на акредитација на студиските програми;
- член на Комисија за оценување на постигањето на студентите за предметите од областа на книжевноста.

Д-р Лулзим Алиу активно е вклучен во работата на бројни комисии на УКИМ, и тоа: како член во Комисијата за прием на студенти при Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје.

Кандидатот учествувал во уредувачкиот одбор за издавање на монографија _____, библиографија _____ и јубилеен годишен зборник „Педагошка ревија“.

Бил член на 2 рецензентски комисии за избор на лица во наставно-научно звање.

Во изборниот период, д-р Лулзим Алиу учествувал во изготвување и пријавување на 2 научни, 4 стручно-апликативни проекти на МОН и 2 развојни проекта.

Други активности од Анекс 1 кои припаѓаат во стручно-апликативната дејност и дејноста од поширок интерес, релевантни за изборот.

Конкретните активности се наведуваат во табелата во Анекс 2 (член 5) од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.

Оценка од самоевалуација

Кандидатот д-р Лулзим Алиу, во 2018, 2019 и во 2020 година, доби позитивна оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Лулзим Алиу.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Лулзим Алиу поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето РЕДОВЕН ПРОФЕСОР во научната област методика на јазик и општа и компаративна литература.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, д-р Лулзим Алиу да биде избран во звањето РЕДОВЕН ПРОФЕСОР во научната област методика на јазик и општа и компаративна литература.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Вехби Кадриу, претседател, с.р.
Проф. д-р Аслан Хамити, член, с.р.
Проф. д-р Емил Сулејмани, член, с.р.

ОБРАЗЕЦ 1
ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат:
Л У Л З И М А Л И У
Институција:
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје,
Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје
Научна област:
методика на јазик и општа и компаративна литература

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
1	Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус * Просечниот успех на прв циклус изнесува: 8 Просечниот успех на втор циклус изнесува: /	да
2	Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира Назив на научната област**: методика на јазик** и **општа и компаративна литература** од полето на хуманистички науки	да
3	Објавени најмалку шест рецензирани научни труда ** во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор	да
3.1	1. Назив на научното списание: **Multiculturalism in Child and Youth Literature,** 2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): 70 члена од 12 земји: Bulgaria, Macedonia, Serbia, Bosnia and Herzegovina, Turkey, Croatia, Kosovo, Albania, Germany, Romania, Poland, Hungary. 3. Назив на електронската база на списанија: academia 4. Наслов на трудот: *Methodological Aspects of Reading Non-Literary Texts in the Teaching of Native Language* 5. Година на објава: 2019	да

3.2	1. Назив на научното списание: **New Challenges in Education,** 2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): 57 члена од 11 земји: Macedonia, Serbia, Bosnia and Herzegovina, Turkey, Croatia, Albania, Slovenia, Italy, Romania, Poland, Hungary. 3. Наслов на трудот: *The Competencies of the Teacher in the Modern Education* 5. Година на објава: 2019	да
3.3	1. Назив на зборникот: Proceedings of The 14th IBES**,** 2. Назив на меѓународниот собир: Education and Science Congress „QUALITY IN CONTEMPORARY EDUCATIONAL PROCESSES“ 3. уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): 26 члена од 4 земји: Macedonia, Turkey, Croatia, Bulgaria. 3. Наслов на трудот: *Factors that Influence in Satisfaction from Work as a Teacher in the Primary Education* 5. Година на објава: 2019	да
3.4	1. Назив на зборникот: Proceedings of The 14th IBES**,** 2. Назив на меѓународниот собир: „Quality in Contemporary Educational Processes“ 3. уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): 56 члена од 4 земји: Macedonia, Turkey, Croatia, Bulgaria. 3. Наслов на трудот: *Understanding and Approaches to the Methodology of the Pedagogical Research in the Initial Education* 5. Година на објава: 2019	да
3.5	1. Назив на зборникот: Proceedings of The 13th IBES**,** 2. Назив на меѓународниот собир: Education and Science Congress 3. уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): 70 члена од 12 земји: Bulgaria, Macedonia, Serbia, Bosnia and Herzegovina, Turkey, Croatia, Kosovo, Albania, Germany, Romania, Poland, Hungary. 3. Наслов на трудот: *Integration of Native Language with other Subjects in the Primary Education System of the Republic of Macedonia* 4. Година на објава: 2018	да
3.6	1. Назив на зборникот: Proceedings of The 3rd IBES**,** 2. Назив на меѓународниот собир: Education and Science Congress „The Future of Education and Education for The Future“ 3. уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): 20 члена од 6 земји: Macedonia, Greece, Serbia, Albania, Bulgaria, Poland. 3. Наслов на трудот: *The Teaching Profession and Beginner Teachers* 5. Година на објава: 2016	да

4	Објавен рецензиран учебник, монографија, практикум или збирка задачи од научната област за која се избира *** 1. Наслов на рецензиран учебник: *Metodika e mësimdhënies së gjuhës shqipe në ciklin e ulët të arsimit fillor* *Методика на наставата по Албански јазик во нижите одделенија од основното образование* 2. Место и година на објава: Скопје, 2019 1. Наслов на книга: *Stratifikimi shoqëror dhe arsimi* *Општествена стратификација и образованието* 2. Место и година на објава: Скопје , 2020	да
5	Претходен избор во наставно-научно звање – вонреден професор, датум и број на Билтен: 3.2.2016, број 1114	да
6	Има способност за изведување на високообразовна дејност	да

***** На лицата кои имаат заснован работен однос на Универзитетот или на некој од универзитетите во Република Македонија во моментот на стапување во сила на Законот за високото образование
(Службен весник на Република Македонија бр.82/2018), нема да се применуваат одредбите од Законот кои се однесуваат на просекот, односно дека лицата треба да имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус. Во овој случај, полето под реден број 1 не се пополнува.
** За кандидатот/ите кој има повеќе од 6 (шест) научни труда во референтна научна публикација, рецензентската комисија научните труда ќе ги наведе, ќе ги оцени и ќе ги вреднува во Образец 2.
***Наведениот услов ќе се применува по истекот на три години од денот на стапувањето во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр.82/2018).

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Вехби Кадриу, претседател, с.р.
Проф. д-р Аслан Хамити, член, с.р.
Проф. д-р Емил Сулејмани, член, с.р.

ОБРАЗЕЦ 2
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат:
Л У Л З И М А Л И У
Институција:
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје,
Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје
Научна област:
методика на јазик и општа и компаративна литература

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста (наставно-образовна):	Поени
1	Настава од прв циклус студии: 201 ЗПОН **Литература за деца** - гр. одделенска настава на алб. јазик, 3+2, задолжителен предмет. Учебни 2015/2016, 2016/2017, 2017/2018, 2018/2019, 2019/2020 година *Предавања*: (3x15x0,04) x 5 семестри = 9	9
2	Настава од прв циклус студии: 201 ЗПОН **Литература за деца** - гр. одделенска настава на алб. јазик, 3+2, задолжителен предмет. Учебни 2015/2016, 2016/2017, 2017/2018, 2018/2019, 2019/2020 година *Вежби*: (2x15x0,03) x 5 семестри = 4,5	4,5
3	Настава од прв циклус студии: 206 ЗППВ **Литература за деца** - гр. предучилишно воспитание на алб. јазик, 3+2, задолжителен предмет. Учебни 2015/2016, 2016/2017, 2017/2018, 2018/2019, 2019/2020 година *Предавања*: (3x15x0,04) x 5 семестри = 9	9
4	Настава од прв циклус студии: 206 ЗППВ **Литература за деца** - гр. предучилишно воспитание на алб. јазик, 3+2, задолжителен предмет. Учебни 2015/2016, 2016/2017, 2017/2018, 2018/2019, 2019/2020 година *Вежби*: (2x15x0,03) x 5 семестри = 4,5	4,5
5	Настава од прв циклус студии: 205 ИПОН **Литературна работилница** - гр. одделенска настава на алб. јазик, 2+1, изборен предмет. Учебни 2015/2016, 2016/2017, 2017/2018, 2018/2019, 2019/2020 година *Предавања*: (2x15x0,04)x4 = 4,8	4,8

6	Настава од прв циклус студии: 205 ИПОН **Литературна работилница** - гр. одделенска настава на алб. јазик, 2+1, изборен предмет. Учебни 2015/2016, 2016/2017, 2017/2018, 2018/2019, 2019/2020 година *Вежби*: (1x15x0,03)x4 = 1,8	1,8
7	Настава од прв циклус студии: 311 ЗПОН **Методика на наставата по почетно читање и пишување** - гр. одделенска настава на алб. јазик, 2+2+1, задолжителен предмет. Учебни 2015/2016, 2016/2017, 2017/2018, 2018/2019, 2019/2020 година *Предавања:* (2x15x0,04)x5 = 6	6
8	Настава од прв циклус студии: 311 ЗПОН **Методика на наставата по почетно читање и пишување** - гр. одделенска настава на алб. јазик, 2+2+1, задолжителен предмет. Учебни 2015/2016, 2016/2017, 2017/2018, 2018/2019, 2019/2020 година *Вежби:* (2x15x0,03)x5 = 4,5	4,5
9	Настава од прв циклус студии: 311 ЗПОН **Методика на наставата по почетно читање и пишување** - гр. одделенска настава на алб. јазик, 2+2+1, задолжителен предмет. Учебни 2015/2016, 2016/2017, 2017/2018, 2018/2019, 2019/2020 година *Хоспитации:* (1x15x0,03)x5 = 2,25	2,25
10	Настава од прв циклус студии: 401 ЗПОН **Методика на наставата по Албански јазик 1**- гр. одделенска настава на алб. јазик, 2+2+1, задолжителен предмет. Учебни 2015/2016, 2016/2017, 2017/2018, 2018/2019, 2019/2020 година *Предавања:* (2x15x0,04)x5 = 6	6
11	Настава од прв циклус студии: 401 ЗПОН **Методика на наставата по Албански јазик 1**- гр. одделенска настава на алб. јазик, 2+2+1, задолжителен предмет. Учебни 2015/2016, 2016/2017, 2017/2018, 2018/2019, 2019/2020 година *Вежби:* (2x15x0,03)x5 = 4,5	4,5
12	Настава од прв циклус студии: 401 ЗПОН **Методика на наставата по Албански јазик 1**- гр. одделенска настава на алб. јазик, 2+2+1, задолжителен предмет. Учебни 2015/2016, 2016/2017, 2017/2018, 2018/2019, 2019/2020 година *Хоспитации:* (1x15x0,03)x5 = 2,25	2,25
13	Настава од прв циклус студии: 411 ЗПОН **Методика на наставата по Албански јазик 2**- гр. одделенска настава на алб. јазик, 2+2+1, задолжителен предмет. Учебни 2015/2016, 2016/2017, 2017/2018, 2018/2019, 2019/2020 година *Предавања:* (2x15x0,04)x5 = 6	6
14	Настава од прв циклус студии: 411 ЗПОН **Методика на наставата по Албански јазик 2**- гр. одделенска настава на алб. јазик, 2+2+1, задолжителен предмет. Учебни 2015/2016, 2016/2017, 2017/2018, 2018/2019, 2019/2020 година *Вежби:* (2x15x0,03)x5 = 4,5	4,5
15	Настава од прв циклус студии: 411 ЗПОН **Методика на наставата по Албански јазик 2**- гр. одделенска настава на алб. јазик, 2+2+1, задолжителен предмет. Учебни 2015/2016, 2016/2017, 2017/2018, 2018/2019, 2019/2020 година *Хоспитации:* (1x15x0,03)x5 = 2,25	2,25
16	Настава од прв циклус студии: 202м ЗПБ **Македонска, албанска и турска книжевност 1** - гр. библиотекарство, 3+2, задолжителен предмет. Учебни 2015/2016, 2016/2017, 2017/2018, 2018/2019, 2019/2020 година	9

	Предавања: (3x15x0,04) x 5 семестри = 9	
17	Настава од прв циклус студии: 202м ЗПБ **Македонска, албанска и турска книжевност 1** - гр. библиотекарство, 3+2, задолжителен предмет. Учебни 2015/2016, 2016/2017, 2017/2018, 2018/2019, 2019/2020 година *Вежби*: (2x15x0,03) x 5 семестри = 4,5	4,5
18	Настава од прв циклус студии: 209м ЗПБ **Македонска, албанска и турска книжевност 2** - гр. библиотекарство, 3+2, задолжителен предмет. Учебни 2015/2016, 2016/2017, 2017/2018, 2018/2019, 2019/2020 година *Предавања*: (3x15x0,04) x 5 семестри = 9	9
19	Настава од прв циклус студии: 209м ЗПБ **Македонска, албанска и турска книжевност 2** - гр. библиотекарство, 3+2, задолжителен предмет. Учебни 2015/2016, 2016/2017, 2017/2018, 2018/2019, 2019/2020 година *Вежби*: (2x15x0,03) x 5 семестри = 4,5	4,5
20	Настава од втор циклус студии: ИО/МБ2 -5 **Интеркултурна детска литература** (група: одделенска настава), Учебни 2015/2016, 2016/2017, 2017/2018, 2018/2019, 2019/2020 година, 75 часа во семестар 75x0.005= 3,75	3,75
21	Настава од втор циклус студии: ИО/МБ2 -1 **Методски модели на наставата по албански јазик и функционалната писменост** (група: одделенска настава), Учебни 2015/2016, 2016/2017, 2017/2018, 2018/2019, 2019/2020 година, 75 часа во семестар 75x0.005= 3,75	3,75
22	Ментор на дипломски работи 17 x 0,2= 20,8	3,4
23	Член на комисија за дипломски работи 12 x 0,1= 6,9	1,2
24	Член на комисија за оценка на магистерска работа (4x0,3)	1,2
25	Член на комисија за одбрана на магистерска работа (4x0,3)	1,2
26	Консултации со студенти 170x0.002x5= 1,7 и 90x0,002x5=0,9	2,6
	Вкупно	**115,95**

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1	Учебник за студентите, Lulzim Aliu & Mendime Aliu *Metodika e mësimdhënies së gjuhës shqipe në ciklin e ulët të arsimit fillor*. *Методика на наставата по Албански јазик во нижите одделенија од основното образование*, Скопје, 2019 **ISBN** 978-608-66370-0-2	8
2	Научно истражувачки труд - книга, *Stratifikimi shoqëror dhe arsimi Општествена стратификација и образованието,* Скопје, 2020 **ISBN 978-608-66370-1-9**	4

3	Монографија: Lulzim Aliu, *E folmja e rrethit të Këçovës*, Чабеј, Тетово, 2011 **ISBN 978-9989-150-71-5**	8
4	Ментор на магистерска работа: Вулнет Арифи, *Албански писатели од Република Македонија во читанките по албански јазик,* Педагошки факултет „Св. Климент Охридски”, Скопје, 2015.	2
5	Ментор на магистерска работа: Илир Фетаи, *Модерни и постмодерни особености на албанската литература за деца по ‘90-те години*, Педагошки факултет „Св. Климент Охридски”, Скопје, 2015.	2
6	Ментор на магистерска работа: Вилдане Сулејмани, *Претставници на периодот на албанската национална преродба и нивниот придонес во албанската литература*, Педагошки факултет „Св. Климент Охридски”, Скопје, 2018.	2
7	Lulzim Aliu, *Mother Language Curriculum and Syllabus in Elementary School in the Republic of Macedonia*, 9-th International Balkan Education and Science Congress, Edirne, Turkey, Bidiri ID: 107	3
8	Lulzim Aliu & Lulzim Ademi, *The Educational Software in the Republic of Macedonia and its Use in Albanian Language Classes*, 9-th International Balkan Education and Science Congress, Edirne, Turkey, Bidiri ID: 116.	3
9	Lulzim Aliu, *Assessment in teaching and learning Albanian language*, 2nd International Conference Education across borders “*Critical thinking in education*”, 31.10 - 1. 11. 2014, Korçë, Albania, ISBN (print): 9789928146274; ISBN (on line): 978992814619	3
10	Lulzim Aliu, *The importance of literature for learning and mastering a language,* 10-th International Balkan Congress on Education and Science "*Education and globalization*", 17-19 September 2015, Orhid, Macedonia, ISBN 978-9989-823-49-7	3
11	Lulzim Aliu & Lulzim Ademi, *Period of novice (beginner) in the teaching process and the initial period of the teaching profession*, The 3-rd International Conference on Research and Education - “Challenges Toward the Future” (ICRAE 2015), University of Shkodra “Luigj Gurakuqi”, Shkodra, Albania, October 23 - 24, 2015, Shkodra, Albania, ICRAE2015 Conference-Abstract Proceedings, ISSN: 2308-0825	3
12	Lulzim Aliu & Mendime Aliu Intercultural Communications In Multicultural Society, **ISBN: 978-953-8115-13-4**, 2016	3
13	Lulzim Aliu The Teaching Profession and Beginner Teachers **ISBN 978-9989-100-50-5**, COBISS.MK-ID 103722250 , 2016	3
14	Lulzim Aliu *The Modern Trends in Teacher Training in the EU* **ISSN 2535-1125**, www.sindexs.org/JurnalList.aspx?ID=4325, 2017	3
15	Lulzim Aliu & Mendime Aliu *Integration of Native Language with other Subjects in the Primary Education System of the Republic of Macedonia* **ISBN: 978-975-374-228-3,** http://bes2018.org, 2018	3
16	Lulzim Aliu *Methodological Aspects of Reading Non-Literary Texts in the Teaching of Native Language,* Multiculturalism in Child and Youth Literature Trakya Üniversitesi Yayın No: 210, **ISBN : 978-975-374-241-2**	3
17	Lulzim Aliu *Albanian Literature for Children and Young People after the `90s*, IBCYL 2016 1st International Balkan Child and Youth Literature Congress (IBCYL-2016), 4-7 May 2016	1
18	Lulzim Aliu & Mendime Aliu *Intercultural Communications In Multicultural Society*, **ISBN: 978-953-8115-13-4**	1

	11th International Balkan Education and Science Congress “The Future of Education and Education for The Future”, 12-14 October 2016, Porec, Croatia.	
19	Lulzim Aliu The Teaching Profession and Beginner Teachers **ISBN 978-9989-100-50-5**, COBISS.MK-ID 103722250 Third International Conference “Education Across Borders Education and Research Across Time and Space” University “St. Kliment Ohridski” Faculty of Education, Bitola, 6-7 October 2016, Bitola, Macedonia	1
20	Lulzim Aliu *The Modern Trends in Teacher Training in the EU* **ISSN 2535-1125**, www.sindexs.org/JurnalList.aspx?ID=4325 12th International Balkan Education and Science Congress “Education for Life, Work and Well-being” Faculty od Education, Trakia University - Stara Zagora, Bulgaria. 28-30 September 2017 Nessebar, Bulgaria	1
21	Lulzim Aliu & Mendime Aliu *Integration of Native Language with other Subjects in the Primary Education System of the Republic of Macedonia* **ISBN: 978-975-374-228-3,** http://bes2018.org, 2018 13th International Balkan Education and Science Congress Trakya University - Edirne, 6-8 September 2018	1
22	Lulzim Aliu *The Competencies of the Teacher in the Modern Education* International scientific conference 18th Mate Demarin Days **CHALLENGES IN EDUCATION,** Pula (Croatia), 30 and 31 May 2019	1
23	Lulzim Aliu & Florina Shehu *Factors that Influence in Satisfaction from Work as a Teacher in the Primary Education*, 14th International Balkan Education and Science Congress, **QUALITY IN CONTEMPORARY EDUCATIONAL PROCESSES** Concepts, Strategies, Implementation, Evaluation 5th to 7th September 2019, Ohrid, Republic of North Macedonia, 2019	1
24	Florina Shehu & Lulzim Aliu, *Understanding and Approaches to the Methodology of the Pedagogical Research in the Initial Education,* 14th International Balkan Education and Science Congress, **QUALITY IN CONTEMPORARY EDUCATIONAL PROCESSES** Concepts, Strategies, Implementation, Evaluation 5th to 7th September 2019, Ohrid, Republic of North Macedonia, 2019	1
25	Lulzim Aliu *Methodological Aspects of Reading Non-Literary Texts in the Teaching of Native Language,* Multiculturalism in Child and Youth Literature Trakya Üniversitesi Yayın No: 210, ISBN : 978-975-374-241-2 Edirne 2019	1
26	Учесник во национален научен проект финансиран од УКИМ на тема: *Уверувањата на идните учители и воспитувачи за природата на знаењата, учењето и поучувањето мајчин јазик и математика*, 2015, реализиран од С. Јакимовиќ, М. Главчев, **Лулзим Алиу,** Е. Ралпоска, Л. Адеми и др.	2
	Вкупно	67

СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1	Раководител на втор циклус студии при Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“, Скопје, група: предучилишно воспитание	3

2	Претседател на Испитната комисија за полагање на стручен испит на приправниците во основните училишта за предметот: *Класична култура во европска цивилизација*.	1
3	Член на Комисијата за формирање на списокот на училишните лектири за основното образование - Биро за развој на образованието на Р Македонија.	1
4	Член на групата за подготовка на *Прирачникот за практичната настава за студентите од педагошките факултети*, организирано од Педагошкиот факултет во соработка со ОБСЕ.	3
5	Јазично уредување и лекторирање: Xhilsime Beqiri, *Posedimi dhe aspekti teorik i tij në Republikën e Maqedonisë, si dhe në disa të drejta pozitive bashkëkohore*, магистерски труд, 2011.	1
6	Јазично уредување и лекторирање: Doc. dr. Petrit Pollozhani, *Ekonomia për juristë*, Arbëria design, Тетово, 2011.	1
7	Јазично уредување и лекторирање: Kosta Josifidis, *Makroekonomia* (*parimet, teoritë, politikat*), Botimi i dytë i plotësuar dhe ndryshuar, përkthim në gjuhën shqipe, 2011.	1
8	Јазично уредување и лекторирање: Predrag Dimitrijheviç & Jelena Vuçkoviq, *Bazat e të drejtës së mediave*, 2011.	1
9	Јазично уредување и лекторирање на зборникот: *Akademi shkencore për dijetarin eminent shqiptar prof. dr. Hasan Kaleshi*, 2012	1
10	Јазично уредување и лекторирање: Dr. Marko Radi[iq & Dr. Bozhidar Raiçeviq, *Financat publike - Teoria dhe praktika*, 2012.	1
11	Јазично уредување и лекторирање: Albert Sadiku, *Financat publike të BE-së dhe sfidat e konsolidimit fiskal të saj*, магистерски труд, 2013.	1
12	Јазично уредување и лекторирање: Dr. Petit Pollozhani, *Hyrje në Ekonomi*, Arbëria design, Тетово, 2014.	1
13	Јазично уредување и лекторирање: Vlora Bekteshi, *Të drejtat pasurore të drejtës së autorit*, Prishtinë, 2014	1
14	Јазично уредување и лекторирање: Dr. Petrit Pollozhani, *Mikroekonomia*, Arbëria design, Тетово, 2014.	1
15	Јазично уредување и лекторирање: Dr. Petrit Pollozhani, *Mikroekonomia*, Arbëria design, Тетово, 2015.	1
16	Учество и реализатор на проект: *Уверувањата на идните учители и воспитувачи за природата на знаењата, учењето и поучувањето мајчин јазик и математика*, Педагошки факултет „Св. Климент Охридски” – Скопје, 2014.	3
17	Учество и реализатор на проект: *Интеркултурно образование*, Педагошки факултет „Св. Климент Охридски” – Скопје, 2013.	3
18	Учество и реализатор на проект од страна на Фондацијата за образовни и културни иницијативи *Чекор по чекор*, на проектот *Со читање до лидерство* со основни училишта во РМ.	3
19	Член на поткомисија за реализација на Конкурсот за запишување студенти во прва година во учебната 2014/2015 година на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски” во Скопје	0,5
20	Член на поткомисија за реализација на Конкурсот за запишување студенти во прва година во учебната 2015/2016 година на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски” во Скопје	0,5
21	Член на поткомисија за реализација на Конкурсот за запишување студенти во прва година во учебната 2016/2017 година на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски” во Скопје	0,5

22	Член на поткомисија за реализација на Конкурсот за запишување студенти во прва година во учебната 2017/2018 година на Педагошкиот факултет ,,Св. Климент Охридски” во Скопје	0,5
23	Член на поткомисија за реализација на Конкурсот за запишување студенти во прва година во учебната 2018/19 година на Педагошкиот факултет ,,Св. Климент Охридски” во Скопје	0,5
24	Член на поткомисија за реализација на Конкурсот за запишување студенти во прва година во учебната 2019/2020 година на Педагошкиот факултет ,,Св. Климент Охридски” во Скопје	0,5
25	Член на Комисија за евалуација на Факултетот и поткомисии за евалуација на студиските програми на Педагошкиот факултет ,,Св. Климент Охридски” во Скопје, 2017	1
26	Член на Комисија за евалуација на Факултетот и поткомисии за евалуација на студиските програми на Педагошкиот факултет ,,Св. Климент Охридски” во Скопје, 2018	1
27	Член на Комисија за евалуација на Факултетот и поткомисии за евалуација на студиските програми на Педагошкиот факултет ,,Св. Климент Охридски” во Скопје, 2019	1
28	Член на Комисија за реакредитација на студиските програми по одделенска настава на Педагошкиот факултет ,,Св. Климент Охридски” во Скопје	0,5
29	Член на Комисија за реакредитација на студиските програми по предучилишно воспитание на Педагошкиот факултет ,,Св. Климент Охридски” во Скопје, 2015.	0,5
30	Член на Комисија за реакредитација на студиските програми по предучилишно воспитание на Педагошкиот факултет ,,Св. Климент Охридски” во Скопје, 2019.	0,5
	Вкупно	35.5

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	115,95
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	67,00
СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ	35,50
Вкупно	**218,45**

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Вехби Кадриу, претседател, с.р.
Проф. д-р Аслан Хамити, член, с.р.
Проф. д-р Емил Сулејмани, член, с.р.

Р Е Ц Е Н З И Ј А

ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „СИСТЕМОТ НА ОСИГУРУВАЊЕ И РЕОСИГУРУВАЊЕ ВО РЕГУЛАТИВАТА НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА И ВО СИСТЕМОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА ОСИГУРУВАЊЕТО И РЕОСИГУРУВАЊЕТО НА СТОКИ ВО ПОМОРСКИОТ ТРАНСПОРТ“ ОД М-Р ЕЛЕНА КОСТОВСКА-ВАСИЛЕВСКА, ПРИЈАВЕНА НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ” ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје, на седницата одржана на 1.6.2020 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатката м-р Елена Костовска-Василевска со наслов: *Системот на осигурување и реосигурување во регулативата на Европската Унија и во системот на Република Македонија, со посебен осврт на осигурувањето и реосигурувањето на стоки во поморскиот транспорт*, во состав: проф. д-р Димитар Гелев, редовен професор, проф. д-р Јадранка Дабовиќ Анастасовска, редовен професор, проф. д-р Горан Коевски, редовен професор и ментор, проф. д-р Ванчо Узунов, редовен професор и проф. д-р Дарко Спасевски, вонреден професор.

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот на Правниот факултет „Јустинијан Први” му го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Анализа на трудот

Докторската дисертација на кандидатката м-р Елена Костовска-Василевска, со наслов: *Системот на осигурување и реосигурување во регулативата на Европската Унија и во системот на Република Македонија, со посебен осврт на осигурувањето и реосигурувањето на стоки во поморскиот транспорт*, содржи 307 страници компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman, со 1,5 проред и големина на букви 12, со 383 фусноти, 235 библиографски единици (меѓу нив научни трудови, статии, книги, меѓународниии европски акти, регулативи, директиви, принципи, препораки), национални прописи (релевантна законска и подзаконска регулатива), извештаи, интернет-ресурси и прилози од релевантна судска практика.

Докторската дисертација е структурирана во вовед, десет глави, заклучок и користена литература. Главите се правилно означени и распоредени, меѓусебно поврзани и соодветно димензионирани и систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови. Ваквата структурна композиција на трудот овозможува јасно да се препознае проблематиката што се истражува и со тоа лесно да се следи неговата елаборација и аргументирање.

Според Извештајот генериран од базата за проверка на плагијати за докторски трудови, во трудот е пронајдено совпаѓање со други документи во износ од 5,56 %.

Во ***воведот,*** кандидатката дава аргументирано објаснување за општествената оправданост на избраната тема на докторската дисертација. Притоа, кандидатката нагласува дека осигурувањето и реосигурувањето во регулативата на Европската Унија, а особено осигурувањето и реосигурувањето на стоки во поморскиот транспорт е материја која во себе апсорбира голем број на феномени какви што се глобализацијата, меѓународната трговска размена, економската интеграција итн.

Предметот на истражување на докторската дисертација е системот на осигурување и реосигурување во регулативата на Европска Унија и системот на осигурување и реосигурување во Република Северна Македонија, со посебен осврт на осигурувањето на стоки во поморскиот транспорт.

Во овој дел од трудот се поставува главната хипотеза од која се води истражувањето. Таа е дали и колку евентуално би требало да се подобри националната правна рамка за подобро (ре)осигурување со цел да се обезбеди надомест на штета на осигурени стоки во случај на катастрофа при поморскиот транспорт и колку таквата национална регулатива е усогласена и споредлива во меѓународен контекст.

Основната хипотеза понатаму се тестира преку поставување и анализа на целите на истражувањето направени во секоја од тематските глави.

Во воведот се поставени следниве цели на научното истражување:

- да се направи детална анализа на поимите за осигурување и реосигурување;
- да се разграничи (ре)осигурувањето како дејност и договорот за (ре)осигурување како правен инструмент за реализација на (ре)осигурувањето како дејност;
- да се истражи уредувањето на осигурувањето и реосигурувањето во меѓународните извори на правото и извори во кои се содржани елеменетите на договорот за (ре)осигурување;
- да се елаборира работата на релевантните меѓународни тела чии активности се поврзани со (ре)осигурувањето;
- да се истражи уредувањето на осигурувањето и реосигурувањето во домашните извори на правото;
- да се презентира споредбено-правното уредување на (ре)осигурувањето по поединечни земји;
- да се дадат основите на транспортното и сообраќајното право и да се елаборираат меѓународните извори на транспортното и сообраќајното право;
- да се презентира работата на релевантните меѓународни тела чии активности се поврзани со меѓународниот транспорт на стока, како и да се претстават домашните извори на транспортното и сообраќајното право;
- да се направи осврт на општите услови и процесот на (ре)осигурување на стоки во транспорт;
- да се анализира содржината и елементите на договорот за (ре)осигурување на стоки во поморскиот транспорт;
- да се објасни улогата на транспортните клаузули INCOTERMS во (ре)осигурувањето на стока во поморскиот транспорт;
- преку статистичка анализа да се истражи значењето на (ре)осигурувањето на стоки во поморскиот транспорт за економијата во Република Северна Македонија, како земја која нема излез на море;
- да се презентираат случаи од меѓународната судска пракса за (ре)осигурување на стока во поморскиот транспорт.

Во поглед на методите за изработка на докторската дисертација, истражувањето на кандидатката е резултат на примена на методологија погодна за истражувања од областа на општествените науки. Така, се применува: квалитативна (примарна и секундарна) и квантитативна анализа, компаративна правна анализа, интегрирање на теорија во рамки на контекстуална анализа на судската практика, како и истражување на меѓународните правни извори. За целта на истражувањето, кандидатката применува и повеќе методолошки техники и инструменти во функција на добивање квалитетни емпириски резултати на поставената теза на докторската дисертација. Методолошките техники на истражување, како што е особено анализата на статистички податоци, се користат како истражувачко средство во практичните истражувања во докторската дисертација. Покрај овие квантитативни техники, се употребува и квалитативниот метод на студија на случај. Сите користени методи се во функција на идентификување на потребите и на можностите за научен развој во истражуваната проблематика.

Во ***првата глава*** со наслов: ***Поим на осигурување и реосигурување,*** дефинирани се поимите осигурување и реосигурување користејќи домашни и странски научни извори. Објаснети се начините и условите под кои се склучуваат договори за осигурување и за реосигурување. Исто така, објаснето е кои видови на осигурување им се нудат на осигурениците. Кандидатката, со право, заклучува дека осигурувањето не може да се изедначи со обичните трговски дејности. Осигурувањето е дејност преку која се компензираат штети кои имаат импликации не само за правните и физичките лица, туку и за економијата и општеството како целина. Секој вид на осигурување има своевидно значење и за секој вид на осигурување се поврзуваат специфични поволности, придобивки со кои би се стекнал осигуреникот доколку склучи договор за осигурување. Потоа, објаснето е кои се главни функции на реосигурувањето како дејност и кои се главните начела кои се поврзуваат со реосигурувањето. Терминот реосигурување подразбира фаза на индиректно пренесување на дел од обврската од договорот за осигурување без учество или со учество на осигурувачот. Дополнително, анализирана е поврзаноста на поимите осигурување и реосигурување. Поврзаноста на осигурувањето и реосигурувањето се основа на постигнување заеднички интерес на осигурителните друштва и друштвата за реосигурување. И друштвата за осигурување и друштвата за реосигурување имаат за цел да ги задоволат потребите на осигурениците заштитувајќи ги од потенцијалните ризици, а во случај на претрпена штета обесштетувајќи ги согласно со договорената премија.

Во ***втората глава*** со наслов: ***Разграничување на осигурувањето и реосигурувањето како дејности и договорот за осигурување како правен инструмент за реализација на осигурувањето како дејност***, истражени се правните лица кои се занимаваат со осигурителна дејност и притоа е анализиран развојот на осигурителната дејност во Република Северна Македонија. Следно, истражуван е договорот за осигурување како правен инструмент за реализација на осигурувањето, со посебен фокус на суштинското значење и содржината на договорот за осигурување како основен предуслов за понатамошно реосигурување. Кандидатката, во оваа глава, со право, заклучува дека во споредба со состојбата во развиените земји, постои можност за унапредување на дејноста за осигурување и развој на свеста за потребата од осигурување кај потенцијалните осигуреници, секако, преку постојано ревидирање и усогласување на македонското законодавство со она на Европската Унија и другите меѓународни извори кои го уредуваат прашањето на осигурувањето и реосигурувањето.

Во ***третата глава*** со наслов: ***Уредување на осигурувањето и реосигурувањето во меѓународните извори на правото и извори во кои се содржани елементи на договорот за осигурување,*** елаборирана е Европската директива на осигурувањето и други директиви и правни извори на ЕУ поврзани со осигурувањето, помеѓу кои Директивата за осигурителна распределба и Директивата Солвентност II. Дополнително, истражено е европското право за компании, вклучувајќи ја Директивата на ЕУ 2017/1132. Исто така, извршена е детална анализа на Европската регулатива за перење пари со фокус на Директивата врзана за Европската регулатива за перење пари 2015/849. Елаборирани се и регулативи за супервизија и осигурување на Европската комисија, помеѓу кои Нацрт-верзијата за регулатива на супервизијата и осигурувањето и Компаративниот извештај за регулативата и супервизијата на осигурувањето во земјите во ОЕЦД. Следно, презентирани се нормативните разлики во регулирањето на осигурувањето и реосигурувањето.

Во ***четвртата глава*** со наслов: ***Релевантни меѓународни тела чии активности се поврзани со осигурувањето и реосигурувањето,*** истражени се активностите на АИДА (Association Internationale de Droit des Assurances – AIDA), непрофитно меѓународно здружение кое е формирано со цел промовирање, соработка и

развој, на меѓународно ниво, на знаењата и регулацијата на осигурувањето и други сродни теми. Потоа, анализирани се активностите на АРИАС (AIDA Reinsurance and Insurance Arbitration Society), која е арбитражно општество за реосигурување и осигурување на АИДА. Следи елаборацијата на ЕИОПА – Европски орган за осигурување и професионални пензии (European Insurance and Occupational Pensions Authority), со посебен фокус кон главните цели и активности на овој орган. Исто така, во структурата на оваа глава анализирани се и регионални тела како ЦИЛА – Иберо-латиноамерикански комитет на АИДА (Chartered Institute of Loss Adjusters - CILA) и како АЦОЛДЕСЕ – Колумбиско здружение за осигурително право. Следно, анализирана е соработката на Република Северна Македонија со домашни и меѓународни институции, со фокус на Агенцијата за супервизија на осигурувањето и нејзината активност и работа во рамки на Меѓународната асоцијација на осигурителни супервизори (International Association of Insurance Supervisors - IAIS), а сè со цел стекнување поголеми знаења за одржување на стабилноста на осигурителниот сектор во Република Северна Македонија.

Во ***петтата глава*** со наслов: ***Уредување на осигурувањето и реосигурувањето во домашните извори на правото,*** истражен е системот на осигурување во правото на Република Северна Македонија, како процес на долгогодишно еволуирање и регулирање на осигурувањето како посебна трговска дејност и договорот за осигурување како инструмент за негова практична реализација. Наведени се податоци на осигурителни друштва кои ја вршат својата дејност во државата и се заклучува дека осигурителниот пазар станува сè поконкурентен и дека се нудат сè поквалитетни осигурителни услуги, секако, оставајќи простор за негов понатамошен и „подлабок“ развој. Дополнително, објаснето е дека во Република Северна Македонија нема активни реосигурителни друштва, што значи дека во нашата држава домашните друштва не нудат реосигурителни услуги. Следно, истражени се осигурувањето и реосигурувањето како дејности според Законот за супервизија на осигурувањето, со осврт на условите за регистрирање на осигурително друштво, потребен капитал и слично. Исто така, анализиран е и договорот за осигурување како посебен трговски договор уреден во Законот за облигациони односи и делумно во Законот за супервизија на осигурувањето.

Во ***шестата глава*** со наслов: ***Споредбеноправно уредување на осигурувањето и реосигурувањето по поединечни земји,*** истражени се сите правни извори за осигурувањето и реосигурувањето во САД и во ЕУ (со осврт кон Велика Британија, Германија и Хрватска). Исто така, истражени се правните извори во Кина, а како земја од регионот е селектирана Србија. Сите земји се анализирани со осврт на правните извори, но и со статистички податоци, со што се добива детален увид во трендовите на осигурување и реосигурување по региони и по земји и, исто така, се добива увид за тоа кои се глобалните лидери на пазарот за осигурување и реосигурување.

Во ***седмата глава*** со наслов: ***Осигурување во поморскиот транспорт,*** најпрво се прави анализа на транспортот воопшто, како проблематика која е важен дел од глобалната слика за функционирање на економскиот, социјалниот, индустрискиот, финансискиот и општествениот развој на земјите. Наведени се примарните и секундарните поделби на транспортот, како и поделбите на осигурувањето во транспортот. Даден е статистички осврт кон глобалните движења на сите видови транспорт, посебно задржувајќи се на трендовите во поморскиот транспорт. Објаснети се средствата на поморскиот транспорт, основните начела и развојот на современите транспортни системи во поморскиот транспорт. Извршена е анализа на договорите и другите важни документи во осигурувањето во поморскиот транспорт, како што се: осигурителните полиси, листите на покритија, потврдите, сертификатите и прашалниците. Дополнително, елаборирани се меѓународните трговски термини за управување со ризици и трошоци во поморскиот транспорт, Incoterms, како и правното

уредување на поморскиот транспорт по земји, вклучувајќи ги големите осигурувачи регистрирани во Велика Британија и во САД. Следно, елаборирани се главните осигурени ризици во поморскиот транспорт, покриените евентуални штети, но и силните страни и гаранциите на осигурувањето во поморскиот транспорт.

Осмата глава со наслов: ***Реосигурување во поморскиот транспорт*** го презентира реосигурувањето како еден од битните предуслови за стабилно и долгорочно осигурување, кое се овозможува преку преземање на дел од ризиците на осигурителните друштва и нивна поддршка при давањето на осигурителните услуги на осигурениците. Во однос на основната функција, реосигурувањето влијае на начин што им овозможува на превозниците да ги оптимизираат финансиските резултати преку намалување на нестабилноста, користејќи притоа флексибилни, конкурентни и одржливи реосигурителни услуги усогласени со старо-новите потреби на пазарите низ светот. Истражени се примарните и секундарните функции на поморското транспортно реосигурување, како и главните начела на реосигурувањето во поморскиот транспорт (начелото на максимално добра волја, начелото на обесштетување и начелото на истоветна судбина). Следно, презентирани се принципите на реосигурување во поморскиот транспорт. Во продолжение, детално се објаснети документите кои се потребни за реосигурување во поморскиот транспорт, со посебен акцент на: слипот, потврдата за покритие, сертификатот за реосигурување и бордерото. Исто така, направена е и детална анализа на ризиците во реосигурувањето во поморскиот транспорт, статистички поткрепено со податоци за најризичните пристаништа на глобално ниво. На крајот, елаборирано е влијанието на реосигурувањето врз економскиот раст на секоја национална економија или регион.

Во ***деветтата глава*** со наслов: ***Улогата на осигурувањето во поморскиот транспорт на Република Северна Македонија и односот кон соседните земји*** се објаснува дека државата има потреба од поморски транспорт со цел снабдување на потребната стока, но нашата држава е една од четириесет и четирите земји во светот кои немаат излез на море. Се објаснува дека излезот на море и пристапот кон поморска трговија отсекогаш се сметал за одлика на моќните држави и токму затоа, земјите кои немаат излез на море често имаат тешкотии суштински да ја развијат својата трговија. Во оваа глава се објаснети мерките што се преземени со цел да им се помогне на овие држави. Една од главните мерки на кои е даден посебен осврт е дозволата за користење на пристаништата на соседните земји (Солун, Драч, Варна). Анализирани се клучните документи, како што е Конвенцијата на ООН за право на морето (United Nations Convention the Law of the Sea), каде што правно се уредуваат суштински прашања за земји кои немаат излез на море, билатералните договори на Република Северна Македонија и Законот за внатрешна пловидба.

Во ***десеттата глава*** со наслов: ***Случаи од судската пракса,*** даден е осврт на случаите кога доаѓа до судир на интересите на осигурувачите и осигурениците во услови кога има настаната штета за која двете страни не можат да постигнат согласност како да ја надоместат. Се објаснува дека и покрај тоа што осигурувањето и реосигурувањето гарантираат покритија од разни ризици, во пракса некогаш исходот е поинаков. Тоа е објаснето преку анализа на случајот со бродската компанија „Ханџин” (Hanjin). Потоа, елаборирани се неколку судски пресуди од американската судска пракса, поврзани со предмети за (ре)осигурување во поморскиот транспорт.

Во ***заклучокот,*** кандидатката сублимирано ги презентира своите општи и посебни согледувања до кои дошла при истражувањето на предметот на докторската дисертација, а кои произлегуваат од секоја претходно елаборирана глава. Заклучните согледувања и препораките за развој се базираат на длабока теоретска и емпириска анализа. Истакнато е значењето на осигурувањето и реосигурувањето како дејности на

меѓународно и на национално ниво, а особено на осигурувањето и реосигурувањето на стоки во поморскиот транспорт и нивното значење како за меѓународната, така и за домашната економија. Кандидатката ја утврдува правната содржина на поимите и институтите релевантни од аспект на предметот на истражувањето. На крајот од докторската дисертација се дава одговор и на поставената хипотеза дека постојано треба да се евалуира, да се ревидира и да се подобрува националната правна рамка во делот на осигурувањето и реосигурувањето, а со цел да се понудат решенија за поправичен надомест на штета во случај на пропаѓање на осигурените стоки во транспорт како, на пример, при катастрофа во поморскиот транспорт, па дури и во ситуации кога државите немаат излез на море. За ваквото усогласување на националното право на осигурување неопходно е постојано следење, но и активно учество во работата на релевантните меѓународни, европски и регионални тела, преку што за македонската Агенција за супервизија на осигурувањето, но и за домашните осигурителни друштва ќе се отворат нови перцепции и визии за зголемување на лепезата на осигурителни услуги, вклучително и на зголемување на нивниот квалитет, што, секако, ќе има позитивен придонес во развојот на македонската економија.

2. Оценка на докторската дисертација

Врз основа на читањето и на оценката на текстот на докторската дисертација, под наслов: *Системот на осигурување и реосигурување во регулативата на Европската Унија и во системот на Република Македонија, со посебен осврт на осигурувањето и реосигурувањето на стоки во поморскиот транспорт,* изработена од кандидатката м-р м-р Елена Костовска-Василевска, Комисијата го констатира следново:

- докторската дисертација демонстрира висок степен научна релевантност и по подолго време во Република Северна Македонија се појавува труд кој „длабински“ ја анализира проблематиката на осигурување и реосигурување во регулативата на Европската Унија и во системот на Република Македонија, со посебен осврт на осигурувањето и реосигурувањето на стоки во поморскиот транспорт;
- преку спроведените анализи и елаборации во докторската дисертација, кандидатката успеала сеопфатно да ги обработи сите важни прашања поврзани со правниот статус на субјектите активни во областа на осигурувањето и реосигурувањето, како и односите кои се јавуваат помеѓу нив при вршењето на дејноста на осигурување и реосигурување;
- кандидатката зазема сопствени ставови во поглед на некои отворени прашања, но, што е поважно, своите ставови ги поткрепува со релевантна емпирија;
- темата е обработена на концизен начин. Презентираната структура на докторската дисертација целосно ги покрива предметот и поставените цели на истражувањето;
- при изработката на докторската дисертација, кандидатката се користела со обемна и релевантна научна и стручна, претежно странска литература;
- од методолошки аспект, кандидатката користела релевантни методи погодни за научно истражување во општествените науки;
- посебна вредност на трудот му дава деталната анализа на меѓународните правни извори кои се занимаваат со одредени прашања поврзани со осигурувањето и реосигурувањето, а посебно на осигурувањето и реосигурувањето на стоки во поморскиот транспорт како особено битни за земји кои немаат излез на море. Тука, првенствено мислиме на правните документи донесени под покровителство

на релевантни меѓународни тела, како и конвенциите и билатерални спогодби на кои Република Северна Македонија е потписничка;

- јазикот на кој пишува кандидатката е стручен, истовремено лесно читлив и разбирлив;
- начинот на цитирање на правните извори, на судската практика и на користената литература ги задоволува современите стандарди на академското пишување;
- конечно, докторската дисертација, под наслов: *Системот на осигурување и реосигурување во регулативата на Европската Унија и во системот на Република Македонија, со посебен осврт на осигурувањето и реосигурувањето на стоки во поморскиот транспорт*, ги содржи сите карактеристики на самостоен научен труд.

3. Заклучок и предлог

Врз основа на изложениот приказ и оцена, Комисијата констатира дека се работи за одлично изработена и особено квалитетна докторска дисертација што ги задоволува сите критериуми за подготвување на самостојни научни трудови од ваков вид, предвидени со соодветната законска регулатива и со актите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Од овие причини, Комисијата со особено задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје да го усвои овој извештај, со цел да се создадат услови за јавна одбрана на докторската дисертација од кандидатката м-р Елена Костовска-Василевска, под наслов: „Системот на осигурување и реосигурување во регулативата на Европската Унија и во системот на Република Македонија, со посебен осврт на осигурувањето и реосигурувањето на стоки во поморскиот транспорт“.

Скопје, 21 септември 2020 година

Комисија

Проф. д-р Димитар Гелев, с.р.
Проф. д-р Јадранка Дабовиќ Анастасовска, с.р.
Проф. д-р Горан Коевски, с.р.
Проф. д-р Ванчо Узунов, с.р.
Проф. д-р Дарко Спасевски, с.р.

П Р Е Г Л Е Д

на прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Правниот факултет „Јустинијан Први„ во Скопје Н.Н.С од
31-08-2020

Кандидат	Тема	Ментор	Датум	Одлука број
Стојан Ристов	Електронско банкарство – поим и регулација (Electronic Banking – Notion and Regulation)	проф.д-р Биљана Петревска	31.08.2020	02-828 /
Мирјана Јовчевска	Commencement and Legal Consequences of Insolvency Proceeding in accordance with Macedonian Law)	проф.д-р Дарко Спасевски	31.08.2020	02-828 /
Катерина Јовановска	Последици од задоцнето плаќање рата за кредит (Consequences of Debt Default in Banking)	проф.д-р Биљана Петревска	31.08.2020	02-828 /
Ивана Спасиќ	Органи на стечајната постапка (Organs of Insolvency Proceeding)	проф.д-р Дарко Спасевски	31.08.2020	02-828 /
Емил Крстановски	Систем за надзор на примената на меѓународните стандарди на трудот и неговото влијание на националното законодавство (International Labour Standards Supervisory System and its Influence on the National Legislation)	проф.д-р Александар Ристовски	31.08.2020	02-828 /
Ивана Тошевска	Одговорност на администрацијата (Accauntability of the Administration)	проф. д-р Ана Павловска Данева	31.08.2020	02-828 /
Марко Јовановиќ	Органи на управување во јавни служби (Governing Bodies in Public Services)	проф.д-р Борче Давитковски	31.08.2020	02-828 /

Маја Апостоловска	Интестатското наследување во римското право (The Intestate Succession In Roman Law)	проф.д-р Гоце Наумовски	31.08.2020	02-828 /
Елена Крстовска	Правното дејство на укинувачките и поништувачките одлуки на Уставниот суд на Република Северна Македонија (The Legal Effect of the Abolished and Nullified Decisions of the Constitutional Court of the Republic of North Macedonia)	проф. д-р Марика Ристовска	31.08.2020	02-828 /
Наташа Васевска	Граѓанско-судска заштита од дискриминација (Protection against Discrimination in Civil Proceedings)	проф. д-р Татјана Зороска Камиловска	31.08.2020	02-828 /
Ристе Спасовски	Договорна солидарност на должниците во домашното и споредбеното право (Contractual solidarity of debtors in domestic and comparative law)	проф. д-р Јадранка Дабовиќ Анастасовска	31.08.2020	02-828 /
Лејла Тутиќ	Мигранти – казненоправен контекст (Migrants – Criminal Law Context)	доц.д-р Никола Тупанчески	31.08.2020	02-828 /
Бојан Балабан	Облиците на корупција во Република Северна Македонија (Types of Corruption in Republic of North Macedonia)	проф.д-р Никола Тупанчески	31.08.2020	02-828 /
Александар Вујиќ	Перењето пари и други приноси од казниво дело во ерата на современите дигитални општества и виртуелните средства со вредност (Money Laundering in the Era of Contemporary Digital Society and Virtual Financial Instruments)	проф.д-р Гордана Лажетиќ	31.08.2020	02-828 /

Павлина Павлоска	Односот на Јавниот обвинител и жртвата во кривичната постапка (The Relations between the Public Prosecutor and the Victims in the Criminal Procedure)	проф.д- Гордан Калајџиев	31.08.2020	02-828 /
Бојан Велковски	Полициските овластувања за време на пандемија (Police Authority on the time of Pandemics)	проф.д-р Гордан Калајџиев	31.08.2020	02-828 /
Емилија Јанкулова	Казненоправниот одговор на нелегалната трговија со наркотични дроги во САД и ЕУ (Criminal Law Answer to Illegal Trade of Narcotics in the USA and in the EU)	доц.д-р Александра Деаноска Трендафилова.	31.08.2020	02-828 /
Сања Димитриеска	Југоисточна Европа: од балканизација до европеизација (Southeast Europe: from Balkanization to Europeanization	доц.д-р. Иванка Василевска	31.08.2020	02-828 /

Д Е К А Н,

Проф.д-р Горан Коевски

_____

Изработил : Хамди Весели

Советник за студентски прашање

П Р Е Г Л Е Д

на прифатени теми за изработка на докторски дисертации на
Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје
Наставно-научен совет – 31.08.2020

Кандидат	Тема на македонски јазик	Тема на англиски јазик	Комисија	Датум	Одлука број
м-р Валдета Касапи	Употребата на јазикот во телевизиите во Република Северна Македонија – во контекст на демократските процеси на македонското општество (компаративна анализа на телевизиите на македонски и албански јазик од 2006 до 2018 година)“	The use of language in the televisions of the Republic of North Macedonia – in the context of the democratic processes of the Macedonian society (Comparative analysis of televisions in Macedonian and Albanian language from 2007 to 2008)	1. проф. д-р Владо Поповски (ментор) 2. проф. д-р Дона Колар Панов 3. проф. д-р Ирена Рајчиновска-Пандева	1.09.2020	02-828/39

Р Е Ф Е Р А Т

ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ СЕИЗМОЛОГИЈА И ФИЗИКА НА ЗЕМЈИНАТА ВНАТРЕШНОСТ НА ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Природно-математички факултет, Институт за физика, објавен во весниците „Коха“ и „Слободен печат“ од 6.5.2020 година за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања по група предмети од наставно-научните области: сеизмологија и физика на Земјината внатрешност, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02676/3 од 16.6.2020, одржан со средства за електронска комуникација на 28.5.2020, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Олга Галбова, редовен професор на ПМФ – Скопје, д-р Лазо Пекевски, научен советник на ПМФ – Скопје (во пензија) и д-р Драги Дојчиновски, редовен професор при ИЗИИС – Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по деталното разгледување на доставената документација го поднесуваме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

На наведениот конкурс за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања по група предмети од наставно-научните области: сеизмологија и физика на Земјината внатрешност, во предвидениот рок се пријави само д-р Драгана Черних-Анастасовска, виш научен соработник во Сеизмолошката опсерваторија при Природно-математичкиот факултет во Скопје.

8. Биографски податоци и образование

Кандидатката Драгана Черних-Анастасовска, доктор на физички науки, е родена на 6.2.1961 г., во Скопје. Средно образование (гимназија) завршила во Скопје во 1979 година. Со високо образование се стекнала на Природно-математичкиот факултет (ПМФ) во Скопје, група: физика, применета насока. Дипломирала на 26.6.1985 г., со просечен успех 9,00.

Кандидатката активно се служи со англискиот јазик.

Во учебната 1985/1986 година се запишала на втор циклус (магистерски) студии по геофизика – насока: физика на внатрешноста на Земјата, на Геофизичкиот завод „Андрија Мохоровичиќ“ на Природословно-математичкиот факултет во Загреб. Студиите ги завршила во 1987 година, со просечен успех 5,00. На 29.3.1995 г. го одбранила магистерскиот труд на наслов: *Određivanje magnitude potresa na osnovi registracija mreže seizmoloških postaja Republike Makedonije*.

Докторска дисертација пријавила на 31.10.2002 г. на Институтот за физика, ПМФ во Скопје. Дисертацијата со наслов: *Карактеристики на кода бранови на земјотресите на територијата на Република Македонија*, ја одбранила на 6.7.2009 г., пред Комисија во состав: д-р Лазо Пекевски, научен советник на ПМФ во Скопје, д-р Љупчо Јордановски, научен советник на ПМФ во Скопје, д-р Вера Чејковска, насловен доцент на ПМФ во Скопје, д-р Станоја Стоименов, редовен професор на ПМФ во Скопје и д-р Олга Галбова, редовен професор на ПМФ во Скопје. Со тоа се стекнала со научниот степен доктор на физички науки.

Од 1.9.1996 г. е вработена на Институтот за физика при ПМФ во Скопје, како приправник. На истиот Институт, на 12.2.1988 г., е избрана во звањето помлад асистент. Од 1.2.1989 г. преминала на работа во Сеизмолошката опсерваторија при ПМФ во Скопје. На 8.11.1995 г. е избрана во звањето асистент по сеизмологија, а на 1.1.2008 г. за виш стручен соработник во Сеизмолошката опсерваторија. На 24.6.2010 г., кандидатката е избрана за научен соработник од областа на сеизмологијата во Сеизмолошката

опсерваторија, согласно со рефератот за избор објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Климент и Методиј“ во Скопје, број 985 од 30.4.2010 г. На 5.11.2015 година е избрана во звањето виш научен соработник од областа на сеизмологијата на Сеизмолошката опсерваторија при ПМФ – Скопје.

Работните задачи соодветни на ова звање ги врши до денес. Од септември 2016 година, д-р Драгана Черних-Анастасовска е раководител на Сеизмолошката опсерваторија при ПМФ – Скопје.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, објавени во Билтенот број 985 од 30.4.2010 г. и број 1109 од 15.10.2015 г. на Универзитетот „Св. Климент и Методиј“ во Скопје, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од изборот во виш научен соработник до денот на пријавата на горенаведениот конкурс, а врз основа на сета документација доставена од кандидатката.

9. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

Наставно-образовна дејност

Кандидатката д-р Драгана Черних-Анастасовска во извештајниот период била вклучена во наставата на меѓународните студии од втор циклус по земјотресно инженерство на Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија во Скопје при УКИМ, во рамките на предметот Инженерска сеизмологија. Исто така, д-р Драгана Черних учествувала во изведувањето на наставата на предметот Оцена на сеизмички ризик од Универзитетската листа на изборни предмети на Градежнит факултет. Во извештајниот период, кандидатката има одржано голем број предавања од областа сеизмологија и учествувала на 18 национални работилници (Анекс 2).

Д-р Драгана Черних-Анастасовска има објавено 16 научно-популарни статии во стручно-методски списанија и има подготвено две упатства: Упатство за анализа на земјотреси за сеизмолошкиот софтвер Seismic Handler и упатство за инсталирање и пуштање во работа на сеизмолошка станица - Сетирање на софтверот Seiscomp 2.1 за аквизиција/снимање на сеизмичките бранови. Кандидатката била член на комисија за оцена и одбрана на две докторски дисертации од областа на сеизмологијата на ПМФ во Скопје.

Во периодот што следува, Драгана Черних-Анастасовска ќе изведува настава по неколку предмети на I циклус студии по метеорологија и геофизика, на Институтот за физика при ПМФ во Скопје.

Конкретните активности се наведени во табелата во Анекс 2 (член 2) од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.

Научноистражувачка дејност

Главниот научен интерес на кандидатката е истражувањето на параметрите на локалната и регионална сеизмичност, теоријата на ширење на сеизмичките бранови (со особен интерес за конкретните геофизички параметри на Земјината кора на територијата на Република Македонија), прогнозата на земјотреси, инструменталната сеизмологија и други подобласти од сеизмологијата.

Во извештајниот период, д-р Драгана Черних-Анастасовска има објавено вкупно петнаесет научни трудови од областа сеизмологија, од кои еден труд во научно списание со импакт-фактор, пет труда во референтни научни списанија со меѓународен уредувачки одбор, седум труда во зборници на трудови од научни собири со меѓународен уредувачки одбор и два труда во зборници на рецензирани научни трудови презентирани на меѓународни академски собири.

Кандидатката учествивала на девет научни/стручни собири со усни презентации и на седум научни/стручни собири со постерски презентации. Во изборниот период, д-р Драгана Черних-Анастасовска учествувала во два национални научни проекта: Распределба на сеизмичката енергија при интеракција објект-темел-почва, УГД, 23.1.2015 – 23.1.2018 г.; Сеизмичка повредливост на постоечки зидни конструкции“, Катедра за теорија на конструкции на Градежен факултет, Скопје бр.02-2/136-170, 1.1.2017–31.12.2019 г.

Називите на трудовите, проектите и сл. се наведуваат во табелата во Анекс 2 (член 3) од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.

Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес

Д-р Драгана Черних-Анастасовска е активно вклучена во стручно-апликативната работа на Сеизмолошката опсерваторија при ПМФ во Скопје, како и во дејностите на оваа институција од поширок интерес.

Во извештајниот период, таа остварила обемна стручно-апликативна дејност врзана со секојдневните стручни работни обврски, апликативните проекти и промоцијата на Сеизмолошката опсерваторија при ПМФ во Скопје, но и во популаризирањето на самата сеизмологија како наука и струка и др.

Како коавтор, кандидатката учествувала во изработката на девет студии за сеизмичките активности на браните во нашата држава и учествувала во отворање на четири нови сеизмолошки станици. Во извештајниот период, од 2015 до 2019 година, учествувала во изработката на годишните микросеизмички каталози на земјотресите на територијата на Република Северна Македонија, како и во изработката на сеизмолошките билтени. Кандидатката е вклучена во анализата на сеизмограмите, во размената на сеизмолошките податоци со институции од странство, во анкетното и теренско собирање на макросеизмички податоци, како и во прелиминарната анализа на овие податоци, во работилниците и симулациските вежби врзани за земјотреси, а организирани од Центарот за управување со кризи на Република Македонија.

Д-р Драгана Черних-Анастасовска е активно вклучена во одржувањето и унапредувањето на сеизмолошките станици инсталирани на територијата на Република Северна Македонија, во развивањето на системот за автоматска и мануелна обработка на сеизмолошките податоци, што го вклучува и инсталирањето и развивањето на специјализирани софтвери.

Што се однесува до дејностите од поширок интерес, кандидатката активно е вклучена во работата на стручни комисии и работни групи, и тоа:

- комисии при ПМФ во Скопје за набавка на сеизмолошка и компјутерска опрема;
- технички комитет ТК40 при Институтот за стандардизација на Република Македонија за изработка на национални анекси за EUROCODE 8.
- раководител на Сеизмолошката опсерваторија при ПМФ – Скопје.

Конкретните активности се наведуваат во табелата во Анекс 2 (член 5) од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.

Оценка од самоевалуација

Во извештајниот период, кандидатката д-р Драгана Черних-Анастасовска нема оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на Природно-математичкиот факултет во Скопје, бидејќи на студиската програма Применета физика – геофизика, I и II циклус, на Институтот за физика при Факултетот, каде што кандидатката е предвидена да изведува настава, немало пријавено студенти.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Драгана Черних-Анастасовска.

Согласно со изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката од изборот за виш научен соработник до денес, Комисијата заклучи дека д-р Драгана Черних-Анастасовска поседува научни и стручни квалитети и ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето наставник по група предмети од наставно-научните области: сеизмологија и физика на Земјината внатрешност според Законот за високото образование, Закон за научноистражувачка дејност и *Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“* во Скопје.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје, д-р Драгана Черних-Анастасовска да биде избрана во звањето редовен професор по група предмети од наставно-научните области: сеизмологија и физика на Земјината внатрешност.

Скопје, 10.9.2020 г.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Д-р Олга Галбова, редовен професор на ПМФ – Скопје, с.р.
Д-р Лазо Пекевски, научен советник на ПМФ – Скопје (во пензија), с.р.
Д-р Драги Дојчиновски, редовен професор при ИЗИИС – Скопје, с.р.

ОБРАЗЕЦ 1

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: Драгана Иван Черних-Анастасовска

(име, татково име и презиме)

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебник по наведените предмети, примарно наменет за студентите на Институтот за биологија при Природно-математичкиот факултет.

12 август, 2020 година

РЕЦЕНЗЕНТ
Проф. д-р Владо Матевски, с.р.

II. Посебен дел од рецензентот: Проф. д-р Зорица Свирчев

Краток опис на содржината:	Книгата „Вовед во фикологија“ од авторот проф. д-р Светислав Крстиќ претставува сеопфатен приказ на систематиката на една група нижи растенија кои, и покрај големото разнообразие, ги нарекуваме со заедничко име алги. Сеопфатноста се однесува на презентацијата на разделите (типови во книгата) од прокариотските микроорганизми, кои често се поместени во групата на бактерии (Cyanobacteria), преку микроалгите од едноклеточните до колонијалните форми, па сè до макрофитската организација на талусот. Класификацијата е претставена во рамките на 12 раздели (типови), што е еден од најсовремените прикази на систематиката на алгите. Книгата претставува оригинално дело, кое на систематски и темелен начин ги наведува и ги резимира современите сознанија за класификацијата на алгите и микроалгите во 12 типови, вклучувајќи поттипови, класи, редови, фамилии, родови и видови, со сите аспекти на нивните општи карактеристики – градба на клетките и морфологија на талусот; раст и метаболитички активности; размножување и циклуси на развој; екологија и значење во екосистемите; филогенија и еволуција; класификација. Поглавјата се добро осмислени и организирани бидејќи ги покриваат сите аспекти на оваа проблематика. Наведената содржина на книгата укажува на исклучителната компетентност на авторот, кој е воден од извонредната информираност во областа, научната доследност, но и од сопствените искуства, што посебно се препознава во делот на силикатните и сино-зелените алги за кои авторот има и автоцитати во учебникот. Во научно-стручен поглед, оваа книга ги исполнува сите стандарди и високи критериуми за едно научно дело. Книгата е напишана со научно и стручно прецизна терминологија и во стил лесен за разбирање.
Оцена за усогласеноста со предметната програма:	Покрај основната идеја и намена на книгата да се претстави систематиката на сите алгални групи, таа може да биде искористена и како учебник за предметот *Општа алгологија,* имајќи предвид дека општите карактеристики на алгите (исхрана, градба, морфолошка организација на талусот, размножување и циклус на развиток, екологија, потекло, еволуција и филогенија на алгите, основни систематски и таксономски категории, улога на алгите во биосферата, посебно во водните екосистеми, основи на процесот на еутрофизацијата и штетни алги) се изложени на 68

	страници кондензиран текст. Во таа смисла, книгата може да се препорача, покрај основната намена за студентите кои ја изучуваат систематиката на алгите, како дополнителен учебник за студентите на сродните предмети (Алгологија, Применета алгологија, Токсични, инфективни и инвазивни алги, Екологија на алгите, Биологија на алги и габи и други).
Предлози за потребни корекции:	-
Оцена на ракописот:	Оваа научна монографија претставува вреден литературен прилог не само за студентите по биологија и другите природни науки, туку и за целата научна јавност. Земајќи ја предвид содржината на книгата, начинот на кој е претставена оваа сложена проблематика, исцрпноста на литературата и голем број на корисни прилози (цртежи, шеми и фотографии), заклучувам дека книгата претставува значаен придонес за оваа научна дисциплина не само на територијата на Северна Македонија, туку и пошироко. Со големо задоволство можам да предложам книгата да биде прифатена за печат.
Категоризација:	**учебник**
Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:	Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 443 страници (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот 12. Текстот е поделен во 15 поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи 374 слики и 11 табели.

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебник по наведените предмети, примарно наменет за студентите на Институтот за биологија при Природно-математичкиот факултет.

Во август, 2020 година

Рецензент
Проф. д-р Зорица Свирчев, с.р.

Р Е Ц Е Н З И Ј А

ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ИНТЕГРАТИВНАТА ФУНКЦИЈА НА ГЕОГРАФСКИТЕ УСЛОВИ ПРИ ФОРМИРАЊЕТО НА СОЦИЈАЛНИОТ, ЕКОНОМСКИОТ, КУЛТУРНИОТ И ПОЛИТИЧКИОТ ИДЕНТИТЕТ НА БАЛКАНСКИОТ ПОЛУОСТРОВ“ ОД М-Р ГОРАН КИТЕВСКИ, ПРИЈАВЕНА НА ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 25.6.2020 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатот м-р Горан Китевски со наслов: ИНТЕГРАТИВНАТА ФУНКЦИЈА НА ГЕОГРАФСКИТЕ УСЛОВИ ПРИ ФОРМИРАЊЕТО НА СОЦИЈАЛНИОТ, ЕКОНОМСКИОТ, КУЛТУРНИОТ И ПОЛИТИЧКИОТ ИДЕНТИТЕТ НА БАЛКАНСКИОТ ПОЛУОСТРОВ, во состав:

1. проф. д-р Никола Панов (претседател),
2. проф. д-р Ристо Мијалов (ментор),
3. проф. д-р Благоја Маркоски (член),
4. проф. д-р Даворин Трпески (член) и
5. проф. д-р Дејан С. Милетиќ (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет му го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

АНАЛИЗА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатот м-р Горан Китевски, со наслов: ИНТЕГРАТИВНАТА ФУНКЦИЈА НА ГЕОГРАФСКИТЕ УСЛОВИ ПРИ ФОРМИРАЊЕТО НА СОЦИЈАЛНИОТ, КУЛТУРНИОТ, ЕКОНОМСКИОТ И ПОЛИТИЧКИОТ ИДЕНТИТЕТ НА БАЛКАНСКИОТ ПОЛУОСТРОВ, содржи 630 страници компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman (кирилско писмо), со 1,5 проред и големина на букви 12, со вкупно 433 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги, национални прописи, меѓународни акти и интернет-ресурси.

Трудот е структуриран во 10 глави, вовед, заклучни согледувања и библиографија. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Во **воведот** на трудот, изложени се предметот и целите на истражувањето, хипотезата, истражувачките прашања, теоретската рамка и методите на истражувањето. Кандидатот укажува дека поради комплексноста на тематиката, неопходно е користење на мноштво методи и истражување надвор од дометот на географијата, преку користење на резултати од други дисциплини и помошни географски науки. Се користат следниве методи: дескриптивен метод, метод на анализа, синтеза, метод на опсервација, статистички, картографски метод, метод на дедукција и други методи.

Првата глава од докторската дисертација е насловена „Основни географски карактеристики на Балканскиот Полуостров“. Ова поглавје ги третира основните физичко-географски, социо-географски и економско-географски карактеристики на Балканскиот Полуостров, на кои се потпира понатамошната динамика во истражувањето. Во ова поглавје се поставуваат и основите при концептот на дефинирање на самиот Балкански Полуостров, кој како географска целина отстапува од основните критериуми за дефинирање на полуостров, но од историографски, културен и геополитички аспект, Балканот се реферира како полуостров и во географска смисла на зборот. Поради неопходноста за дефинирање на неговите административно-територијални граници, кандидатот го темели истражувањето во рамките на политичко-географските граници на 10-те држави (Словенија, Хрватска, Босна и Херцеговина, Србија, Црна Гора, Косово, РС Македонија, Албанија, Бугарија и Грција), додека европскиот дел на Турција се вклучува кога истражувањето го опфаќа Балканот како физичко-географска целина.

Второто поглавје претставува анализа на процесот на формирање на народите на Балканскиот Полуостров. Посебен акцент е ставен на процесот на индоевропеизацијата на Балканот, кој е претставен во неколку етепи на миграции кон Балканскиот Полуостров, кои ефектно ја замениле автохтоната, палеобалканска популација. Во куси црти, преку користење на

повеќе научни трудови од областа на археологијата и антропологијата, се опишуваат основните карактеристики на прединдоевропската фаза на Балканот, со цел да се направи видлива дистинкција меѓу двете фази. Во поглавјето, од географски аспекти се дискутира и се аргументира процесот на словенизација на Балканот, како еден вид континуитет на процесите на индоевропеизација, но и како клучен фактор во формацијата на современиот социјален и културен идентитет на дел од балканските општества. Во поткрепа на аргументацијата за историската генеза на формацијата на народите, во поглавјето се дискутира за социјалните и културните разлики меѓу народите на Балканот, но и за генетско-биолошките карактеристики како аргумент за разликите во самата генеза. Преку користење на широк дијапазон на литература од областа на генетиката, кандидатот м-р Китевски ги објаснува сличностите и разликите меѓу народите на Балканот по критериум на хаплогрупи, како еден начин за директно покажување на потеклото на народите.

Предмет на анализа и дискусија во **третото поглавје** е поимот нација, кој во докторската дисертација се поставува како теориска основа за понатамошна аргументација на националниот концепт како носител на социјалниот, економскиот, културниот и политичкиот идентитет на секоја држава на Балканот поединечно. Во поглавјето се тргнува од претпоставката дека во широка смисла, концептот нација е недоволно добро апсолвиран, па затоа кандидатот м-р Китевски се одлучил за пошироко опфаќање при дефинирањето и конципирањето на поимот и природата на националната идеја. Се елаборираат историските аспекти, елементите на нацијата, разликите во националниот концепт (граѓанска и етничка нација), а на крајот на поглавјето е поместен и кус осврт на национална генеза на некои карактеристични примери на национални формации (Италија, Швајцарија и други).

Четвртото поглавје е насловено „Географски аспекти на националната идеја на Балканот“, каде што поединечно, за секоја држава се анализира историографскиот пат на формирањето на нацијата како современ политички концепт. Како основа на поглавјето, се аргументира и се заклучува дека националната идеја на Балканот доаѓа од надвор, односно од Западна Европа, како последица на крупните општествено-политички промени во западноевропските општества, но и како еден вид резултат на слабеењето на главниот геополитички фактор на Балканот во време на влезот на националната идеја, Отоманската Империја. Кај секоја изградена нација на Балканот се забележуваат различни појдовни точки на национална формација, различна динамика на национален развој и различен критериум кон поимањето на националната идеја, а како обединувачки елемент на националните структури на Балканот е етничкиот карактер, кој се смета како спротивност на граѓанскиот елемент кој е главно застапен кај западноевропските национални идеи.

Карактеристиките на населбите на Балканскиот Полуостров се предмет на анализа на **петтото поглавје** во докторската дисертација. Се поставува историски преглед на појавата и развојот на населбите на Балканот, со анализа на клучните фактори кои влијаеле на појавата, но и на понатамошниот развој на населбите и нивната диференцијација на населби, посебно по критериумот на населби од градски и селски тип. Во поглавјето, посебно се анализираат двата типа на населби, аргументирајќи за урбан и рурален идентитет на Балканот. Кај руралниот идентитет, се разгледува руралната антропогеографија – факторите за појава и развој на селските населби, со посебен акцент на физичко-географските услови како главен фактор за моделирањето на физиономијата и типот на селските средини. Поконкретно се анализира урбаниот идентитет на Балканот, односно градската населбинска мрежа. Идентично како селските населби, и за градските средини се елаборира за факторите кои влијаеле на нивната генеза. Како еден од главните аргументи во поглавјето, се потенцира дека не постои „балкански град“, туку „град на Балканот“, бидејќи од типолошки аспект, не постои посебна карактеристика и одлика на градовите на Балканот кои би го издвоиле како засебен тип, иако во поглавјето се акцентираат неколку социолошки и културолошки елементи кај населбите на Балканот кои не се строго автентични за полуостровот, но секако се клучна одлука. Како една карактеристика на градовите на Балканот, кандидатот м-р Китевски ја издвојува застапеноста на градот примат, што претставува појава каде што секој главен град е најмалку двојно поголем (по популација) од вториот најголем град во државата. Сите главни градови се издвојуваат како главен претставник на урбаниот идентитет на секоја држава на Балканот, и засебно се опишуваат нивните главни карактеристики, историјат и генеза.

Јазиците, главно нивната улога во нивната фаза на општествена имплементација и улога во социјалниот, културниот и националниот идентитет, се обработуваат во **шестото поглавје** од докторската дисертација. Во теорискиот дел, кандидатот м-р Китевски ја поставува основната етнолингвистичка категоризација на јазиците на Балканскиот Полуостров, заедно со нивната географска разместеност. Во клучниот дел од поглавјето, засебно се анализираат сите јазици кои имаат национална содржина во државите на Балканскиот Полуостров. Целта на поглавјето е испитувањето на влијанието на јазикот врз формирањето на националниот идентитет; и обратно, влијанието на политичката конфигурација на Балканот врз развојните правци на јазиците, посебно кога ќе се воочи ситуацијата на паралела меѓу процесот на „балканизација“, од политичка смисла, кога од една држава се фрагментира во неколку помали држави; и процесот на јазична „балканизација“, каде што од едно јазично јадро, денес на Балканот се изродени повеќе посебни национално втемелени јазици.

Во **седмото поглавје** на докторската дисертација се истражуваат религиите на Балканскиот Полуостров. Со користење на обемен фонд на литература и автори кои ја третираат проблематиката, направен е преглед на етапите на појава и развој на религиските учења на Балканот, со посебен акцент на религиите кои денес ја сочинуваат главната структура на Балканот – христијанството и исламот. Во поглед на појавата и развојот на христијанското учење на Балканскиот Полуостров, во поглавјето се поставува и условите и околностите на предхристијанскиот Балкан, што претставува основа за аргументација за причините и последиците од навлегувањето на христијанската филозофија. Процесот во поглавјето е поделен на два главни дела: христијанизација на Балканот, во рамки од I до IV век, и рехристијанизација на Балканот, од IX до XIV век. Рехристијанизацијата на Балканот е директен општествено-политички потфат кој е паралелен со претходно обработениот дополнителен бран на индоевропеизацијата, односно словенизацијата на Балканскиот Полуостров. Во поглавјето, клучен аспект е даден на појавата и развојот на исламот на балканската почва. Се дискутира и се анализира широко прифатената теорија за насилната исламизација спроведена од главниот генератор на исламот на Балканот, Отоманската Империја, при што се заклучува дека иако постоеле одредени фази на политички спонзорирано ширење на исламот, сепак степенот на активност и ефикасност е далеку помал од општата перцепција за реализација, но и за реално постоењето на интерес за масовна конверзија во ислам од централната власт. Спротивно на тоа, главните фактори за исламизација се наоѓаат во локалните гоеграфски фактори. Клучен показател е случајот на исламизација на Босна, каде што се заклучува дека посебните географски услови и формираниот посебен етнорелигиски идентитет преку формата на Босанска црква во средниот век, биле клучни за брза и активна апликација на исламското учење, наместо концепт за форсирана исламизација. Надвор од Босна, се анализираат и други клучни точки каде што е забележана масовна конверзија (Албанија, делови од Македонија и Бугарија), и се разгледуваат посебните услови кои придонеле до процесот на исламизација.

Во **осмото поглавје** се анализира балканската уметност, но се заклучува дека во суштина, балканската уметност е „уметност на Балканот“. Анализирајќи ја политичката историја на Балканот, се согледува и историјата на уметноста. Освен првата етапа, условно земено како древен период на Балканот, каде што се создава автохтона балканска уметност, на основа на цивилизациската структурираност, во понатамошниот тек на историографскиот развој, на Балканот стигнуваат цивилизациски дострели од надворешни културолошки фактори, со што уметноста на Балканот е еден вид на вернакуларна верзија на надворешните идеи. Во поглед на улогата на уметноста во формирањето на идентитетот на Балканот, се проценува препознатливоста на уметничките резултати од Балканот, од историјата и од современи рамки, во поглед на надворешната идентификација (интернационална и регионална).

Во **деветтото поглавје,** насловено „Економски идентитет на Балканот“, се анализира улогата на економските системи низ историјата на Балканот во формирањето на современиот економски имиџ на балканските општества и економии. Посебно се анализираат трите главни економски сектори на современите економии: земјоделството, индустријата и туризмот. Земјоделството се согледува од историографски аспект, уште од неговата појава и развојот на првите земјоделски гранки, сумирано преку физичко-географските услови како главен фактор за појава и развој на примитивното земјоделство. Општествените фактори во развојот на земјоделството се анализираат преку хронолошката и општествено-политичката категоризација,

каде што земјоделството на Балканот се разгледува во време на древните култури, во време на Византија, отомански период и национален, односно современ период.

Главен акцент во поглавјето е ставен на индустријата и влијанието врз економскиот идентитет, бидејќи токму индустријата се смета како генератор на прогрес и трансформација на современите општества. Главен фактор за слабата и задоцнета индустриска активност на балканските економии е, всушност, отоманската незаинтересираност за индустријализација, наспроти генералното погрешно мислење дека Отоманската Империја задоцнила со приклучокот кон западните индустрии. Спротивно на тоа, Отоманската Империја го имала индустрискиот импулс навремено, но слабеењето на централната власт на сметка на локалните големци кои повеќе биле заинтересирани за брз профит преку извршување на функција на доставувач на суровини за западните пазари, како и низа други дополнителни фактори, придонеле Отоманската Империја да задоцни во индустријализацијата, што директно се одразува на целокупниот индустриски развој на пост-Отоманскиот Балкан. Во поглед на територииите од современ Балкан кои биле под Австро-Унгарска управа, во поглавјето се анализира и се заклучува дека задоцнетата индустријализација се должи на периферијалната улога на балканските провинции. Обид за приклучок кон западните економии доаѓа со социјалистичкиот индустријализациски бран по Втората светска војна. Туризмот се анализира од историски аспекти, уште од самата негова протоформа во древна Грција и Рим, и неговата повторна реализација кон крајот на XIX век, а и засилениот развој по Втората светска војна, главно поради туристичко-географската положба на полуостровот, но и светските туристички трендови.

Детално се опишуваат и се анализираат општествено-економските системи низ историографскиот развој на балканските општества, како што се феудализмот, социјализмот и капитализмот. Посебно социјализмот има главна политчка нијанса, но во докторската дисертација главно се разгледува неговата импликација врз економскиот идентитет. Се анализираат факторите за појава и развој на социјалистичката мисла на Балканот, при што се заклучува дека постојат два клучни фактора: внатрешен фактор, кој се наоѓа во културолошката наклонетост кон социјалистичката филозофија на колективизам и неиндивидуализам; надворешен фактор, кој се наоѓа во географските и културолошките врски со Русија од каде што доаѓаат првите социјалистички импулси. Кандидатот м-р Китевски како изведен заклучок го потенцира и факторот на националната идеја, која е паралелна со социјалистичката, бидејќи работничките права на Балканот биле еднакви на националните (малцинските). Како продолжение на надворешниот фактор се согледува и геополитичкото влијание на Советскиот Сојуз, во чија сфера на интерес се наоѓал поголемиот дел од Балканскиот Полуостров, што во суштина се согледува и со инсталацијата на социјалистичките раководства по Втората светска војна.

Десеттото поглавје е насловено „Политички идентитет на Балканскиот Полуостров“. Во ова поглавје, кандидатот м-р Горан Китевски ги анализира директните врски меѓу географските услови и развојот на политичките системи и политичките ентитети на Балканскиот Полуостров. Балканот, како простор на појава на првата империја во Европа (Македонија), и како простор кој скоро во континуитет низ историјата бил под власт на надворешна монархија, во текот на 20 век комплетно се трансформирал во простор на републиканизам. Со цел да се објасни каузалната поврзаност меѓу внатрешните и надворешните политичко-географски услови кои го формирале моментот на трансформација, во поглавјето се опишуваат и се дискутираат системските концепти како монархизмот и републиканизмот и нивниот удел во развојот на политичкиот идентитет на Балканот. Во поглед на надворешниот геополитички идентитет, се анализираат геополитичките интереси на современите големи сили кон Балканот: анализата се состои во засебните видици на одделни политички субјекти на географските квалитети на Балканскиот Полуостров. Главен акцент на анализата на политичкиот идентитет на Балканскиот Полуостров отпаѓа на анализата на политичката географија на секоја балканска држава посебно, каде што според посебна методологија се разработуваат главните политичко-географски елементи на државите (политичка морфологија, политичко-демографски карактеристики, политичко-економски карактеристики, современа геополитика и слично), при што е создадена проценка за главната геополитичка карактеристика на државите како проблем и процес во политичко-географскиот развој.

Во **заклучните согледувања** се сублимирани изведените заклучоци од секое поглавје посебно, при што се создава еден генерален заклучок за различниот степен на влијанието на географските услови во формирањето на социјалниот, културниот, економскиот и политичкиот идентитет на Балканскиот Полуостров. Заклучните согледувања се структурирани според поглавјата, и резултатите се поставени засебно според транзицијата на дискусијата, а секој понатамошен резултат се надоврзува и дополнително се анализира на претходниот изведен заклучок, за на крај да биде поместен генералниот заклучок од истражувањето.

ОЦЕНА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатот м-р Горан Китевски, со наслов: ИНТЕГРАТИВНАТА ФУНКЦИЈА НА ГЕОГРАФСКИТЕ УСЛОВИ ПРИ ФОРМИРАЊЕТО НА СОЦИЈАЛНИОТ, ЕКОНОМСКИОТ, КУЛТУРНИОТ И ПОЛИТИЧКИОТ ИДЕНТИТЕТ НА БАЛКАНСКИОТ ПОЛУОСТРОВ, претставува современо самостојно истражување во полето на политичката географија. Постигната е дадената цел за обединување на повеќе помошни географски науки при истражувањето и докажувањето на првенствената улога на географските фактори во општествената трансформација на даден простор на истражување. Комплексната тематска содржина, која опфаќа четири засебни географски сфери на истражување и интерес, неминовно бара користење на мноштво различни методи, како квалитативната и квантитативната анализа на појавите и процесите, напоредно со обврзното теориско поставување и објаснување на поимите, процесите и условите. Станува збор за искучително актуелна проблематика, посебно важна во динамиката на политичката географија, каде што современите суштински проблеми и процеси имаат историографска генеза. Балканскиот Полуостров е простор од особен интерес за истражување на домашни и странски истражувачи, што самото по себе му дава на докторскиот труд видик на интерес кај широк круг на истражувачи, во и вонгеографската мисла, но спојувањето на повеќето сфери во функција на истражувањето на идентитетот од политичко-географски аспекти, му нуди на докторскиот труд широка популарна, стручна и научна примена.

Докторската дисертација на кандидатот м-р Горан Китевски, со наслов: ИНТЕГРАТИВНАТА ФУНКЦИЈА НА ГЕОГРАФСКИТЕ УСЛОВИ ПРИ ФОРМИРАЊЕТО НА СОЦИЈАЛНИОТ, ЕКОНОМСКИОТ, КУЛТУРНИОТ И ПОЛИТИЧКИОТ ИДЕНТИТЕТ НА БАЛКАНСКИОТ ПОЛУОСТРОВ, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ

Кандидатот, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавил следниве рецензирани истражувачки трудови поврзани со предметот на истражување во списанија и зборници со меѓународен уредувачки одбор:

1. **Kitevski, G**., Iliev, D. (2019): Vulnerabilities of the small open economies: the case of North Macedonia, International Scientific Symposium, Ohrid, Republic of North Macedonia.
2. Iliev, D., **Kitevski, G**. (2018): The importance of Skopje in the regional integration of South Eastern Europe, 6th REDETE Conference, Banja Luka, Bosnia and Herzegovina.
3. **Kitevski, G**., Mijalova, K. (2018): Problems of the identity, image and the branding of the Republic of Macedonia as a tourist destination, ICONBEST, Skopje, Republic of Macedonia.
4. Mijalov, R., **Kitevski, G**. (2018): Theoretical research on tourism and glocalism: the case of Republic of Macedonia, ICONBEST, Skopje, Republic of Macedonia.
5. **Kitevski, G**., Mijalov, R. (2016): The old geopolitics and the new Silk Road – the case of the Republic of Macedonia, Danube in function of the new Silk Road, International Institute of Politics and Economics, Belgrade, Serbia.
6. **Kitevski, G**., Mijalov, R., Iliev, D. (2016): Geopolitics of the endless transition in the Republic of Macedonia, 5th REDETE Conference on Economic development and entrepreneurship in transition economies, 28-30 October, Belgrade, Serbia.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Рецензентската комисија едногласно заклучува дека докторската дисертација претставува современо, самостојно, оригинално научно дело од полето на политичката географија. Добиените резултати од истражувањето имаат широка примена во полето на политичката географија, но и во поширокиот домен на географијата воопшто, и од особена важност е тоа што кандидатот, преку примена на мноштво методи и приспособена научноистражувачка методологија во политичката географија, успеал да ја постави географијата како основа при истражувањето на социјалниот, културниот, економскиот и политичкиот идентитет на Балканскиот Полуостров како простор на истражување, додека сите други науки се комплементарен дел на географските согледувања при истражувањето. Како главен научен придонес може да се издвои моделот на поставување на истражувањето на идентитетот како поткатегорија на политичкате географија, со можност за издвојување како посебен политичко-географски правец. Тука се наоѓа и можноста за понатамошни истражувања, при што ограничувачките услови при истражувањето треба да се надополнат со понатамошна апликација на знаењата од дисциплини и науки како етнологија, историја, историја на уметност, социологија, генетика и други, кои можат да го зголемат истражувачкиот домен на географијата.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатот м-р Горан Китевски со наслов: ИНТЕГРАТИВНАТА ФУНКЦИЈА НА ГЕОГРАФСКИТЕ УСЛОВИ ПРИ ФОРМИРАЊЕТО НА СОЦИЈАЛНИОТ, ЕКОНОМСКИОТ, КУЛТУРНИОТ И ПОЛИТИЧКИОТ ИДЕНТИТЕТ НА БАЛКАНСКИОТ ПОЛУОСТРОВ.

КОМИСИЈА
Проф. д-р Никола Панов, претседател, с.р.
Проф. д-р Ристо Мијалов, ментор, с.р.
Проф. д-р Благоја Маркоски, член, с.р.
Проф. д-р Даворин Трпески, член, с.р.
Проф. д-р Дејан С. Милетиќ, член, с.р.

Р Е Ф Е Р А Т
ЗА ИЗБОР НА ДВЕ ЛИЦА ВО СИТЕ НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ ДЕТСКА И ПРЕВЕНТИВНА СТОМАТОЛОГИЈА НА СТОМАТОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Стоматолошки факултет - Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија” и „Lajm” од 10.6.2020 и 12.6.2020 година, за избор на две лица во сите научни звања од научната област детска и превентивна стоматологија, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет со бр. 02-2099/1, донесена на 30. редовна седница одржана на 16.7.2020 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Елизабета Ѓоргиевска, редовен професор на Стоматолошкиот факултет во Скопје, д-р Мира Јанкуловска, редовен професор на Стоматолошкиот факултет во Скопје, и д-р Марија Стевановиќ, редовен професор на Стоматолошкиот факултет во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс за избор на две лица во сите научни звања во научната област детска и превентивна стоматологија, во предвидениот рок се пријавија д-р Весна Амбаркова, научен соработник на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј”, Стоматолошки факултет - Скопје, Катедра за детска и превентивна стоматологија, и д-р Ефка Жабокова-Билбилова, научен соработник на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј”, Стоматолошки факултет - Скопје, Катедра за детска и превентивна стоматологија.

Н. сор. д-р Весна Амбаркова

1. Биографски податоци и образование

Кандидатката н. сор. д-р Весна Амбаркова е родена на 25.8.1969 год., во Скопје. Средно образование завршила во МУЦ „Д-р Панче Караѓозов“ на 10.6.1987 год. Со високо образование се стекнала на Стоматолошкиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј” - Скопје, на 30.4.1993 година. Дипломирал на 30.04.1993 година, со просечен успех 9.03.

Кандидатката активно се служи со англискиот јазик.

Во учебната 1993/94 год. се запишала на втор циклус (магистерски) студии на Стоматолошкиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј” - Скопје. Студиите ги завршила на 28.10.2000 година, со просечен успех 9,71. На 10.11.2004 година го одбранила магистерскиот труд на тема: „Процена на ефикасноста од залевањето на фисурите во превенцијата на оклузалниот кариес-инвазивна и неинвазивна метода”.

Докторска дисертација пријавила во ноември 2009 година на Стоматолошкиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј” - Скопје. Дисертацијата на тема: „Компаративна студија помеѓу оралното здравје и природно флуорираните води за пиење во одредени региони на Република Македонија” ја одбранила на 9.6.2015 година, пред Комисија во состав: проф. д-р Марија Стевановиќ (претседател), проф. д-р Мира Јанкуловска (ментор), проф. д-р Домагој Главина (коментор), проф. д-р Ана Сотировска Ивковска (член) и проф. д-р Михаил Кочубовски (член). Со тоа се стекнала со научниот степен доктор на науки од научната област детска и превентивна стоматологија.

Во 2005 година е избрана во звањето помлад асистент на Катедрата за детска и превентивна стоматологија при Стоматолошкиот факултет. Во 2008 година е избрана во звањето асистент на Стоматолошкиот факултет, а реизбрана е во истото звање во 2011 година.

Во 2015 година е избрана во звањето научен соработник. Последниот реферат за избор е објавен во Билтен бр. 1111 од 2015 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, објавени во Билтен бр. 758/2000, 804/2002, 847/2004, 863/2004, 880/2005, 908/2006, 944/2008, 949/2008, 987/2010, 1003/2011, 1011/2011, 1053/2013, 1072/2014, 1104/2015, 1111/2015,1123/2016, 1188/2019, 1141/2017, 1186/2019, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

Научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата

Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Стоматолошки факултет, н. сор. д-р Весна Амбаркова изведува практична настава (настава, вежби, теренска настава итн.) на прв циклус студии на студиската програма Доктори по стоматологија и студиската програма Доктори по дентална медицина на Стоматолошкиот факултет. Исто така е вклучена и во изведувањето теоретска настава на прв циклус студии на студиската програма на стручни стоматолошки сестри, орални хигиенолози. Активно учествува во изведувањето практична клиничка едукација на стажантите и специјализантите на Клиниката за детска и превентивна стоматологија. Во учебната 2019/2020 учествува во изведувањето теоретска настава на втор циклус специјалистички студуии. Н. сор. д-р Весна Амбаркова е ментор на 3 кандидати на специјализација, била ментор на повеќе студентски теми, презентирани на конгреси на студентите по стоматологија, како и на голем број стажанти кои го реализираат задолжителниот стаж и специјализанти кои реализираат турнуси според програмата за специјализација.

Н. сор. д-р Весна Амбаркова била коментор на еден специјалистички труд.

Други активности кои припаѓаат во наставно-образовната дејност, релевантни за изборот.

Конкретните активности се наведуваат во табелата во Анекс 2 (член 2) од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.

Научноистражувачка дејност

Н. сор. д-р Весна Амбаркова има објавено вкупно 139 научни трудови од последниот избор од стоматолошката област, од кои 5 научни труда во научни списанија со импакт-фактор, 68 труда во меѓународни научни списанија, 9 труда во домашни стручни и научни публикации и 58 труда во зборници од научни собири.

Н. сор. д-р Весна Амбаркова била член на Координативното тело назначено од Министерството за здравство за изработка и спроведување на Националната стратегија за превенција на оралните заболувања кај децата од 0 до 14 години во Р Македонија во периодот од 2008 до 2018 година. Учествувала во изработка на Националната стратегија за превенција на орални заболувања кај деца од 0 до 14 години во Р Македонија во периодот од 2008 до 2018 година.

Н. сор. д-р Весна Амбаркова е еден од авторите на Прирачник за спроведување на Националната стратегија за превенција на оралните заболувања кај деца од 0 до 14 години во Р Македонија, издадена од Министерството за здравство.

Била член на Научниот одбор на Првиот конгрес на специјалистите по детска и превентивна стоматологија.

За тековниот конкурс за избор во научно звање, кандидатката ги пријавува следниве трудови за рецензија:

1. **Амбаркова В,** Јанкуловска В, Кочубовски М, Мемети Ш, Тошевска С. Концентрацијата на флуорот во водата за пиење од источниот регион на Република Македонија. 43. Октомвриски средби (со меѓународно учество) на медицинските лаборанти и санитарни техничари (Книга на апстракти). Охрид, 2015: 15.
2. **Ambarkova V,** Jankulovska M, Stevanovic M, Sotirovska Ivkovska A, Zafirovska B. Dental caries experience among 6-year old children of the Republic of Macedonia. 20-th European Association of Dental Public Health (EADPH) Conference, Istanbul, Turkey, 2015: P3043.
3. Sotirovska-Ivkovska A, Ivkovski Lj, Zabokova-Bilbilova E, Georgiev Z, **Ambarkova V**. Angiogenic properties of human dental pulp cells. CED-IADR/NOF meeting in Antalya, Turkey, J Dent Res 2015; Vol 94 (Spec Issue B): 205.
4. **Ambarkova V**, Panova O. Dental Caries Experience among 15-years Old Children in the Southeast Region of the Republic of Macedonia. Oral Health & Dental Management 2015; 14(6): 353-360.
5. **Ambarkova V**, Shah AF, Batra M, Ishrat A, Mitic K, Kapushevska B. Dental Caries Experience among 15 year old school children from Macedonia and India Aperito J Oral Health Dent 2015; 1: 128.
6. **Ambarkova V**, Panova O. The Pilot study about dental caries experience among 15-years old (secondary school) children in the Southeast region of the Republic of Macedonia. Medicus 2015; Vol 20(2): 253-260.
7. Batra M, **Ambarkova V**, Stevanovic M, Jankulovska M, Shah A F, Ishrat A, Gupta M. Dental caries experience among 12 year old school children from Macedonia and India.J Dent Probl Solut 2015; 2(3): 044-047.
8. Gorseta K, **Ambarkova V,** Skrinjaric T, Glavina D. Influence of Dentifrices pH on enamel microhardness in vitro. Coll.Antropol. 39(2015)2: 427-31.
9. **Ambarkova V,** Jankulovska M, Muratovska I, Stavreva N, Trajkovska Lj. Dental caries experience among 12-year old children of the Republic of Macedonia. 21 th Congress of the Balkan Stomatological Society (Proceedings) Banja Luka, Bosna and Hercegovina, 2016: 164-165.
10. **Ambarkova V,** Jankulovska M, Sotirovska-Ivkovska A, Stevanovic M, Zabokova-Bilbilova E**.** Oral health among adolescents from the southeast region of the FYROM. 63 rd ORCA Congress, Athens, Greece, 2016; 50: 21-22.
11. **Ambarkova V.** Dental Cone Beam Computed Tomography. 6 th Macedonian Congress of Radiology with international participation (Abstract Book). Ohrid, 2016: 54.
12. **Ambarkova V,** Popovski V, Jankulovska M, Nikolovska J, Stevanovic M. Caries experience among 15-years old students from Strumica city. 21-th Congress of the European Association of Dental Public Health, Budapest, Hungary. Community Dental Health 2016; 33(4)S8 (PP3267).
13. **Ambarkova V,** Stavreva N. Dental aspects of young patients with ectodermal dysplasia. V th Rare Disease Conference, Skopje, 2016: 60.
14. **Ambarkova V,** Popovski V, Stavreva N, Todorovska G, Jankulovska M, Trajkovska Lj. Dental Caries Experience among 5 Year Age Children from Two Municipalities Berovo and Pechcevo in the Eastern Region of the Republic of Macedonia. 15 th Serbian Congress of dentist with international participation, Beograd, 2016: 60.
15. Stavreva N, Kapusevska B, **Ambarkova V**, Mijakoski D. Ergonomics in function of dental workers' health. 2-nd Macedonian Congress on Occupational Health with International Participation (abstract book), Skopje 2016: 102.
16. Stavreva N, Guguvchevski Lj, Kapusevska B, Mijoska A, **Ambarkova V**. Influence of the Sex, Age and Comorbidity on Oral Health at Geriatric Population with Total and Partial Dentures in Republic of Macedonia. 15th Serbian Congress of dentist with international participation, Belgrade 2016; OP 42-43.
17. **Ambarkova V,** Jankulovska M, Kocubovski M, Memeti S, Guguvcevski Lj. Determining the optimal concentration of fluoride in drinking water from the Republic of Macedonia. International Conference, Green Development, Infrastructure, Technology, GREDIT (Book of Abstract) Skopje, 2016; p 1.1-02, p 131-136.

18. Stavreva N, Guguvchevski Lj, Kapusevska B, Andonovska M, **Ambarkova V**. Aesthetic and functional solution of abrasion in upper and lower jaw-case report. 1-st congress of the Association of Prosthetic Dentistry- Macedonian Dental Socienty with international participation. Ohrid 2016; PP 151-152.
19**.** Sotirovska-Ivkovska A, Zabokova-Bilbilova E, Georgiev Z, **Ambarkova V,** Bajraktarova Misevska C, Ivkovski Lj. Immunopathological mechanisms of pulpal defence and repiar in dental caries. 104 st FDI World Dental Congress Int Dental Journal 2016; Vol 66 (supplement 1): 173.
20. Stavreva N, Guguvcevski Lj, Kapusevska B,Bajevska J, Bundevska J, **Ambarkova V**. Oral Health-Living Place Correlation at Prosthetic Geriatric Population in Macedonia. 104 st FDI World Dental Congress, Poznan International Dental Journal 2016, Vol 66 (supplement 1): 59.
21. **Ambarkova V**. The beginning of new successful year of the Journal of Dental Problems and Solutions. Journal Dental Problems and Solutions 2016; 3(1): 007-007.
22. **Ambarkova V**. Letter from the editor International Journal of Clinical and Public Health Research 2016; 1(1):1.
23. **Ambarkova V**. The role of dentists in recognition of child abuse. Journal of Dental and Oral Health 2016; 2(1): e103.
24. **Ambarkova V,** Jankulovska M, Kocubovski M, Memeti Sh, Guguvcevski L. Determining the Optimal Concentration of Fluoride in Drinking Water from the Republic of Macedonia. JBR Journal of Interdisciplinary Medicine and Dental Science 2016; 4: 199.
25. **Ambarkova V.,** Popovski V**.** Dental health among 15 year old children from Strumica city in Republic of Macedonia. European Dental Forum 2016; 1(2): 11-19.
26. **Ambarkova V.** Health Challenges in Autism and Strategies for Care in the Republic of Macedonia. Journal of Dental Application 2016; 3(1): 303-304.
27. **Ambarkova V,** Jankulovska M, Stevanovic M, Sotirovska-Ivkovska A, Zafirovska-Ivanovska B, Guguvcevski Lj. Dental caries experience among six year old children of the Republic of Macedonia. Journal of Dentistry and Orofacial Surgery 2016; 2(2): 113.
28. Spirov V, Dimitrovski O, Dashtevski B, Bilbilova Zabokova E, **Ambarkova V**, Murtezani A. Determination of mutual correlation between the severity of the tooth and the amount of isolatedDNA from dental tissue.Albanian Dental Journal 2016;34:10-15.
29. Kapushevska B, Dereban N, Jurukovska Sotarovska V, Nikolovska J, **Ambarkova V**, Zabokova- Bilbilova E, Georgiev Z, Gjorgjieva S, Benedeti A, Muratovska I, Kanurkova L.Correlation between the molecular composition of the polymers and their use in prosthetic dentistry.International Journal of Innovation and Applied Studies 2016;15(1):219-224.
30. **Ambarkova V,** Muratovska I, Stavreva N, Getova B, Popovski V. Determination of dental fluorosis in the FYROM. 22nd BaSS Congress (Abstract Book) Thessaloniki, Greece, 2017: 388.
31. Stavreva N, Kapushevska B, **Ambarkova V**, Mijoska A, Toseska Spasova N. Prosthetic solution of torus mandibularis-case report. 22 th Congress of the Balkan Stomatological Society (Proceedings), Thessaloniki, Greece 2017: OP172.
32. Mitic K, Mijovska A, Janev E, **Ambarkova V**, Bajraktarova E. Celiac disease and oral cavity. 22 th Congress of the Balkan Stomatological Society (Proceedings), Thessaloniki, Greece 2017: OP142.
33. **Ambarkova V,** Popovski V, Kapushevska B, Shah A.F, Batra M. Dental caries experience among 15 year old school children from Macedonia and India. 22 nd Congress of the European Association of Dental Public Health, Vilnius, Lithuania Community Dental Health 2017; 34, S1-S53 (P3505).
34. Nikolovska J, Maneva M, **Ambarkova V.** Prevalence of tooth agenesis among the Macedonian population. 22-nd Congress of the European Association of Dental Public Health, Vilnius, Lithuania, Community Dental Health 2017; 34, S1-S53 (P3487).
35. **Ambarkova V,** Jankulovska M, Glavina D, Sotirovska-Ivkovska A, Georgiev Z, Gorseta K. Correlation between the DMFT score and the concentration of fluoride in drinking water from Macedonia. 64rd ORCA Congress, Oslo, Norway, Caries Research 2017; 51: 1-96.
36. **Ambarkova V.** Наша искуства из процеса имплементације Националне стратегије за превенцију оралних обољења код деце од 0-14 година у Републици Македонији 2.

Kongres na stomatolozite od Crna Gora so megunarodno ucestvo, Becici, Montenegro, 2017: 29.
37. **Ambarkova V,** Djipunova B, Janchevska A. Patient with cleft lip and palate - a Case Report. VI-th Rare Disease Conference, Skopje, 2017: 61.
38. Janchevska A, Gucev Z, Tasic V, Tasevska-Rmus L, Sofijanova A, **Ambarkova V**, Jordanova O. A 9.5 year old boy with familial male central precocious puberty. VI-th Rare Disease Conference, 2017, Skopje, 2017;63.
39. Zabokova-Bilbilova E, Sotirovska-Ivkovska A, Georgiev Z, Kokoceva-Ivanovska O, **Ambarkova V.** Prevention of demineralization around orthodontic brackets. 105th FDI World Dental Congress, International Dental Journal, Madrid, 2017; Vol 67 (supplement I): 127.
40. Sotirovska Ivkovska A, Ivkovski Lj, Zabokova-Bilbilova E, Georgiev Z, **Ambarkova V,** Apostolska S. Characterization of inflammatory cell infiltrate in pulpal pathosis. 105th FDI World Dental Congress Int Dental Journal 2017; Vol 67 (supplement 1): 210.
41. Sotirovska Ivkovska A, Zabokova-Bilbilova E, Georgiev Z, **Ambarkova V**, Ivkovski Lj. Immunohistochemical study of inflammatory and regenerative potential of dental pulp. CED-IADR, NOV Oral Health Research Congressin Viena, Austria, J Dent Res 2017; Vol 96(Spec Iss B): 6.
42. Gligorova D, Alili Sh, Kokoceva-Ivanovska O, **Ambarkova V.** Teeth erosion and their primary and secondary prevention - Case report. The 4-th Pan-Albanian Dental Congress. VI th Rare Disease Conference, Prishtine, Kosovo, 2017: 108.
43. Sotirovska Ivkovska A, Georgiev Z, Zabokova-Bilbilova E, **Ambarkova V,** Kanurkova L, Bajraktarova C, Ivkovski Lj. Immunohistochemical study of dendritic cells in dental pulps from non carious and carious teeth. Research Journal of Pharmaceutical, Biological and Chemical Sciences 2017; Vol 8(2): 1041-1047.
44. **Ambarkova V**. Dental Problems of Children with Disabilities. Journal of Dental and Oral Health 2017;3(3): e111.
45. **Ambarkova V.** Application of general anesthesia as part of dental care for children with special needs. Dent Oral Craniofac Res 2017; Vol 3(6): 1-3.
46. **Ambarkova V.** Dental Care Of Children With Special Needs Using Sedation. EC Dental Science 2017; 9(3): 82-83.
47. **Ambarkova V.** Management of Patients with Epilepsy in Dental Office Updates in Public and Preventive Medicine 2017; 1: 10.1.
48. **Ambarkova V.** Orofacial aspects of young patients with achondroplasia. Annals of Medical Case Reports 2017; 1:1001.
49. **Ambarkova V.** The neuromuscular diseases in pediatric dental office. Journal of Clinical Advances in Dentistry 2017; 1: 021-025.
50. **Ambarkova V.** Treacher-Collins syndrome. International Biological and Biomedical Journal 2017; 3(4): 157-161.
51. **Ambarkova V.** Van Der Woude Syndrome. Journal of Dental Health, Oral Disorders & Therapy 2017; 7(2): 00237.
52. **Ambarkova V**. Orofacial aspects of young patients with Apert Syndrome. Sci Fed Dental & Oral Research Journal 2017; 1:1.
53. **Ambarkova V,** Batra M. Down Syndrome-An Insight to Dental Aspect-Case Report EC Dental Science 2017; 14.3: 150-156.
54. **Ambarkova V,** Kochubovski M, Guguvcevski Lj, Spirov V. Fluoride level in drinking bottled water in the Republic of Macedonia. Micro Medicine 2017; 5(2): 31-36.
55. **Ambarkova V,** Popovski V. Crouzon syndrome J Dent Ora Surgery 2017; 2(1): 125.
56. **Ambarkova V,** Batra M. Some Facts About Climate, Air Temperature and Geographic Length and Water Supply in the Republic of Macedonia. Int J Oral Dent Health 2017; 3: 045.
57. **Ambarkova V**. Importance of Informed Consent of Minors in Dental Care and Research. EC Dental Science 2017; 15.4: 91-92.
58. **Ambarkova V**. The Climate and Geographic Location Impacts on the Optimal Fluoride Concentration in Drinking Water in Macedonia. JSM Dent 2017; 5(3): 1100.

59. **Ambarkova V,** Jovanovska M, Bajraktarova E, Batra M, Popovski V. Ectodermal Dysplasia - a Case Report. SM J Case Rep 2017; 3(7): 1071.
60. **Ambarkova V.** Dental treatment of patients with leukemia. J Dent Oral Health 2017; 4(1): 113e.
61. **Ambarkova V**, Djipunova B, Batra M, Trajkova S. Oral rehabilitation of patient with cleft lip and palate-a case report. J Dent Probl Solut 2017; 4(4):61-65.
62. Djipunova B, Tosheska Spasova N, Radojkova Nikolovska V, Popovska M, Peeva M, **Ambarkova V**. Decision for extraction as an orthodontic problem. IOSR Journal of Dental and Medical Sciences 2017; 16(12):61-64.
63. Stavreva N, Kapusevska B, **Ambarkova V.** Prosthetic Solution of Sports Related Dental Trauma. International Journal 2017;16.3:1075-1080.
92.	**Жабокова-Билбилова Е**, Сотировска-Ивковска А, Саракинова О, Ставрева Н. Грижа за оралното здравје во тек на ортодонтски третман со фиксен апарат. *I конгрес на Здружение на специјалисти по детска и превентивна стоматологија на Македонија (книга на апстракти) Скопје, 2018;41:57.*	1
93.	**Zabokova-Bilbilova E,** Kokoceva-Ivanovska O, Sarakinova O, Stavreva N, Mijoska A, Ambarkova V. Incidence of white spot lesion during fixed orthodontic treatment. *18. Kongres stomatologa Srbije - međunarodni kongres, Beograd 2019:33.*	1
	Учество на научен/стручен собир со реферат - постер презентација	
94.	**Zabokova-Bilbilova E**, Sotirovska-Ivkovska A, Georgiev Z, Kokoceva-Ivanovska O, Ambarkova V. Prevention of demineralization around orthodontic brackets. *105th FDI World Dental Congress, Madrid 2017, Int Dental Journal Vol 67 (supplement 1): 127.*	0.5
95.	**Zabokova-Bilbilova E**, Sotirovska-Ivkovska A, Ambakova V, Stavreva N, Mijoska A. Remineralization of early enamel lesions by casein phosphopeptide-amorphous calcium phosphate. *65th ORCA Congress, Copenhagen, Denmark, Caries Research 2018; 52:473-474.*	0.5
96.	**Жабокова-Билбилова Е**, Сотировска-Ивковска А, Георгиев З, Кокочева-Ивановска О, Мијоска А. Плунка и дентален кариес. *8. Конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество, Охрид 2018:257-258.*	0.5
	Пленарно предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество	
97.	**Жабокова-Билбилова Е**. Превенција на оралното здравје кај пациенти третирани со фиксен ортодонтски апарат. Симпозиум со меѓународно учество на Стоматолошки факултет, Скопје, 28 октомври 2017 година.	3

СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред број	***Назив на активност***	***поени***
	Завршена специјализација од областа на медицинските науки и здравството (*2)	
1.	Специјалист по детска и превентивна стоматологија од 2003 год.	2

	Експертски активности: евалуација, стручна ревизија, супервизија, технички извештаи, вешт наод и мислење, проценка на капитал, систематизација, методологија	
2.	Retention of Approximal Guiding Plane Surfaces in Removable Partial Skeletal Prosthesis. Open Access Macedonian Journal of Medical Sciences; 2019.	0.2
3.	Корелација меѓу информираноста на родителите и нивниот став кон денталното здравје на нивните деца. Македонски стоматолошки преглед; 2020.	0.2

ДЕЈНОСТ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС

Ред број	***Назив на активност***	***поени***
	Член на уредувачки одбор на меѓународно научно/стручно списание	
4.	International Journal of Experimental Dental Science	2
5.	Global Journal of Oral Sience	2
	Членство во меѓународна организација која поддржува/организира научноистражувачка дејност	
6.	- IAPD (International Association of Paediatric Dentistry), - FDI (World Dental Federation), - ЗСДПСМ (Здружение на специјалистите по детска и превентивна стоматологија на Македонија), - МСД (Македонско стоматолошко друштво), - Стоматолошка комора на Р Македонија, - член на Македонското друштво за ретки болести, - BaSS (Balkan Stomatological Society).	7
	Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир	
7.	I македонски педодонтски конгрес „Здрави заби – среќно детство“, Скопје, 18 –19.5.2018 година	1
	Експертски активности	
8.	- член на Работно претседателство на сесија (пленарни презентации) на I македонски педодонтски конгрес, Скопје, 2018 година	1
9.	- симпозиум „Дентално здравје во детска возраст – мултидисциплинарен пристап“, Скопје, 2019 година	1
10.	- член на извршен одбор на Здружението на специјалистите по детска и превентивна стоматологија на Македонија	1
	Награда за научни достигнувања од струкова организација-самостојни	
11.	- Благодарница за учество во работата и развојот на Стоматолошкиот факултет по повод одбележувањето на јубилејот 60 години постоење на Стоматолошкиот факултет во Скопје, 2019 година.	3
12.	- Примариус, март 2015 година	3
	Изготвување и пријавување на научен/образовен национален проект (соработник)	
13.	,,Анализа и проценка на каналната оптурација во зависност од техниката на гутаперка апликација”, 2013 – 2016 година.	0.5
	Учество во комисии и тела на државни и други органи	
14.	- комисии за полагање на стручен испит за стекнување на лиценца за работа –Стоматолошка комора на Македонија – 2015, 2016, 2017, 2018, 2019 г.	5X1 5

Професионални референци на кандидатката за избор во звање	**Поени**
Научноистражувачка дејност	**217,796**
Стручно-применувачка дејност	**28,9**
Вкупно	**246,696**

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Елизабета Ѓоргиевска, претседател, с.р.
Проф. д-р Мира Јанкуловска, член, с.р.
Проф. д-р Марија Стевановиќ, член, с.р.

Заклучок и предлог

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатките, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Весна Амбаркова и д-р Ефка Жабокова-Билбилова.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатките од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Весна Амбаркова и д-р Ефка Жабокова-Билбилова поседуваат научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнуваат сите услови да бидат избрани во звањето виш научен соработник во научната област детска и превентивна стоматологија.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет во Скопје, д-р Весна Амбаркова и д-р Ефка Жабокова-Билбилова да бидат избрани во звањето **виш научен соработник** во научната област детска и превентивна стоматологија.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Елизабета Ѓоргиевска,
претседател, с.р.
Проф. д-р Мира Јанкуловска, член, с.р.
Проф. д-р Марија Стевановиќ, член, с.р.

Прилог бр. 5

П Р Е Г Л Е Д
НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ФАКУЛТЕТ ЗА ДИЗАЈН И ТЕХНОЛОГИИ НА МЕБЕЛ И ЕНТЕРИЕР ВО СКОПЈЕ

1. МАГИСТЕРСКИ ТРУДОВИ

Ред. бр.	Име и презиме на кандидатот	Назив на темата		Име и презиме на менторот	Датум и бр. на Одлука на ННС за прифаќање на темата
		на македонски јазик	на англиски јазик		
1.	Дипл. инж. Виктор Милошев	Одредување на јакоста на конструктивните врски кај тапациран мебел, со конструкција од масивно дрво	Determination of strength for constructive connection of tapestry furniture, made from massive wood constructions.	д-р Нацко Симакоски, редовен професор	0202-248/2-VII-4 од 27.8.2020 год.

Р Е Ф Е Р А Т

ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ПО ПРЕДМЕТИТЕ ВАЈАЊЕ И ВАЈАРСКИ ТЕХНИКИ НА КАТЕДРАТА ЗА ВАЈАРСТВО НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЛИКОВНИ УМЕТНОСТИ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултет за ликовни уметности – Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Lajm“ од 9 јуни 2020 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања по предметите Вајање и Вајарски техники на Катедрата за вајарство на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот и уметнички совет бр. 04-51/1 од 4.6.2020, донесена на Факултетот за ликовни уметности, формирана е Рецензентска комисија во состав: ред. проф. м-р Жарко Башески, претседател, ред. проф. м-р Беди Ибрахим, член и ред. проф. м-р Исмет Рамиќевиќ, член.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната/уметничката област вајање, во предвидениот рок се пријави доц. д-р Валентина Стевановска.

1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката д-р Валентина Стевановска е родена на 30 април 1969 година во Скопје. Во 2004 година дипломирала на Факултетот за ликовни уметности при УКИМ во Скопје, на Катедрата за вајарство, во класата на ред. проф. Васил Василев. Во 2008 година завршила постдипломски студии на истиот факултет, во класата на ред. проф. Жарко Башески. По завршувањето на факултетот, интензивно работи како моден креатор и дизајнер, учествувајќи на повеќе модни ревии организирани од страна на „Модест“, кога се здобила со четири златни статуетки и една златна плакета. Во 1998 година била прогласена за најдобра жена менаџер во Р Македонија. Во периодот на нејзиниот статус како слободен уметник, од 2004 година, кога станала и член на Друштвото на ликовните уметници на Македонија, па до 2009 година, реализирала повеќе самостојни изложби. Од 2006 година до денес, активно се занимава со монументална јавна пластика, со што се промовира во прва жена монументалист во областа на вајарството. Во тој период освоила десет награди (од кои 8 први и 2 втори) за идејни решенија и за изведба на јавни споменици.

Во 2010 година се вработила на Факултетот за ликовни уметности како стручен соработник, помлад асистент, на Катедрата за вајарство, каде што се стекнала со педагошко искуство, ревносно пренесувајќи им ги своите знаења и искуства на студентите, и асистирајќи им на професорите. Нејзиниот сериозен и совесен пристап кон зададените задачи не се однесуваа само во сферите на реализација на техничко-технолшките вештини, туку и во креативниот дел од предметните програми. Освен работата со студентите и професорите, на Катедрата за вајарство, редовно се изведувааат и вонпрограмски активности, така што Стевановска, освен со професорите, и самата учествувала и индивидуално ги водела креативните работилници наменети за деца со посебни потреби.

Во 2015 година, д-р Стевановска е избрана во наставно-научно звање – насловен доцент на Катедрата за вајарство, во областа вајање и вајарски техники. На 16.3.2017 година, на Меѓународниот универзитет во Нови Пазар, Р Србија, ја одбранила докторката дисертација на тема „Социолошките аспекти на скулптурата во контекст на урбаната визуализација“, и се стекнала со научен степен – доктор на науки од областа на ликовните уметности.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на нејзината кариера, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

2.НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, кандидатката д-р Валентина Стевановска ја изведува наставата на првиот циклус студии на Катедрата за вајарство по изборните предмети Истражувачки цртеж и Обликување на простор. Исто така, го предава изборниот предмет Вајање за студентите од Катедрата за сликарство и Катедрата за графика. Д-р Валентина Стевановска, како и претходно, наставната програма ја реализира успешно, со голема посветеност и ентузијазам. Со својата стручност и непосредност во комуникацијата, успева да го стимулира и да го подигне нивото на мотивираност кај студентите, и спонтано да ја активира и да ја интензивира нивната креативна творечка енергија.

Во наставата, д-р Стевановска, освен што ја применува истражувачката работа, која е од исклучително значење за студентите, таа, исто така, на дискретен и суптилен начин успева да го поттикне нивното критичко и аналитичко размислување. Покрај останатите ангажмани, била и член на Комисијата за награди и признанија, како и на Комисијата за изложбена дејност во рамките на Факултетот. Во 2017 година била член на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите звања за наставно-научната и уметничка област вајање и вајарски техники на Ликовната академија при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

<u>Научноистражувачка дејност/Стручно-уметничка дејност</u>

Д-р Валентина Стевановска, освен што се занимава со скулптура од галериски формат, таа е авторка која синхронизирано работи и на полето на монументалната јавна пластика. Монументалната скулптура се смета за една од најтешките и најкомплексни сфери во скулпторската уметност. Поимот монументално во себе го содржи поимот монумент, т.е. споменик, така што ваквото уметничко дело, освен што во себе ја има комеморативната функција, ја има и функцијата да ја збогати содржината на урбаниот или пејзажен амбиент. Со ваквото јавно уметничко дело кое има естетска димензија, се воспоставува и интеракција помеѓу делото, просторниот амбиент и човекот, така што влијае и на образовната и на ликовната култура на публиката, и воопшто на општествениот живот. Во зависност од тематиката и стилот на изведбата на делото,

монументот го подразбира, пред сè, решавањето на урбаниот амбиент, т.е. естетскиот сооднос и релацијата со постојниот архитектонски контекст во кој е поставено делото. Што се однесува до стилската концепција на д-р Стевановска, како за скулптурата од галериски формат, така и за монументалната јавна пластика, таа се движи паралелно и синхронизирано во неколку насоки, тргнувајќи од постсласицистичката, преку органската и асоцијативната, па сè до постминималистичката скулптура.

Во изборниот период, кандидатката реализирала седум самостојни изложби во странство и три во земјата. На полето на монументалната пластика изработила 22 јавни скулптури и релјефи, од кои една од нив е изведена во постминималистички дух и инсталирана во Давос, Швајцарија. Учествувала на четири меѓународни скулпторски симпозиуми и на две ликовни колонии во странство. Исто така, учествувала на осум групни изложби, од кои три во земјата и пет во странство.

Самостојни изложби

2019 – Изложба во „Keller Galerie, Zurich, Цирих, Швајцарија (со Фехим Хусковиќ и Али Синани)
2018 – Изложба „Балкански уметници“ , Едрене, Р Турција
2017 – „Скопје 2014“, Галерија на Меѓународниот универзитетот во Нови Пазар, Р Србија
2016 – „ Majke Makedonije“, Музеј Пријепоље, Пријепоље, Р Србија
2016 – „Pod makedonskim suncem“ Галерија „Спирала“, Прибој, Р Србија
2016 – „Македонија“, Галерија „Борко Лазески“, Прилеп (со Миле Брцески)
2015 – „Sinteza senzibiliteta“, Културен центар, Бихаќ, Р Босна и Херцеговина (со Слободан Милошески и Никола Смилков)
2015 – Изложба на скулптури, Ликовен салон, Велес (и Дом на култура во Делчево)
2015 – „Sinteza Senzibiliteta 2“ Галерија „Роман Петровиќ“, Сараево, Р Босна и Херцеговина (со Слободан Милошески и Никола Смилков)
2015 – Изложба на скулптури мал формат, Дом на култура, Кочани

Групни изложби

2020 – Festival of Expressions, Portrait-Drawing, Jumbish Art Exhibition, India, (изложбата е предвидена да се отвори во септември)
2018 – „Aşevi 2018 “, Trakya University Complex of Sultan Bayezid II Health Museum, Turkey
2018 – учество на изложбата „Pomnik Monument, Muzeum Narodowe w Warszawie , POMNIK . Europa Srodkowo – Wschodnia 1918-2018, Warszawa, Polska
2018 – „Transart 2018“, Trakya University Fine Arts Facilty, Edirne, Turkey
2017 – Изложба на „Das Labyrinth der Freiheit“ , H. ART, Davos, Switzerland,
2017 – Ликовни изрази, турско-македонска изложба, НУ Завод и музеј, Битола
2015 – Изложба на ДЛУМ „МиниАтура“, Салон на Тутунска банка, Скопје
2015 – 61. Годишна изложба на ДЛУМ, НГМ, Мала станица, Скопје

Меѓународни симпозиуми

2018 – учество на VIII меѓународен керамички симпозиум 2018, Кочаели, Р Турција (VIII Golcuk International Ceramic Symposium 2018), Degirmendere, Kocaeli, Turkey
2017 – учество на 13. Меѓународен скулпторски симпозиум, Давос, Швајцарија (13. Internationales Bildhauersymposium, Davos
2015 – учество на X меѓународен скулпторски симпозиум „Hrid“, Плав, Р Црна Гора
2015 – учество на XIV меѓународен скулпторски симпозиум, Кулен Вакуф, Бихаќ, Р Босна и Херцеговина

Јавна монументална скулптура

2019 – Релјефи на фасадата на ПУИГ, Скопје
2018 – Скулпторска композиција на Исус Христос со две придружни фигури (Св. Богородица и Св. Петар), поставени на зградата на ПУИГ, Скопје
2018 – Скулптура на апостол св. Павле, поставена на зградата на ПУИГ, Скопје
2018 – Скулптура на апостол св. Симон, поставена на зградата на ПУИГ, Скопје
2017 – Скулптура на апостол св. Тадеј, поставен на зградата на ПУИГ, Скопје
2017 – Скулптура на апостол св. Јаков, поставена на зградата на ПУИГ , Скопје
2017 – Скулптура на апостол св. Матеј, поставена на зградата на ПУИГ , Скопје
2017 – Скулптура на апостол св. Тома, поставена на зградата на ПУИГ , Скопје
2017 – Скулптура на апостол св. Вартоломеј, поставена на зградата на ПУИГ, Скопје
2017 – Скулптура на апостол св. Филип, поставена на зградата на ПУИГ, Скопје
2017 – Скулптура на апостол св. Јован, поставена на зградата на ПУИГ, Скопје
2017 – Скулптура на апостол св. Андреј, поставена на зградата на ПУИГ, Скопје
2017 – Скулптура на апостол св. Петар, поставена на зградата на ПУИГ, Скопје
2016 – Скулпторска композиција на Мајка Тереза, Скопје
2016 – Мермерен релјеф за објектот Мајка Тереза, Скопје
2016 – Споменик на децата бегалци од Егејска Македонија, Скопје
2016 – Скулпторска композиција „Св. Илија“ со две придружни скулптури и релјефи, зграда на ЕЛЕМ, Скопје
2015 – Релјефи на влезна врата со тема од историјата на Македонија, Влада на РМ, Скопје
2015 – Тимпанонот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Скопје
2015 – Релјефи на фасада на Факултетот за драмски уметности, Скопје
2015 – Тимпанон со композиција од седум скулптури на Владата на РМ, Скопје

Награди

2017 – Награда за идејно решение за скулптура во отворен простор, на тема „Лавиринт на слободата“, Давос, Швајцарија.

Д-р Валентина Стевановска, во изборниот период, освен наведените уметнички активности, одржала и две предавања и презентации за учениците од две основни училишта (ОУ „Љубен Лапе“ и ОУ „Блаже Конески“) во Скопје, како и едно предавање и презентација за студентите од Универзитетот „Јоханес Кеплер“ во Линц, Р Австрија (Johannes Kepler University Linz). Во 2015 година учествувала и на една продажна хуманитарна изложба на дела, организирана од меѓународната ликовна колонија за деца без родителска грижа, одржана во центарот „Дуга“, во Градската галерија Бихаќ, Р Босна и Херцеговина.

Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес

Д-р Валентина Стевановска, во изборниот период, учествувала на четири меѓународни скулпторски симпозиуми во Турција, Швајцарија, Црна Гора и во Босна и Херцеговина.

Исто така, во овој период, кандидатката има објавено дела во 4 каталози од национални ликовни изложби и во 12 каталози, списанија и весници од меѓународни ликовни манифестации, како и едно видео снимено во Давос и објавено од организаторите на симпозиумот, на јутјуб на следнава страница:

https://www.youtube.com/ watch?v=2JFgJcE674k. Нејзиното творештво е обработено или застапено во една стручна публикација во издание на Народниот музеј во Варшава (Tarasiuk, Agneszka et al. „Pomnik. Europa Środkowo-Wschodnia 1918 -2018”, Muzeum narodowi, Warszawa, 2018, p.p. 58, 62.) и еден текст од истата година, во издание на портал за историја, од авторката Anna Bernat, Wystawa „Pomnik. Europa Środkowo Środkowo-Wschodnia 1918–2018” w warszawskiej Królikarni, Dzieje PL, Portal Hystoriczny, во Полска.

Особено е значајна нејзината активност во дејноста што се однесува на поширокиот јавен интерес, како што се нејзините бројни монументални скулптури и релјефи. Тие се различно третирани, изведени се индивидуално, или групно, како композициски претстави, кои имаат историска, културна и религиска тематика. Поставени се на врвовите на објектите, на фасадите, тимпаноните и на порталите на различните државни институции.

Оценка од самоевалуација

Кандидатката д-р Валентина Стевановска во 2019 година доби позитивна оценка од анонимно спроведена анкета на студентите на Факултетот за ликовни уметности.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Валентина Стевановска.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Валентина Стевановска поседува научни и стручни квалитети, и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето вонреден професор во научната област вајање.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, д-р Валентина Стевановска да биде избрана во звањето **вонреден професор** во сите наставно-научни звања во научната/уметничката област вајање.

Рецензентска комисија

Ред. проф. м-р Жарко Башески,
претседател, с.р.
Ред. проф. м-р Беди Ибрахим, член, с.р.
Ред. проф. м-р Исмет Рамиќевиќ, член, с.р.

ОБРАЗЕЦ 1
ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: Валентина Фоте Стевановска
(име, татково име и презиме)
Институција: Факултет за ликовни уметности – Скопје
(назив на факултетот/институтот)
Научна област: вајарство

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА – ДОЦЕНТ, ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР И РЕДОВЕН ПРОФЕСОР НА СТРУЧНО-УМЕТНИЧКИ ПРЕДМЕТИ

Ред. број	**ОПШТИ УСЛОВИ**	**Исполнетост на општите услови да/не**
1	За доцент, вонреден професор и редовен професор по стручно-уметничките предмети може да биде избрано и лице без научен степен – доктор на науки, кое има завршено соодветно високо образование од втор циклус	да
2	Признати уметнички и стручни дела, односно остварувања кои се од особено значење за афирмација на културата и уметноста во и надвор од земјата (**преглед во Образец 2 кон Извештајот за избор во наставно-научно, научно и наставно-стручно звање**)	да
3	Има способност за наставна работа	да

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. м-р Жарко Башески, с.р.
Проф. м-р Беди Ибрахим, с.р.
Проф. м-р Исмет Рамиќевиќ, с.р.

ОБРАЗЕЦ 2
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

Кандидат: Валентина Фоте Стевановска
(име, татково име и презиме)

Институција: Факултет за ликовни уметности – Скопје
(назив на факултетот/институтот)
Научна област: вајарство

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	**Назив на активноста:**	**Поени**
1.	**Одржување на настава од прв циклус студии**	
	Обликување на простор 1 и 2, 2015/16, зимски/летен, 4x15x0.04=	2,4
	Истражувачки цртеж 1 и 2, 2015/16, зимски/летен, 2x15x0.04=	1,2
	Вајање 1 и 2, 2015/16, зимски/летен, 2x15x0.04=	1,2
	Обликување на простор 1 и 2, 2016/17, зимски/летен, 4x15x0.04=	2,4
	Истражувачки цртеж 1 и 2, 2016/17, зимски/летен, 2x15x0.04=	1,2
	Вајање 1 и 2, 2016/17, зимски/летен, 2x15x0.04=	1,2
	Обликување на простор 1 и 2, 2017/18, зимски/летен, 4x15x0.04=	2,4
	Истражувачки цртеж 1 и 2, 2017/18, зимски/летен, 2x15x0.04=	1,2
	Вајање 1 и 2, 2017/18, зимски/летен, 2x15x0.04=	1,2
	Обликување на простор 1 и 2, 2018/19, зимски/летен, 4x15x0.04=	2,4
	Истражувачки цртеж 1 и 2, 2018/19, зимски/летен, 4x15x0.04=	2,4
	Вајање 1 и 2, 2018/19, зимски/летен, 2x15x0.04=	1,2
	Обликување на простор 1 и 2, 2019/20, зимски/летен, 4x15x0.04=	2,4
	Истражувачки цртеж 1 и 2, 2019/20, зимски/летен, 4x15x0.04=	2,4
	Вајање 1 и 2, 2019/20, зимски/летен, 2x15x0.04=	1,2
2.	**Одржување на вежби од прв циклус**	
	Обликување на простор 1 и 2, 2015/16, зимски/летен, 2x 15x0.03=	0,9
	Истражувачки цртеж 1 и 2, 2015/16, зимски/летен, 2x 15x0.03=	0,9
	Вајање 1 и 2 , 2015/16, зимски/летен, 8x15x0.03=	3,6
	Обликување на простор 1 и 2, 2016/17, зимски/летен, 2x 15x0.03=	0,9
	Истражувачки цртеж 1 и 2, 2016/17, зимски/летен, 2x 15x0.03=	0,9
	Вајање 1 и 2 , 2016/17, зимски/летен, 2x15x0.03=	0,9
	Обликување на простор 1 и 2, 2017/18, зимски/летен, 2x 15x0.03=	0,9

	Истражувачки цртеж 1 и 2, 2017/18, зимски/летен, 2x 15x0.03=	0,9
	Вајање 1 и 2 , 2017/18, зимски/летен, 2x15x0.03=	0,9 0,9
	Обликување на простор 1 и 2, 2018/19, зимски/летен, 2x 15x0.03=	0,9 0,9
	Истражувачки цртеж 1 и 2, 2018/19, зимски/летен, 2x 15x0.03=	0,9
	Вајање 1 и 2 , 2018/19, зимски/летен, 2x15x0.03=	0,9
	Обликување на простор 1 и 2, 2019/20, зимски/летен, 2x 15x0.03=	0,9
	Истражувачки цртеж 1 и 2, 2019/20, зимски/летен, 2x 15x0.03=	0,9
	Вајање 1 и 2 , 2019/20, зимски/летен, 2x15x0.03=	0,9
	Член на факултетска комисија	
1. 2.	Член на Комисијата за награди и признанија Член на кКомисијата за изложбена дејност	0,5 0,5
	Вкупно	43,8

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	**Назив на активноста:**	**Поени**
1.	2018, предавање и презентација на студенти од Универзитетот „Јоханес Кеплер“ (Johaannes Kepler University Linz) Линц, Република Австрија	2
2.	2018, учество на VII меѓународен керамички симпозиум 2018, Кочаели, Република Турција (VIII. Golcuk International Ceramic Symposium 2018), Degirmendere, Kocaeli, Turkey	2
3.	2018, предавање и презентација на ученици од ОУ „Блаже Конески“ од Скопје	1
4.	2017, учество на 13. Меѓународен скулпторски симпозиум , Давос, Швајцарија (13. Internationales Bildhauersymposium, Davos)	2
5.	2016, предавање и презентација на ученици од ОУ „Љубен Лапе“, Скопје	1
6.	2015, учество на X меѓународна ликовна колонија „Hrid“, Плав, Р Црна Гора	2
7.	2015, учество на XIV меѓународна ликовна колонија, Кулен Вакуф, Р Босна и Херцеговина	2
	Вкупно	12

СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	**Назив на активноста:**	**Поени**
	Самостојно јавно претставување со ликовни дела (во странство по повик)	
1.	2019, изложба во Keller Galerie, Zurich, Цирих, Швајцарија (со Фехим Хусковиќ и Али Синани)	7
2.	2018, изложба „Балкански уметници” , Едрене, Р Турција	7

3.	2017, изложба „Скопје 2014“, Галерија на Меѓународниот универзитет во Нови Пазар, Р Србија	7
4.	2016, изложба „Pod makedonskim suncem“, Галерија „Спирала“, Прибој, Р Србија	7
5.	2016, изложба „ Majke Makedonije“, Музеј Пријепоље, Пријепоље, Р Србија	7
6.	2015, изложба „Sinteza senzibiliteta“, Културен центар, Бихаќ, Р Босна и Херцеговина (со Слободан Милошески и Никола Смилков)	7
7.	2015, изложба „Sinteza Senzibiliteta 2“, Галерија „Роман Петровиќ“, Сараево, Р Босна и Херцеговина (со Слободан Милошески и Никола Смилков)	7
	Самостојно јавно претставување со ликовни дела (во земјата)	
1.	2016, изложба „Македонија“, Галерија „Борко Лазески“ Прилеп (со Миле Брцески)	4
2.	2015, изложба на скулптури, Ликовен салон, Велес (и Дом на културата во Делчево)	4
3.	2015, изложба на скулптури мал формат, Дом на културата, Кочани	4
	Изведба на монументални скулптури и споменици од јавен карактер (во земјата)	
1.	2019, Релјефи на фасадата на ПУИГ, Скопје	8
2.	2018, Скулпторска композиција на Исус Христос со две придружни фигури (Св. Богородица и Св. Петар), поставени на зградата на ПУИГ, Скопје	8
3.	2018, Скулптура на апостол св. Павле, поставена на зградата на ПУИГ, Скопје	8
4.	2018, Скулптура на апостол св. Симон, поставена на зградата на ПУИГ, Скопје	8
5.	2017, Скулптура на апостол св. Тадеј, поставена на зградата на ПУИГ, Скопје	8
6.	2017, Скулптура на апостол св. Јаков, поставена на зградата на ПУИГ, Скопје	8
7.	2017, Скулптура на апостол св. Матеј, поставена на зградата на ПУИГ, Скопје	8
8.	2017, Скулптура на апостол св. Тома, поставена на зградата на ПУИГ, Скопје	8
9.	2017, Скулптура на апостол св. Вартоломеј, поставена на зградата на ПУИГ, Скопје	8
10.	2017, Скулптура на апостол св. Филип, поставена на зградата на ПУИГ, Скопје	8
11.	2017, Скулптура на апостол св. Јован, поставена на зградата на ПУИГ, Скопје	8
12.	2017, Скулптура на апостол св. Андреј, поставена на зградата на ПУИГ, Скопје	8

13.	2017, Скулптура на апостол св. Петар, поставена на зградата на ПУИГ, Скопје	8
14.	2016, Скулпторска композиција на Мајка Тереза, Скопје	8
15.	2016, Мермерен релјеф за објектот Мајка Тереза, Скопје	8
16.	2016, Споменик на децата бегалци од Егејска Македонија, Скопје	8
17.	2016, Скулпторска композиција „Св. Илија“ со две придружни скулптури и релјефи, ЕЛЕМ, Скопје	8
18.	2015, Релјефи на влезна врата со тема од историјата на Македонија, Влада на РМ, Скопје	8
19.	2015, Тимпанонот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Скопје	8
20.	2015, Релјефи на фасада на Факултетот за драмски уметности, Скопје	8
21.	2015, Тимпанон со композиција од седум скулптури на Владата на РМ, Скопје	8
	Изведба на монументални скулптури и споменици од јавен карактер (во странство)	8
1.	2017, Скулптура „Лавиринт на слободата“, Давос, Швајцарија	8
	Групно јавно претставување со ликовни дела (во странство)	
1.	2020, Festival of Expressions, „Portrait-Drawing“, Jumbish Art Exhibition, India	4
2.	2018, „Aşevi 2018 “ Trakya University Complex of Sultan Bayezid II Health Museum, Edirne („Кујна“, Универзитетски комплекс „Тракија“ во Музејот за здравство1 „Султан Бајазид II“, Едрене, Р Турција	4
3.	2018, учество на изложбата „Pomnik Monument“, Muzeum Narodowe w Warszawie , POMNIK . Europa Srodkowo – Wschodnia 1918-2018 (Споменик на Централно-источна Европа 1918-2018, Национален музеј, Варшава, Р Полска	4
4.	2018, „Transart 2018“, Trakya University Fine Arts Facilty, (Тракија Универзитетот, Факултет за ликовни уметности, Едрене, Р. Турција)	4
5.	2017, „Das Labyrinth der Freiheit“ , H. ART, Davos, (Лавиринт на слободата), Давос, Швајцарија	4
	Групно јавно претставување со ликовни дела (во земјата)	
1.	2017, Ликовни изрази, турско-македонска изложба, НУ Завод и музеј, Битола	3
2.	2015, изложба на ДЛУМ „МиниАтура “, салон на Тутунска банка, Скопје	3

3	2015 , 61. Годишна изложба на ДЛУМ, НУ, Национална галерија на Македонија, Мала станица, Скопје	3
	Вкупно	266

СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	**Назив на активноста:**	**Поени**
	Објавено дело во каталог од изложба во земјата	
1.	2017, *Ликовни изрази (SanatsalI fadeler), турско-македонска изложба, НУ Завод и музеј, Битола*, (каталог)	1
2.	2016, *Изложба на скулптури „Македонија “, Галерија „Борко Лазески“ при ЦК „Марко Цепенков“ , Прилеп* (каталог)	1
3.	2015, *ДЛУМ - „МиниАтура“, салон на Тутунска банка*	1
4.	2015, Изложба на скулптури – мал формат, Дом на културата, Кочани(каталог)	1
5.	2015 , *61. Годишна изложба на ДЛУМ, НУ, Национална галерија на Македонија, Мала станица, Скопје* (каталог)	1
	Објавено дело во каталог (или книга) од меѓународна ликовна манифестација	
1.	2020, *Festival of Expressions, Portrait-Drawing, Jumbish Art Exhibition*, India	2
2.	2019, *„Keller Galerie“*, Zurich, Швајцарија	2
3.	2018, *„Asevi 2018 “* Trakya University Complex of Sultan Bayezid II Health Museum	2
4.	2018, *„Pomnik /Monument, Europa Srodkowo – Wschodnia 1918-2018 “*, Muzeum Narodowe w Warszawie	2
5.	2018, Bernat, Anna, *Wystawa „Pomnik. Europa Środkowo Środkowo-Wschodnia 1918–2018” w warszawskiej Królikarni* Dzieje PL, Portal Hystoriczny	2
6.	2017, *Rund ums Seehofseeli entstehen 13 Kunstwerke nach dem Zitat von Peter Bieri: „Das letzte Labyrinth der Freiheit“*Gipfel Zeitung, Zurich	2
7.	2017, *https://www.youtube.com/watch?v=2JFgJcE674k, video, Valentina Stevanovska / MK @13. int. Sculpture Symposium Davos 2017*	2
8.	2017, *„Скопје 2014 “, Галерија на Меѓународниот универзитетот во Нови Пазар,* Р Србија	2
9.	2016, *„Majke Makedonije“, Музеј Пријепоље,* Пријепоље, Р Србија	2
10.	2016, *„Pod makedonskim suncem“, Галерија „Спирала“,* Прибој, Р Србија	2
11.	2015, *„ Sinteza senzibiliteta “, Културен центар,* Бихаќ, Р Босна и Херцеговина	2
12.	2015, *„ Sinteza senzibiliteta 2“, Културен центар, Бихаќ,* Р Босна и Херцеговина	2

	Објавено дело во стручна книга/публикација (во странство)	
1.	2018, Tarasiuk, Agneszka et al. *„Pomnik. Europa Środkowo-Wschodnia 1918 -2018”*, Muzeum narodowi Warszawa, 2018, p.p. 58, 62.	3
	Награди	
1.	2017, Награда за идејно решение на концептот „Лавиринт на слободата“, Давос, Швајцарија	4
	Член во професионални здруженииа	
1.	2004, член на Друштвото на ликовни уметници на Македонија	1
	Вкупно	37

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТКАТА ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ		Поени
	НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	43,8
	НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	12
	СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ	266
	СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ	37
	Вкупно	358,8

Комисија

Ред. проф. м-р Жарко Башески, с.р.
Ред. проф. м-р Беди Ибрахим, с.р.
Ред. проф. м-р Исмет Рамиќевиќ, с.р.

Прилог бр. 2

Р Е Ф Е Р А Т
ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ (ДИСЦИПЛИНА) ЕТИКА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Филозофски факултет, Институт за филозофија, објавен во весниците „Вечер“ од 23.4.2020 и „Коха“ од 22.4.2020 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области (дисциплини): современа филозофија, историја на филозофијата и филозофија (општ курс), и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 04-774/8, донесена на 6.5.2020 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Ферид Мухиќ, пензиониран професор на Институтот за филозофија при Филозофскиот факултет во Скопје, д-р Иван Џепароски, редовен професор на Институтот за филозофија при Филозофскиот факултет во Скопје, и д-р Ана Димишковска, редовен професор на Институтот за филозофија при Филозофскиот факултет во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација, го поднесуваме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научните области (дисциплини): современа филозофија, историја на филозофијата и филозофија (општ курс), во предвидениот рок се пријави вонр. проф. д-р Ристо Солунчев.

10. Биографски податоци и образование

Кандидатот Ристо Солунчев, доктор на филозофски науки, е роден на 6.11.1976, во Скопје. Средно гимназиско образование завршил во Скопје, а со високо образование се стекнал на Филозофскиот факултет во Скопје, на Институтот за филозофија. Дипломирал во 2003 година, со просечен успех 9,44.

Во учебната 2005/2006 се запишал на втор циклус (магистерски) студии на Филозофскиот факултет, Институт за филозофија. Студиите ги завршил во 2007 година, со просечен успех 10,00. На 17.12.2008 година го одбранил магистерскиот труд на тема: „Субјектот во философијата на Мишел Фуко“.

Докторска дисертација пријавил истата година на Филозофскиот факултет, Институт за филозофија. Дисертацијата на тема: „Постмодернистичката интерпретација на философскиот опус на Фридрих Ниче“ ја одбранил на 25.06.2010 година, пред Комисија во состав: проф. д-р Ферид Мухиќ, проф. д-р Вера Георгиева, проф. д-р Коле Јовановски, проф. д-р Иван Џепароски и проф. д-р Мирко Ѓошевски. Со тоа се стекнал со научниот степен доктор на науки од научната област современа филозофија.

Во ноември 2010 е избран за доцент, а на 29.11.2015 во звањето вонреден професор на Филозофскиот факултет во областите: современа филозофија, историја на филозофијата и филозофија (општ курс). Во моментот е вонреден професор на Филозофскиот факултет во Скопје. Последниот реферат за избор е објавен во Билтен бр.1107/269 од 15.11.2015 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот објавени во Билтен бр. 1107/269 од

15.11.2015 година година, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од изборот во звањето вонреден професор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

11. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност, кандидатот д-р Ристо Солунчев изведува настава и вежби по предметите: Нововековна филозофија од Бекон до Кант (2015/16, 2016/17, 2017/18, 2018/2019, 2019/2020, зимски семестар), Германска класична филозофија (2015/16, 2016/17, 2017/18, 2018/2019, 2019/2020 летен семестар), Современи филозофски правци (2015/16, 2016/17, 2017/18, 2018/2019, 2019/2020, зимски семестар) и Филозофија на постмодернизмот (изборен предмет) (2016/2017, 2019/2020) на прв циклус студии на студиската програма Филозофија на Институтот за филозофија на Филозофскиот факултет во Скопје. На вториот циклус студии на студиската програма Филозофија на Институтот за филозофија при Филозофскиот факултет во Скопје ги изведува предметите: Филозофија на 20 век, Континентална и аналитичка филозофија, Филозофија на постмодернизмот и неколку изборни предмети, а учествува и во изведувањето на докторските студии по филозофија на Филозофскиот факултет во Скопје.

Кандидатот бил ментор на 5 дипломски трудови.

Кандидатот учествувал како член во комисија за оцена/одбрана на дипломски, магистерски и докторски трудови.

Научноистражувачка дејност/Стручно-уметничка дејност

Д-р Ристо Солунчев има објавено вкупно 7 научни трудови од областите: современа филозофија, историја на филозофијата, политичка филозофија и филозофија на музиката, и сите тие трудови се рецензирани во референтни научни публикации согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот. Еден труд е објавен во списание индексирано во EbscoHost database, еден труд во меѓународно рецензирано списание и е објавено во земја членка на Европската Унија, два труда се објавени во научни списанија со меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, и три труда се објавени во зборници на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји.

Д-р Ристо Солунчев одржал едно пленарно предавање по покана на странски универзитет, едно секциско предавање на научен меѓународен собир, две секциски предавања на научен собир во РС Македонија, како и 12 учества на научни/стручни собири во земјава и во странство.

Кандидатот бил ментор на 5 магистерски трудови.

Објавил една книга – монографија.

Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес

Д-р Ристо Солунчев активно е вклучен во стручно-апликативната работа на Филозофскиот факултет и во промотивни активности на Факултетот. Покрај научно-наставната дејност, кандидатот се остварува и во низа апликативни проекти како применета музика, изведба на авторска музика на концерти и напишано сценарио за документарен филм како дел од продукција на аудиовизуелно дело од монументален формат. Учествувал во Комисијата за избор на млади таленти 2020, во меѓународна

жири-комисија на Македокс 2019. Одржал мноштво предавања во институции од јавен интерес и културни центри.

Учествувал во уредувачкиот одбор на едно меѓународно стручно списание, бил уредник на зборник трудови од меѓународен научен собир, член на комисија за избор во звање, координатор на студиската програма Филозофија на втор циклус студии, а воедно е и раководител на постдипломските студии по филозофија во два мандата. Во последните 5 години (2016-2020) остварува студиски престој за стручно усовршување во странство, на Конзерваториумот „Симон Карас“ во Атина, Грција, студирајќи византиска музика и култура.

Оценка од самоевалуација

Кандидатот Ристо Солунчев добива позитивни оценки од анонимно спроведените анкети на студентите на Филозофскиот факултет во Скопје, во претходните пет години.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Ристо Солунчев.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од изборот во звањето вонреден професор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Ристо Солунчев поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето редовен професор во научните области: современа филозофија, историја на филозофијата и филозофија (општ курс).

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, д-р Ристо Солунчев да биде избран во звањето редовен професор во научните области: современа филозофија, историја на филозофијата и филозофија (општ курс).

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Ферид Мухиќ, с.р.
Проф. д-р Иван Џепароски, с.р.
Проф. д-р Ана Димишковска, с.р.

ОБРАЗЕЦ 1
ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: Ристо Иван Солунчев
(име, татково име и презиме)
Институција: Филозофски факултет/Институт за филозофија
(назив на факултетот/институтот)
Научна област: современа филозофија, историја на филозофијата, филозофија (општ курс)

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – РЕДОВЕН ПРОФЕСОР/ НАУЧНО ЗВАЊЕ – НАУЧЕН СОВЕТНИК

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
1	Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус * Просечниот успех на прв циклус изнесува: **9, 44.** Просечниот успех на втор циклус изнесува: **10.** Просечниот успех изнесува **9,72** за интегрираните студии.	да
2	Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира Назив на научната област: **современа филозофија**, **историја на филозофијата** и **филозофија (општ курс);** поле: **филозофија**; подрачје: **хуманистички науки**.	да
3	Објавени најмалку шест рецензирани научни труда ** во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор	да
3.1	Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование 1. Назив на научното списание: International Dialogue “East-West” 2. Назив на електронската база на списанија: EbscoHost Database 3. Наслов на трудот: ***Democracy and Revolution. An essay on Anxiety and Temptation*** 4. Година на објава: **2020**	да
3.2	Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови 1. Назив на научното списание: Context	да

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
	2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): 5 члена, 5 земји: Холандија, Словенија, Хрватска, Словачка, Македонија 3. Наслов на трудот: ***Револт и Algor Mortis*** 4. Година на објава: **2019** 1. Назив на научното списание: Context 2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): 5 члена, 5 земји: Холандија, Словенија, Хрватска, Словачка, Македонија 3. Наслов на трудот: ***Оптимизмот на човекот и песимизмот на натчовекот: Критичко испитување на трансхуманизмот во философската перпсектива на св. Максим Исповедник*** 4. Година на објава: **2020**	
3.3	Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е објавено во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД 1. Назив на научното списание: Conatus 2. Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД Република Грција 3. Наслов на трудот: ***Ontology of Time as a deconstruction of Space. An Essay on the Philosophy of Byzantine music*** 4. Година на објава: **2019**	да
3.4	Книга или дел од книга рецензирана и објавена во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД 1. Наслов на книгата: _____ 2. Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД_____ 3. Издавач, година и место на издавање/објавување: _____	
3.5	Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји 1. Назив на зборникот: 2400 години од основањето на Платонова Академија 2. Назив на меѓународниот собир: 2400 Платонова Академија 2013 3. Имиња на земјите: Македонија, Србија 4. Наслов на трудот: ***Платон и системот на динамичка онтологија*** 5. Година на објава: **2016** 1. Назив на зборникот: Међународна философска школа Felix Romuliana 2017 2. Назив на меѓународниот собир: Меѓународна философска школа Felix Romuliana 2016 3. Имиња на земјите: Србија, Македонија, Хрватска, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Бугарија 4. Наслов на трудот: ***Трансценденција Бога и анархизам*** 5. Година на објава: **2017**	да

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
	1. Назив на зборникот: Међународна философска школа Felix Romuliana 2020 2. Назив на меѓународниот собир: Меѓународна философска школа Felix Romuliana 2019 3. Имиња на земјите: Србија, Македонија, Хрватска, Босна, Црна Гора, Бугарија, Германија 4. Наслов на трудот: ***Слобода као остатак унутарњости*** 5. Година на објава: **2020**	
3.6	Преводи на капитални дела во области кои ги утврдува Националниот совет за високо образование и научноистражувачка дејност 1. Наслов на преведеното капитално дело: _____ 2. Датум на објава _____ 3. Издавач, место на издавање и година	
4	Објавен рецензиран учебник, монографија, практикум или збирка задачи од научната област за која се избира *** 1. Наслов на учебникот, монографијата, практикумот или збирката задачи: **Археологија на субјектот** 2. Место и година на објава: **Скопје, 2020**	да
5	Претходен избор во наставно-научно звање – вонреден професор, датум и број на Билтен: **бр. 1107/269, 15.9.2015**	да
6	Има способност за изведување на високообразовна дејност	да

* На лицата кои имаат заснован работен однос на Универзитетот или на некој од универзитетите во Република Македонија во моментот на стапување во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Републиа Македонија бр.82/2018), нема да се применуваат одредбите од Законот кои се однесуваат на просекот, односно дека лицата треба да имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус. Во овој случај, полето под реден број 1 не се пополнува.

** За кандидатот/ите кој има повеќе од 6 (шест) научни труда во референтна научна публикација, рецензентската комисија научните труда ќе ги наведе, ќе ги оцени и ќе ги вреднува во Образец 2.

***Наведениот услов ќе се применува по истекот на три години од денот на стапувањето во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр.82/2018).

ОБРАЗЕЦ 2
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

Кандидат: **Ристо Иван Солунчев**
(име, татково име и презиме)
Институција: **Филозофски факултет/Институт за филозофија**
(назив на факултетот/институтот)
Научна област: современа филозофија, историја на филозофијата, филозофија (општ курс)

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	**Назив на активноста:**	**Поени**
1	Одржување на настава на прв циклус студии: 1. Нововековна филозофија од Бекон до Кант, зимски семестар: 2015, 2016, 2017, 2018, 2019 година. 2. Германска класична филозофија, летен семестар: 2016, 2017, 2018, 2019, 2020 година. 3. Современи философски правци, зимски семестар: 2015, 2016, 2017, 2018, 2019 година. 4. Филозофија на постмодернизмот (изборен), летен семестар: 2017, 2020	30.6
2	Одржување на вежби 5. Нововековна филозофија од Бекон до Кант, зимски семестар: 2015, 2016, 2017, 2018, 2019 година. 6. Германска класична филозофија, летен семестар: 2016, 2017, 2018, 2019, 2020 година 7. Современи философски правци, зимски семестар: 2015, 2016, 2017, 2018, 2019 година 8. Филозофија на постмодернизмот (изборен), летен семестар: ... 2017, 2020	15.3
3.	Консултации со студенти: Прв и втор циклус	0.19
4.	Ментор на дипломска работа, 5	1
5.	Член на комисија за оцена или одбрана на докторски труд	2.1
6.	Член на комисија за оцена или одбрана на магистерски труд	1.2
7.	Член на комисија за оцена и одбрана на дипломска работа	1
8.		
	Вкупно	**51.39**

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	**Назив на активноста:**	**Поени**
1.	Ментор на магистерски труд, 5	10
2.	Монографија	8

3	Trud so originalni nau~ni rezultati, objaven vo nau~no spisanie koe nema impakt-faktor za godinata vo koja e objaven trudot, vo koe trudovite {to se objavuvaat podle`at na recenzija i koe e indeksirano vo najmalku edna elektronska baza na spisanija so trudovi dostapna na internet, kako {to se: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank, MathSciNet (Mathematical Reviews), Zentralblatt fur Mathematik i Referativnый `urnal “Matematika” ili druga baza na spisanija koja }e ja utvrdi Nacionalniot sovet za visoko obrazovanie: 1. “Democracy and Revolution. An Essay on anxiety and temptation” in: International dialogue East-West, Sveti Nikole, 2020.	5
4.	Trudови so originalni nau~ni rezultati, objaveni vo nau~no spisanie vo koe trudovite {to se objavuvaat podle`at na recenzija i koe ima me|unaroden ureduva~ki odbor vo koj u~estvuvaat ~lenovi od najmalku tri zemji, pri {to brojot na ~lenovi od edna zemja ne mo`e da nadminuva dve tretini od vkupniot broj na ~lenovi: 1. “Револт и Algor Mortis” in: Context, no 20, Institut for Macedonian Literature, Skopje, 2019 2. “Оптимизмот на човекот и песимизмот на натчовекот. Критичко испитување на трансхуманизмот во философската перспектива на св. Максим Исповедник”, in: Context, no 21, Institut for Macedonian Literature, Skopje, 2020.	10
5.	Trud so originalni nau~ni rezultati, objaven vo nau~no spisanie vo koe trudovite {to se objavuvaat podle`at na recenzija i koe e objaveno vo zemja ~lenka na Evropskata Unija i/ili OECD: 1. Ontology of Time as a Deconstruction of Space. An Essay on the Philosophy of Byzantine Music, Conatus, vol 4, no 1, Athens, 2019.	5
6.	Trudови so originalni nau~ni/stru~ni rezultati, objaveni vo zbornik na recenzirani nau~ni trudovi, prezentirani na me|unarodni akademski sobiri kade {to ~lenovite na programskiot ili nau~niot komitet se od najmalku tri zemji: 1. “Платон и системот на динамичката онтологија”, во: 2400 години Платонова академија, Филозофски факултет, Скопје, 2016. 2. “Трансценденција Бога и анархизам“, во: Felix Romuliana, Зборник излагања 2016, Београд, Зајечар, 2017. 3. “Слобода као остатак унутарњости“во: Felix Romuliana, Зборник излагања 2019, Београд, Зајечар, 2020.	15

7.	Одржано предавање по покана на Rochester Institute of Technology Kosovo *(2016)*: *Koukouzelian Transgression of the Locality as a Paradigm of the New Balkanian Unity*	1
8,	U~estvo na nau~en/stru~en sobir so referat: 1. Меѓународна школа felix romuliana, Зајечар (2016, 2017, 2019): - Трансценденција Бога и анархизам - Оптимизам човека и песимизам натчовека - Слобода као остатак унутарњости 2. International conference East-West, Sveti Nikole (2015, 2017, 2019: - Religious existence and Death of the State - Education and Crowd - Democracy and revolution 3. EGSAMP Summer school in Ohrid 2016: - Ontology of time as a Deconstruction of the Space in the Byzantine Music 4. Научен собир на Богословски факултет „Св. Климент Охридски“ Скопје: - За логосот на Црковната музика (2017) - Универзализмот на Цариградската класична музика и култура на живеење (2018) 5. Nau~en sobir na Univierzitetot vo Veliko Trnovo (2016): - Hristijanskiot etos i antipoliti~kiot anarhizam 6. Svetski den na filosofijata (Skopje): - Mirot kako gre{ka - [eling za dr`avata	12
	Sekcisko predavawe na nau~en/stru~en sobir so me|unarodno u~estvo: Биоетика, 2018, Атина	2
	Секциско предавање на научен/стручен собир „Предание и континуитет“, Струга, 2017 и 2019	2
	Вкупно	**70**

СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	**Назив на активноста:**	**Поени**
1.	Sozdadena primeneta muzika: 1. Звуците на Скопје, Skopje Jazz Festival 2018	4
2.	Sozdadeno i izvedeno drugo delo: Авторска музика изведена на концерти со „Чиста околина“: (2017 Д фестивал, 2018 Таксират, 2019 Пиво фест,)	1.5
3.	Avtorstvo/produkcija na scensko-umetni~ko ili audiovizuelno delo od golem format; avtorsko u~estvo/koavtorstvo /izvr{na produkcija na audiovizuelno delo od monumentalen format:	8

	Сценарио за документарен филм: *Ќеф*, Квазар продукција, 2019.	
	Вкупно	**13.5**

СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	**Назив на активноста:**	**Поени**
1.	U~estvo vo rabotata na komisii za dr`avni natprevari, 2020, Избор на млади таленти	1
2.	U~estvo vo promotivni aktivnosti na fakultetot/institutot	1
3.	^len na me|unarodna `iri-komisija, Македокс 2019	2
4.	Predavawe na institucii od javen interes, kulturno-informativni centri	2
Дејности од поширок интерес		
1.	^len na ureduva~ki odbor na me|unarodno nau~no/stru~no spisanie *Conatus*	1
2.	Urednik na zbornik na trudovi od nau~en/stru~en sobir: Logos i Tropos (2018)	1
3.	Studiski prestoj vo stranstvo: Konzervatorium „Simon Karas”, Atina, 2016, 2017, 2018, 2019, 2020 do 3 meseci.	2.5
4.	^len na komisija za izbor vo zvawe	0.4
5.	Koordinator na studiskata programa Filosofija na 2. ciklus studii	1
6.	Rakovoditel na postdiplomski studii po filosofija, 2 mandata (2017 – 2020)	2

Спортска дејност		
	Вкупно	13.9

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	**51,39**
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	**70**
СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ	**13,5**
СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ	**13,9**
Вкупно	**148,79**

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Ферид Мухиќ, с.р.
Проф. д-р Иван Џепароски, с.р.
Проф. д-р Ана Димишковска, с.р.

П Р Е Г Л Е Д

НА ПРИФАТЕНИ ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА МАГИСТЕРСКИ ТРУДОВИ ВО ЕКОНОМСКИОТ ИНСТИТУТ

Ред. бр.	***Име на кандидатот***	***Наслов на темата***	***Ментор***	***Одлука од Научен совет***
1.	Мирче Гигов	„Кредитната активност на банкарскиот сектор во македонската економија во услови на пандемијата “Ковид-19” “The Credit Activity of the Banking Sector in the Macedonian Economy in the Pandemic "Covid-19" Conditions“	Д-р Климентина Попоска	Бр. 02-602/1 од 31.8.2020 година
2.	Мартин Милошески	„Унапредување на релациите со добавувачите како значаен сегмент на логистиката на набавка“ “Improvement of supplier relations as an important segment of procurement logistics“	Д-р Марија Таковска	Бр. 02-670/1 од 31.8.2020 година
3.	Трајче Трајанов	„Современи предизвици на бизнис логистиката“ “Contemporary challenges of business logistics“	Д-р Марија Таковска	Бр. 02-671/1 од 31.8.2020 година

Р Е Ф Е Р А Т
ЗА ИЗБОР НА НАУЧЕН СОВЕТНИК ВО ОБЛАСТА МАКЕДОНСКА ОНОМАСТИКА ВО ИНСТИТУТОТ ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК „КРСТЕ МИСИРКОВ“ ВО СКОПЈЕ

Советот на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ во Скопје, на својата 69. седница одржана на 31.VIII 2020 год., донесе Одлука за формирање Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Веселинка Лаброска, н. сов., проф. д-р Марија Коробар-Белчева, н. сов., и проф. д-р Елена Јованова-Грујовска, н. сов., во врска со конкурсот објавен во дневните весници „Нова Македонија“ и „Коха“ од 14.VIII 2020 год. за избор на соработник во едно од научните звања во областа македонска ономастика во Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ во Скопје.

Рецензентската комисија ги разгледа материјалите пристигнати на конкурсот за избор на еден соработник во едно од научните звања во областа македонска ономастика во Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ во Скопје и го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

На распишаниот конкурс се пријави кандидатката д-р Весна Миовска. По разгледувањето на приложените документи од кандидатката, Рецензентската комисија ги констатира следниве податоци.

Кандидатката д-р **Весна Миовска**, в.н. соработник/вонреден професор, е родена на 9.VIII 1963 год. во Кратово. Основно и средно образование завршила во Скопје. На Филолошкиот факултет во Скопје се запишала во учебната 1982/83 год., на групата *Македонски јазик со јужнословенска книжевност* како втор главен предмет. Студиите ги завршила на 11.II 1988 година со просечна оценка 8.

Во Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ во Скопје, Весна Миовска работи од 1.X 1989 год. како помлад асистент во Одделението за македонска ономастика и истата година е вклучена во работата на проектот *Речник на презимињата кај Македонците*. Во 1990 год. се запишала на постдипломски студии од областа на македонскиот јазик на Филолошкиот факултет во Скопје и ги положила испитите предвидени со програмата.

В. Миовска е вклучена во различни фази во работата на првиот колективен ономастички проект *Речник на презимињата кај Македонците,* кој добива завршница со двата тома: I. (А-Љ) и II. (М-Ш), објавени во 1994 и 2001 год., и кој претставува еден од капиталните проекти на Институтот за македонски јазик.

Во 1994 год., В. Миовска го пријавила магистерскиот труд под наслов *Антропонимискиот систем во Кривопаланечко*, под менторство на д-р Трајко Стаматоски, одбранет во 2003 год., со што се здобила со звањето магистер по филолошки науки. Во 2006 год., ја пријавила докторската дисертација под наслов: *Топонимијата на Кривопаланечко*, под менторство на д-р Олга Иванова, која ја одбранила во 2010 год. и се здобила со звањето доктор по филолошки науки.

Од 2000 до 2006 год., Весна Миовска е вклучена во работата на новиот проект *Антропонимите во македонското народно творештво* и коавтор е на истоимената книга печатена во 2008 год. Во оваа книга, која има посебно значење не само за македонската ономастика, туку посебно за народната антропономастика на синхрониски и на дијахрониски план, ексцерпиран е материјал од повеќе збирки од народното творештво, а Весна Миовска ги ексцерпирала буквите В, Е, Ж, З, S, И, J, К, П и Т, кои ги обработила по прва и втора обработка.

Весна Миовска, покрај работата на двата проекта, во периодот од 1994 до 1996 год. врши теренски истражувања во Охридско, Струшко, Ресенско и Кривопаланечко, а во 2006 год., за потребите на Одделението за македонска ономастика при Институтот, како и за лично усовршување, врши дополнителни топонимиски и антропонимиски истражувања во Кривопаланечко и нови теренски истражувања во Корчанско, Република Албанија, заедно со раководителот на проектот *Антропонимите во македонското народно творештво,* проф. д-р Марија Коробар-Белчева, научен советник.

Во почетокот на 2010 год., В. Миовска почнува да работи и на два нови проекта: 1) *Речник на топонимите во Воденско* (национален проект) и 2) *Словенскиот суфикс -*ipa во апелативниот и топонимискиот фонд на македонскиот и на словенечкиот јазик. Структурно-семантичка анализа* (билатерален меѓународен проект со Р Словенија), и двата проекта под раководство на проф. д-р Елка Јачева-Улчар. Ексцерпирани се нови материјали за двата проекта, а изработени се локација, фреквенција и етимологија на микротопонимите. Д-р Весна Миовска е вклучена во сите фази на обработка на материјалот.

Во рамките на проектите финансирани од страна на Министерството за култура за заштита на ономастичкиот материјал како духовно културно наследство од највисок национален интерес, В. Миовска пријавува и реализира пет проекти со следниве наслови: *Дигитализација на топонимиски материјал на територијата на Битолско*, во 2012 год., *Дигитализација на топонимиски материјал на територијата на Кривопаланечко*, во 2013 год., *Дигитализација на топонимиски материјал на територијата на Ресенско*, во 2014 год., *Дигитализација на топонимиски материјал на територијата на Кратовско*, во 2018 год. и *Дигитализација на топонимиски материјал на територијата на Кичевско,* во 2019 година. Како што се гледа од насловите, В. Миовска, со својата активност, придонесла за дигитализација и со тоа за заштита на материјалите со топоними од три значајни западни македонски дијалекти и два северни дијалекта.

Во рамките на постдипломските студии *Македонистика со комуникологија,* во организација на ИМЈ „Крсте Мисирков“, д-р Весна Миовска е ангажирана како професор во рамките на задолжителниот предмет Македонски јазичен систем – синхронија и дијахронија, со циклус предавања од областа *антропономастика*. Притоа, д-р Весна Миовска е вклучена во наставата на веќе осум генерации постдипломци во ИМЈ, почнувајќи од учебната 2011/2012 год., па сè до учебната 2019/2020 год., при што таа во повеќе наврати е член на испитната комисија на посочениот задолжителен предмет. Со материјалите што ги предава В. Миовска во рамките на задолжителниот предмет од вториот циклус студии (едногодишни студии), студентите имаат можност за првпат да се запознаат со антропонимискиот систем кај Македонците, начинот на анализа на личните, имиња, презимињата и прекарите, како и видовите поделби што можат да се направат според најсовремените ономастички методи на анализа. Д-р Весна Миовска беше и член на Комисија за одбрана на магистерската теза на Мирјана Велјановска, со наслов: *Говорот на село Рогачево*, одбранета во Институтот во 2017 година, каде што е застапен интересен ономастички материјал, обработен според упатствата на проф. д-р Весна Миовска.

Д-р Весна Миовска во декември 2016 година одржа свое предавање од областа на ономастиката како гостин професор на Катедрата за македонски јазик и книжевност на Универзитетот во Тетово, во рамките на предметот Ономастика, изборен предмет на оваа Катедра.

Д-р Весна Миовска има учествувано со свои реферати на научни собири и на меѓународни научни собири, одржани во Скопје и во Битола, потоа на една Меѓународна

научна конференција одржана во Скопје, како и на две меѓународни ономастички конференции одржани во Олштун и во Гњезно, Република Полска. Освен рефератите од научните собири, свои прилози – статии и прикази таа има објавувано и во списанијата „Македонски јазик“ и „Литературен збор“, како и во Меѓународното славистичко списание „Филолошки студии“.

Во поглед на објавените книги, проекти и трудови, за посочениов период меѓу двата избора треба да се нагласат неколку мошне значајни реализирани активности.

Како најзначајна ќе ја истакнеме монографијата со наслов: *Топонимите во Кривопаланечко,* објавена во 2020 година во издателство на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ и Општина Крива Паланка, како соиздавачи. Трудот, на 300 страници текст, опфаќа детална анализа на целиот топонимиски материјал од Кривопаланечко. Книгата ги обработува ојконимите од овој регион со нивна семантичка и структурна класификација, како и топонимите, обработени главно според структурно-семантичка класификација. *Топонимијата на Кривопаланечко* е монографија која ја обработува речиси комплетната топонимиска граѓа од Кривопаланечкиот Регион, материјал кој е дел од *Картотеката на Одделението за ономастика*, но и збогатен со теренски податоци за кои авторката Весна Миовска престојувала и истражувала и во градот Крива Паланка и во регионот. Со тоа, пред нас добиваме цело богатство од топоними од овој крај (речиси комплетен список на топоними), што е битен податок и за историјата на македонскиот јазик, но и за миграциските движења и влијанија во минатото со оглед на фактот дека регионот на Крива Паланка се наоѓа во североисточниот регион на Македонија, на пограничје со два јазика и народа, и бугарскиот и српскиот. Со тоа, значењето на оваа монографија е повеќестрано, и како научно толкување на топонимите и како историја на македонскиот јазик и на македонскиот народ вградена во топонимите. Во монографијата *Топонимите во Кривопаланечко,* освен класификацијата, д-р Весна Миовска изработила и два речника: *Топономастикон* и *Обратен топономастикон*, со што е овозможено олеснето и практично користење на оваа мошне значајна книга, не само од страна на специјалисти по ономастика, туку од сите оние што сакаат да дознаат нешто повеќе за топонимите од овој регион. Со монографијата *Топонимијата во Кривопаланечко,* авторката Весна Миовска успеала да направи анализа на целото топонимиско богатство на Кривопаланечкиот Регион давајќи издржани, научно поткрепени етимолошки толкувања и различен тип класификации на 52 ојконими и над 3300 топоними. Со тоа, македонската ономастичка наука е збогатена со уште еден темелен научен труд кој претставува сведоштво за доминантно словенскиот карактер на називите со кои народот во минатото ги именувал местата околу себе, но и за линиите на влијанија од другите јазици.

Од објавените научни прилози ќе ги истакнеме следниве: „Патронимиски ојконими во Кривопаланечко“ (2016, стр. 173-183) и „Презимиња од сложенки со глагол и именка во основата“ (2018, стр. 73-79), објавени во списанието *Македонски јазик,* лингвистичко списание со меѓународна редакција, статијата „Топонимиски дублети во Кривопаланечко“ (2014, стр. 554–564), објавена во *Филолошки студии*, исто така списание со меѓународна редакција, три прилози во зборниците од Меѓународната научна конференција „Денови на Благоја Корубин“: „Ономастичките теми во „Јазикот наш денешен“ од Благоја Корубин“ (2014/2016, стр. 220–226), „Етнички презимиња на -ец, (-јанец. -чанец)“ (2015/2016: 87–96), како и „Специфики на презимињата со епентетско Л. Љ“ (2016, 297-304). Д-р Весна Миовска има објавено и статии во зборниците од меѓународните научни конференции што последните пет години се одржуваат редовно во Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“, при што потоа се објавуваат зборници со меѓународна редакција, а сите трудови се рецензирани.

Такви се следниве прилози: „Суфиксни образувања од личното име Константин/Костадин“ („Македонскиот јазик, минато-сегашност-иднина“, Скопје, 2018, стр. 223-228); „Специфики на хипокористиката во Кривопаланечко“ (Меѓународна научна конференција на тема „Мисирков – предизвик на нови проучувања во науката“, Скопје 2016, с. 225–239) и Хипокористиката кај некои христијански имиња присутни во македонската антропонимија. (Меѓународна научна конференција на тема „Македонистиката меѓу традицијата и современите предизвици“. Скопје 2017, с. 325–343). Статија објавена во зборник од меѓународна конференција е и следнава: „Поглед врз презимињата со суфиксите -иќ, -овиќ/-евиќ кај Македонците“, која е презентирана на Меѓународен научен собир на тема „Афирмација, продлабочување и проширување на вековните културни врски меѓу Р Македонија и Р Србија“, (Битола, 2015 г.). Сите наброени статии, секако, покажуваат дека д-р Весна Миовска активно учествувала со свои научни прилози на бројни меѓународни конференции.

Д-р Весна Миовска има објавено и неколку помали статии во списанието *Литературен збор*, статии кои со својата тематика побудуваат интерес, бидејќи во нив се обработени интересни ономастички прашања („Поглед на топонимите во Кривопаланечко“, Литературен збор, год. LVIII, бр. 1–6, с. 45-51.„Суфиксни ‘двоумења’ кај хипокористичните имиња“. Литературен збор, г. LXI, бр. 4-6; „Кон презимињата на –енко“. Литературен збор, г. LXII, бр.4-6, с. 33-39.). В. Миовска со свои прикази, хроники и други кратки осврти се појавува во повеќе лингвистички списанија, пишувајќи за актуелни теми или за лингвисти во областа на македонската ономастика.

Од наведените објавени трудови може да се заклучи дека зад нивната обработка стои сериозен пристап не само во начинот на користење на соодветната ономастичка литература, туку и во длабочината и трпеливоста на обработката на одделните ономастички називи, и од областа на антропонимијата, и од областа на топонимијата. Ако се земе предвид фактот дека кај нас ономастиката е област со најмалку ангажирани научни кадри во моментов, помеѓу другото и заради тежината на материјата што треба да се обработи, ќе се разбере колкаво е значењето на сè што досега има обработено и објавено д-р Весна Миовска, а е поврзано токму со потесното лингвистичко подрачје ономастика.

Во рамките на дополнителните професионални активности во Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“, треба да се наведат следниве ангажмани на Весна Миовска: член на Советот на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ во еден мандат, од 2010 до 2014 година, член на организациски одбор за научна конференција, актуелен член на Редакцискиот одбор на списанието „Македонски јазик“, најзначајно списание од областа на македонската лингвистика со седумдесетгодишна традиција во објавувањето, како и други ангажмани во пописни комисии, средување на материјали во библиотеката на Институтот за македонски јазик, во интерната библиотека на Одделението за македонска ономастика и други слични активности.

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува научноистражувачката и наставно-образовната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Весна Миовска.

Според гореизложеното, Рецензентската комисија му предлага на Советот на ЈНУ Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, да ја прифати оваа рецензија и да ја избере д-р Весна Миовска во највисокото научно звање, научен советник.

Оценка за целокупната активност за избор во звањето научен советник

Научноистражувачка дејност	во земјата	во странство
	поени	
Монографија или научна книга	8	
Дел од лексикографски труд од национално значење (објавени дела од проектите на ИМЈ)	6	
Труд во други списанија или зборници	6	
Труд во зборник на трудови од научен собир	12	
Труд во научно списание со меѓународен уредувачки одбор	18	
Учество на проект	11	6
Приказ/хроника	2	
Учество на меѓународен научен собир со реферат	14	
Одржано предавање по покана од научна институција	2	
Предавање	5	
Член на организациски одбор	1	
Член на редакциски одбор	1	
Член на комисија од научен/стручен карактер	2	
Член на различни комисии	2	
Учество во наставна дејност (втор циклус студии)	4	
Друг придонес во научноистражувачка/стручна дејност	2	
Вкупно:	102	

Рецензентска комисија

Проф. д-р Веселинка Лаброска, научен советник, с.р.
Проф. д-р Марија Коробар-Белчева, научен советник, с.р.
Проф. д-р Елена Јованова-Грујовска, научен советник, с.р.

Р Е Ф Е Р А Т

ЗА ИЗБОРНА ВИШ НАУЧЕН СОРАБОТНИК/ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ВО ОБЛАСТА ИСТОРИЈА НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК ВО ИНСТИТУТОТ ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК „КРСТЕ МИСИРКОВ“ ВО СКОПЈЕ

Советот на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ во Скопје, на својата 69. седница одржана на 31.8.2020 год., нè избра за рецензенти по пријавата на д-р Борче Арсов, н. сор./доцент, на конкурсот за избор на соработник во повисоко научно звање од областа историја на македонскиот јазик во Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“, објавен во дневните весници „Нова Македонија“ (г. LXXV, бр. 25.004) и „Коха“ на 13.8.2020 год.

Во врска со тоа, а врз основа на поднесените документи, го предлагаме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Д-р **Борче Арсов** е роден на 18.9.1984 год. во Белград, Република Србија. Во 2008 год. дипломирал на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на групата македонски јазик и јужнословенски јазици, и се стекнал со звањето дипломиран филолог по македонски јазик и словенечки јазик (просек 9,97). Бил студент на генерацијата 2008 год. Во 2009 год. се запишал на постдипломските студии на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, а во 2011 год. го одбранил својот магистерски труд под наслов „Морфологија на именските зборови во Кониковското евангелие (1852 г.) во споредба со Кулакиското евангелие (1860 г.)“. Во 2012 год. му е одобрена тема за изработка на докторска дисертација под наслов „Постапки на стилизација на морфолошко, зборообразувачко и на лексичко рамниште во Кониковското, Кулакиското и Бобошчанското евангелие (споредби)“ што ја одбранил на 28.5.2015.

Има остварено неколку студиски престои во Словенија (2004 и 2006 год.), Србија (2007 год.) и во Австрија (2011 год.).

Според поднесените документи, има познавање од следниве странски јазици: словенечки (C2), англиски (C2), српски (C2) и француски (C1), има познавање на компјутерски програми и интернет-алатки, MS Office™ (Word™, Excel™, PowerPoint™), Zoom, Canvas, Google Doc, Skype.

Од 2006 до 2010 год. бил вработен како кореспондент за словенечки, српски, хрватски и англиски јазик во компанијата Евроансер – Скопје. Во 2007 год. бил ангажиран како демонстратор по предметот Современ македонски јазик 2 на групата по новинарство на Правниот факултет „Јустинијан Први“, од 2007 до 2010 год. како демонстратор по предметите: Историска граматика на македонскиот јазик, Историја на македонскиот јазик, Развој на македонскиот писмен јазик, Современ македонски јазик и Граматика на македонскиот јазик, а во 2008 год. и како лектор по македонски јазик за странци на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“.

Од 2008 до 2009 год. работел како професор по словенечки јазик во приватното училиште за странски јазици „Македонски и славистички јазичен центар“ – Скопје. Од 2010 до 2015 год. бил координатор на група во компанијата Евроансер – Скопје.

Од 2009 до 2015 год. бил ангажиран како демонстратор по предметите Современ македонски јазик 1, 2 и 3, Македонски јазик и новинарска стилистика и Македонски јазик и стилистика на групите по Новинарство и по Односи со

јавноста на Правниот факултет „Јустинијан Први“ на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, а од 2010 до 2011 год. како демонстратор по предметот Фонетика и лингвистика на групата по логопедија на Медицинскиот факултет во Скопје на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“.

Од октомври 2015 год. до август 2018 бил лектор по македонски јазик во Париз.

Исто така, Арсов бил лектор/професор/инструктор по македонски јазик на летната програма на Центарот за критични јазици при Државниот универзитет на Аризона, САД (27 мај – 12 јули 2019; 26 мај – 10 јули 2020), лектор по македонски јазик на 50., 51., 52 и 53. Летна школа по македонски јазик, литература и култура во Охрид (17 јуни – 2 јули 2017, 16 јуни – 1 јули 2018, 4 – 23 август 2019, 16 август – 3 септември 2020). Тој е стручњак од практиката од областа историја на македонскиот јазик. Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје (од јануари 2019).

Арсов учествувал во работата на меѓународниот научноистражувачки проект *Кониковско евангелие – The Konikovo Gospel* (финско-македонски проект), во проектот *Јазикот на електронските медиуми на национално ниво во РМ* (проект на Советот за радиодифузија на РМ), како и во други проекти, а од вработувањето во Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ е ангажиран на проектот *Речник на црковнословенскиот јазик од македонска редакција* со дигитализација на текстот на Македонското евангелие на поп Јован, паралелно проследувајќи го неговиот однос кон другите македонски евангелски текстови што се користат како извори за работата на проектот; со консултирање на научната литература за јазикот на македонските црковнословенски текстови, како и за историјата на македонскиот јазик од различни аспекти.

Во врска со издавачката дејност, Арсов е коавтор на монографијата *The Konikovo Gospel / Кониковско евангелие Bibl. Patr. Alex. 268*, The Finnish Society of Sciences and Letters, Helsinki/Хелсинки 2008 (ред. Јоуко Линдстет, Људмил Спасов, Јухани Нуорлуото), а автор е на монографијата *Јазикот на првите преводи на Новиот завет на современ македонски јазик напишани со грчко писмо* (Пагома прес и Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје 2019). Во изданието се проследуваат постапките на стилизација на морфолошко, зборообразувачко и лексичко рамниште во Кониковското, Кулакиското и во Бобошчанското евангелие, кои претставуваат преводи на изборни неделни евангелија (апракоси) на македонски народен јазик (со помала или поголема авторска стилизација) и се напишани со грчко писмо (алфавит).

Тој ги има објавено, самостојно и во коавторство, и следниве научни трудови:

Врски меѓу Кониковското евангелие и еницевардарскиот говор, *Реферати од Меѓународниот македонистички собир,* Филолошки факултет „Блаже Конески“, Скопје 2010, 167–175 (коавторство со М. Каранфиловски, Љ. Спасов);

Споредба на морфолошки и лексички план на неколку примери од Кониковското и Кулакиското евангелие, *Зборник на трудови од Шестиот научен собир на млади македонисти*, Филолошки факултет „Блаже Конески“, Скопје 2010, 105–122;

Јазикот на електронските медиуми на национално ниво во Република Македонија – Фонетско-фонолошко (функционално) рамниште; правопис и правоговор, *Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први“*, т. 44–46, Скопје 2010, 61–76 (коавторство со Љ. Спасов, К. Митиќ);

Македонскиот јазик и македонскиот идентитет, *Зборник на трудови од научниот собир „Стандарднојазичната норма и македонскиот јазик. Јазикот и идентитетот“*, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје 2011, 27–35 (коавторство со Љ. Спасов, А. Спасов);

Паралели во однос на усвојувањето на директниот и на индиректниот предмет меѓу словенечкиот резиски дијалект и некои македонски периферни дијалекти, *Зборник на трудови од Седмиот научен собир на млади македонисти*, Филолошки факултет „Блаже Конески“, Скопје 2016, 11–21;

Бележењето на редукцијата на неакцентираните вокали во Кулакиското и во Трлиското евангелие во споредба со Кониковското евангелие, *Зборник на трудови од Осмиот научен собир на млади македонисти*, Филолошки факултет „Блаже Конески“, Скопје 2016, 13–26;

Јазикот и идентитетот – истражување на современото гледиште спроведено врз примерот на тројца зборувачи на македонскиот јазик од Бобошчица (Boboshticë) и од Шестево (Sidirochori), *Зборник во чест на проф. д-р Радмила Угринова-Скаловска по повод деведесетгодишнината од раѓањето*, Филолошки факултет „Блаже Конески“, Скопје 2016, 219–229;

On some lexical archaisms in the Boboshtica Gospel and the Boboshtica dialect, *Slavica helsingiensia* 49. *In Search of the Center and Periphery: Linguistic Attitudes, Minorities, and Landscapes in the Central Balkans*, University of Helsinki, Helsinki 2016, 125–136;

Стилизацијата во насока кон проширување на дијалектната база во Кониковското, Кулакиското и во Бобошчанското евангелие. Во *Med didaktiko slovenskega jezika in poezijo : ob 80-letnici Jožeta Lipnika. Marko Jesenšek* (ur.), Univerzitetna založba Univerze v Mariboru, Maribor 2017, 315–327;

Стилизацијата во насока кон повисок (библиски) стил во Кониковското, Кулакиското и во Бобошчанското евангелие. *Македонски јазик LXIX*, Скопје 2018, 51–63;

Odjeci Deklaracije o nazivu i položaju hrvatskog književnog jezika u SR Makedoniji, *Zbornik radova s Međunarodnoga znanstvenog skupa Zadarski filološki dani 7 održanoga u Zadru i Biogradu na Moru 22. i 23. rujna 2017,* Sveučilište u Zadru, Zadar 2019, 79–94 (коавторство Lj. Spasov, I. Dvrošćak);

Споредбен преглед на сврзниците во преводите на Новиот завет на современ македонски јазик напишани со грчко писмо. Во *Филолошки студии/Philological studies*, Том 17, бр. 1, Скопје 2019, 102–123 https://journals.ukim.mk/index.php/philologicalstudies/article/view/221/152 (пристапено на 1.11.2019 г.).

Именувањето на Исус Христос во преводите на Новиот завет на современ македонски јазик од втората половина на 19 в., *Зборник на трудови од Меѓународната научна конференција „Јазикот и културата – состојби и предизвици“*. Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје 2019, 17–29;

Лекторатот по македонски јазик во Париз, Република Франција – искуства, состојби, перспективи. *Зборник на трудови од Меѓународната научна конференција „Унапредување на статусот и корпусот на македонскиот стандарден јазик – Рацин и македонскиот јазик“* (Велес, 14 – 15 јуни 2018 г.), Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје 2019, 99–112;

Зошто стилизација? (Павел Божигропски како *втората рака* во Кониковското евангелие). *Зборник на трудови од XLVI меѓународна научна конференција на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и*

култура. (Охрид, 23 – 24 август 2019 г.). Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје 2020, 263–278;

прикази:

„The Konikovo Gospel / Кониковско евангелие Bibl. Patr. Alex. 268“, *Годишен зборник, кн. 36*, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“. Филолошки факултет „Блаже Конески“, Скопје 2010, 491–494;

Rosanna Benacchio: Вид и категория вежливости в славянском императиве. Otto Sagner, München — Berlin 2010, *Македонски јазик LXII*, Скопје 2011, 198–199 (коавторство Љ. Спасов);

Поглед во минатото: Избрани теми од историјата на македонскиот писмен јазик; A historical survey of the Macedonian written language (Људмил Спасов, Пагома, Скопје 2018), *Македонски јазик LXIX*, Скопје 2018, 201–204;

хроники:

VII научен собир на млади македонисти (14.10. – 16.10.2010), *Годишен зборник, кн. 36*, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“. Филолошки факултет „Блаже Конески“, Скопје, 525–524;

Отворени денови на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје (5 – 9 ноември 2018 г.). *Македонски јазик LXIX*, Скопје 2018, 235–236;

Отворени денови на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје (5 – 9 ноември 2018 г.). Во: *Универзитетски весник*, број 208, ноември 2018, Скопје 2018, 12–14;

LII летна школа (Охрид, 4 – 23 август 2019 г.) и XLVI Меѓународна научна конференција – лингвистика (Охрид, 23 – 24 август 2019 г.) на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура, *Македонски јазик LXX*, Скопје 2019, 183–186;

Отворени денови на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје (11 – 15 ноември 2019 г.), *Македонски јазик LXX*, Скопје 2019, 189–191;

Македонскиот јазик на Државниот универзитет во Аризона, Темпи, САД, *Универзитетски весник*, број 216, јули 2019, Скопје 2019, 6–7.

Арсов учествувал на повеќе научни собири, на пр. *Меѓународен македонистички собир* (29 – 31 август 2008), *Шести научен собир на млади македонисти* (18 – 20 декември, 2008), *Научен собир „Стандарднојазичната норма и македонскиот јазик. Јазикот и идентитетот“* (15 април 2010), *Седми научен собир на млади македонисти* (14 – 16 октомври 2010), *Осми научен собир на млади македонисти* (16 – 18 мај 2013), *Međunarodni znanstveni skup „Zadarski filološki dani 7“* (22 – 23 септември 2017), *Меѓународен научен собир „Фолклор – традиција – јазик“* (17 – 18 мај 2018), *Меѓународна научна конференција „Унапредување на статусот и корпусот на македонскиот стандарден јазик – Рацин и македонскиот јазик“* (14 – 15 јуни 2018), *Меѓународна научна конференција „Јазикот и културата – состојби и предизвици“* (6 – 7 ноември 2018); *Меѓународен научен собир „Денови на Благоја Корубин 2019“* (27 – 28 мај 2019); *46. Научна конференција на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура* (23 – 24 август 2019); *Меѓународна научна конференција „Македонскиот јазик – извор на филолошки и на културолошки истражувања“* (13 – 14 ноември 2019).

Арсов бил координатор на лингвистичката секција на XLVI меѓународна научна конференција на *Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура* (23 – 24 август 2019 г.) и член на меѓународниот редакциски одбор во *Зборникот на трудови* од XLVI меѓународна научна конференција на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура (Скопје 2020).

Тој бил секретар на манифестацијата *Отворени денови на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“* во 2018 г. (5 – 9.11.2018 г.), во 2019 г. (11 – 15.11.2019 г.); промотор на „Кониковското евангелие“ на Факултетот за странски јазици и литература при Универзитетот во Букурешт, Романија, на *Зборникот на трудови од Четвртата студентска филолошка конференција „Како си ми?“* (14.4.2018) и на *Зборникот на трудови од Деветтиот научен собир на млади македонисти,* на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ – Скопје; на книгата *„Поезија и проза од мојот крај (Долна Преспа, Република Албанија)“ од Крисанта Јанкула* (ред.: Љ. Спасов, Б. Арсов, Филолошки факултет „Блаже Конески“ Скопје 2009) во Корча, Р Албанија (29.11.2018); на книгата *„Поглед во минатото: Избрани теми од историјата на македонскиот писмен јазик; A historical survey of the Macedonian written language“ од Људмил Спасов,* во Небрегово (10.5.2019), а исто така бил гостин во повеќе радио-телевизиски емисии.

Заклучок и предлог

Врз основа на изнесените резултати од научноистражувачката дејност, од образовната дејност, од лекторските, организациските и другите активности поврзани со работата во Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“, може да се согледа дека д-р Борче Арсов ги исполнува условите за избор во звањето за кое конкурира. Објавените научни и стручни трудови, самостојно и во коавторство, го потврдуваат неговиот интерес за дијахрониските истражувања на македонскиот јазик, што преку неговата работа би придонеле за расветлување на одделни прашања од историскиот развој на македонскиот јазик. Преку неговата ангажираност на проектите, во организациските, редакциските и др. одбори доаѓаат до израз способноста за тимска работа и напорите да биде вклучен во сите активности што придонесуваат во афирмацијата на македонскиот јазик.

Според гореизнесеното, оценувајќи ги позитивно досегашните резултати, со задоволство му препорачуваме на Советот на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“, д-р **Борче Арсов** да биде избран во звањето **виш научен соработник/вонреден професор** во Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје.

Оценка за целокупната активност
за избор во в. н. сор./вонр. проф.

Научноистражувачка дејност	во земјата	во странство
	поени	
Дел од монографија или научна книга	8	6
Труд во лингвистички списанија со меѓународен уредувачки одбор	14	6
Труд во зборник на трудови од научен собир	27	
Учество на проект	6	3
Приказ/хроника	8	
Учество на меѓународен научен собир со реферат	33	6
Лектор по македонски јазик на Меѓународниот семинар за македонски јазик / во странство	4	4
Предавање	2	
Одбранет магистерски труд	5	
Одбранета докторска дисертација	8	
Член на организациски одбор / координатор на научна конференција	7	
Член на редакциски одбор	3	
Стручен превод, книга/статија	4	
Објавени текстови, колумни, ставови и мислења во дневен печат	4	
Учество во наставна дејност	6	
Промоција на научен труд/зборник	4	
Друг придонес во научноистражувачка/стручна дејност	5	
Вкупно:	173	

Рецензентска комисија
Д-р Лилјана Макаријоска, н. сов./ред. проф., с.р.
Д-р Људмил Спасов, ред. проф., с.р.
Д-р Катица Трајкова, н. сов./ред. проф., с.р.